**УНИВЕРЗИТЕТ „ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ “**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

**Институт за педагогија**

**Постдипломски студии по**

**Менаџмент во образованието**

# МЕНАЏИРАЊЕ СО ИНФОРМАЦИСКО-КОМУНИКАЦИСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА ВО НАСТАВАТА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**- магистерски труд -**

Ментор:

Проф. д-р Вера Стојановска

Кандидат:

Емилија Стојановска

Индекс 3761

Скопје, 2022

**АПСТРАКТ**

Креативното користење на информациско-комуникациската технологија во образованието е предуслов за успех на процесот на наставата и учењето на 21-виот век. Ова истражување се фокусира на **менаџирање** со ИКТ во наставата по англиски јазик во основните училишта односно, идентификување на тековната состојба преку испитување, анализирање и обработка на ставовите на наставниците по англиски јазик во однос на нивните лични менаџерски способности за успешна реализација на ваков тип на час; ставовите на учениците по прашање на доверба кон наставниците за лесно управување со актуелната технологија и се разбира, мислењето на директорите и нивните ставови во правец на технолошки поткрепена настава по англиски јазик. Освен што се утврдува дека голем процент на наставата по англиски јазик во основното образование се реализира со имплементација на ИКТ, поминувајќи низ призма на менаџментските функции применети во наставниот процес, добиените одговори од испитаниците се во прилог на тоа дека наставниците по англиски јазик поседуваат компетенции за успешно менаџирање на наставен час со примена на ИКТ. Клучни зборови: менаџмент, ИКТ, англиски јазик, основно образование

**ABSTRACT**

Creative use of information and communication technology in education is a prerequisite for the successful teaching and learning process of the 21st century. This research focuses on ICT management in English language teaching in primary schools, ie, identifying the current situation by examining, analyzing and processing the attitudes of the English teachers regarding their personal managerial abilities for successful realization of this type of class; the students' trust issue in English teachers easy management with current technology and of course, the opinion of principals and their views towards technology-enhanced English language teaching. Apart from the fact that it has been determined that a large percentage of English language classes in primary education are realized with ICT implementation, going through the prism of management functions applied in the teaching process, the answers received from the respondents are in favour of English language teachers having competencies for successful management of applying ICT in their classroom. Keywords: management, ICT, English language, primary education

## СОДРЖИНА

Вовед 6

I Дел 10
Теоретски пристап кон проблемот на истражувањето

1. Општ пристап кон проблемот на истражување 10

1.1 Образовен менаџмент 10

1.2 Дефинирање на компјутерска, информатичка и дигитална писменост 12

1.3 Основни фактори за ефективна имплементација на ИКТ во воспитно-образовниот процес 13

1.3.1 Наставници 13

1.3.2 Директори 14

1.3.3 Ученици 16

1.3.4 Наставни планови, програми и техничко-технолошката инфраструктура 17

1.4 Информациско-комуникациска технологија во изучување на англискиот јазик 20

2. Дефинирање на проблемот 20

2.1 Гледано низ развоен објектив 21

2.2 Основни алатки од ИКТ значајни за наставата по англиски јазик 28

2.3 Примена на ИКТ во наставата по англиски јазик во РСМ 33

2.4 Образование во светот во услови на пандемија со COVID19 34

2.5 Образование во пандемски услови во РС Македонија 35

3. Релевантни истражувања 37

3.1 Истражувања во некои држави во светот 40

3.2 Истражувања спроведени во РС Македонија 46

II Дел 48
Методологија на истражувањето

1. Предмет на истражувањето 48

2. Цели и карактер на истражувањето 49

3. Задачи на истражувањето 50

4. Хипотези на истражувањето 51

5. Варијабли на истражувањето 52

6. Методи и техники на истражувањето 53

7. Популација и примерок на истражувањето 56

8. Статистичка обработка на податоците 60

9. Организација и тек на истражувањето 60

10. Етика на реализираното истражување 61

III Дел 61
Резултати од истражувањето и дискусија

1. Дескриптивна анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето 61

1.1 Табеларен и графички приказ на одговорите на прашалникот за учениците 62

1.1.1 Дескриптивна анализа на одговорите на учениците 66

1.2 Табеларен и графички приказ на одговорите на прашалникот за наставниците 67

1.2.1 Дескриптивна анализа на одговорите на наставниците 85

1.3 Табеларен и графички приказ на одговорите на прашалникот за директори 87

1.3.1 Дескриптивна анализа на одговорите на директорите 94

1.4 Проверка на посебните хипотези бр.1, 2 и 3 со соодветните подхипотези 96

1.5 Проверка на поставената главна хипотеза 109

IV Дел
Заклучни сознанија и констатации 119

Литература 124

Прилози 141

Прилог1: Прашалник за ученици 138

Прилог2: Прашалник за наставници 141

Прилог3: Прашалник за директори 148

# Вовед

*„ Технологијата треба да е во секоја училница и во рацете на сите ученици и наставници, таа е пенкало и хартија на денешницата но, и леќа низ која го доживуваме поголемиот дел од светот.“*

*David Warlick – автор, едукатор и програмер*

Модерната технологија е присутна во сите сфери на човековото живеење, па така и образованието како една од нив не останува изолирано и имуно на најновите технолошки достигнувања. Иновациите во информациско комуникациската технологија (или ИКТ[1] – во натамошниот текст) стануваат интегрален и лесно прифатлив дел во секојдневието на современиот човек. Технологијата добива на важност, а таквиот тренд наметнува потреба од зголемен степен на технолошка писменост како предуслов за подобрување на социјално-економскиот и личниот статус на индивидуата. Креативното користење на ИКТ во образованието има огромен потенцијал за подобрување на процесот на наставата и учењето. Во тој контекст, наставникот добива можност за проширување на сопствените педагошки методи, стратегии, пристапи и пракси искористувајќи ги потенцијалите на ваквата технологија со крајна цел – ефективна настава.

ИКТ опфаќа широк опсег на техничко-технолошки единици како компјутери, компјутерски мрежи, Интернет и интранет, периферни самостојни единици: ДВД-а, ЦД-а, ДВД и ЦД плеери, проектори, електронски и интерактивни табли, таблети, мобилни смарт телефони, едукативни софтвери, видео конференции, учење на далечина и многу други мултимедијални помагала за подучување на учениците (Livingstone, 2012). Идејата да се користи било која форма на ИКТ во наставниот процес подразбира не само познавање на понудата од новите технологии и нивните можности туку и менаџерски вештини во делот на поставување и справување со новонастанатата наставна атмосфера. (Mueller at al., 2008) Група истражувачи сметаат дека општиот педагошки пристап на

---

[1] ИКТ или ICT – Information Communication Technology , кратенка првпат официјално употребена во извештај доставен до Владата на Обединетото Кралство од страна на Dennis Stevenson

наставникот треба да кореспондира со карактеристиките на ИКТ со цел нејзино успешно интегрирање во наставниот процес (Zhao, Pugh, Sheldon, & Byers, 2002).

Имплементирањето на ИКТ во курикулумот на основното образование е образовна реформа која бара добра подлога, што подразбира обезбедување на високо-квалитетни техничко-технолошки услови во училиштата како и зголемени можности за професионален развој на наставниците во правец на правилно користење на технологијата за образовни цели.

Националните програми за развој на образованието, законски регулирани акти во насока на рано изучување на странски јазик и имплементација на ИКТ во наставниот процес како и многу реформски ориентирани образовни проекти овозможија доближување на образованието на Република Северна Македонија до она на современите развиени земји во Европа.

Гореспоменатите измени освен што донесоа предизвици пред наставниците по англиски јазик во поглед на методи и техники за рано изучување на странски јазик, истите бараа вештини за идентификување и интегрирање на едукативни електронски содржини соодветни на возраста на учениците. Кај наставниците беше поттикната нивната кретивност со мотив плус за изнаоѓање на нови начини за интегрирање на комјутеризиран уред во наставата (или CALT/CALL[2] - во натамошниот текст) со цел успешно третирање на сите аспекти на изучување на странски јазик.

Овој проект на истражување покрива само мал дел од процесот CALT, фокусирајќи се на **менаџирање** при актуелна примена на: општи апликации, готови едукативни софтвери, софтвери за самостојно генерирање на наставни помагала, електронски и online часови и тестови, видеа, видео игри и друго, согласно наставната програма за предметот англиски јазик во основно образование. Воедно, ги утврдува компенециите, искуствата и ставовите на наставниците по англиски јазик по ова прашање, ставовите и организационите ангажмани на менаџерите на училиштата за користење на можностите на новите технологии, училишната политика и техничко-технолошката екипираност во основните училишта и најпосле, ставовите и мислењата на учениците за современите методи на настава по англиски јазик.

[2] CALT/CALL – Computer Assisted Language Teaching / Learning

Значењето на информациско-комуникациската технологија особено дојде до израз во последните две години кога целиот свет се соочи со здравствената криза и апсолутно неочекуваниот „ lockdown”. Степенот на равој и одржливост на потребната инфраструктура за непречено користење на ИКТ во образовниот процес како и индивидуалните вештини на наставниот кадар одеднаш дојде под лупа на евалуација и критика.

За време на изработка на ова истражување, поради наметнатата потреба од вонредни пандемски услови на работа, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, Државниот просветен инспекторат и Државниот испитен центар, во соработка со УСАИД, УНИЦЕФ, МЦГО[3], наставници од основните училишта, средните училишта и високо образовните установи во земјата, како и повеќе експерти од областа на образованието и ИКТ сферата, изготвија Концепт за развивање систем за образование од далечина во основните и во средните училишта во Република Северна Македонија. Основа на системот е воспоставувањето на национална платформа за основно и за средно образование, која нема да се користи само во услови на криза, елементарни непогоди или вонредни состојби, туку ќе се користи и во секојдневната работа на училиштата. Согласно планот за активности, предвидени се обуки за наставниците и стручните служби со осврт на педагошкиот аспект на наставата на далечина.

Овој магистерски труд се состои од 4 главни поглавја. Првото поглавје го опфаќа теоретскиот пристап на проблемот како и краток осврт на релеванти претходни истражувања во некои земји во светот, слични истражувања во Република Северна Македонија и состојбата на примена на ИКТ во образовниот процес во вонредни пандемски услови. Поглавјето II обезбедува детални информации за користените методи, инструменти и техники за собирање и обработка на податоците, информации за популациониот примерок, како и оправданоста и валидноста на резултатите. Преку табели и графикони во третото поглавје се презентирани резултатите од статистичките анализи како и

[3] УСАИД ( USAID) – United States Agency for International Development
УНИЦЕФ (UNICEF)- United Nations International Children’s Emergency Fund
МЦГО – Македонски центар за граѓанско образование

дискусијата на истите. Во последното, поглавје IV, се изнесени заклучните сознанија и констатации во контекст на надминување на увидените тековни пречки за остварување на настава која би била во чекор со современите Европски наставни трендови.

# I Дел Теоретски пристап кон проблемот на истражувањето

*„Ако ги поучуваме децата денес на истиот начин како вчера - им ја крадеме иднината“*

*John Dewey*

**В**о овој дел од трудот потенцирани се користените теоретските рамки и перспективи земени како теоретски контекст во кој е лоциран проблемот на истражувањето. Битни научни факти, релевантни за проблемот, се истакнати, парафразирани или цитирани од веќе објавени научни трудови и естаблирани теории.

## 1. Општ пристап кон проблемот на истражување

### 1.1 Образовен менаџмент

**О**бразовниот менаџмент претставува комплекс на функции кои во еден организациски систем е задолжен за дефинирање на целите и водење кон остварување на тие цели (Гоцевски, 2007, 19). Во поширока смисла на зборот, тој го опфаќа управувањето и раководењето во целокупната воспитно-образовна дејност; додека во потесна смисла на зборот училишниот менаџмент го опфаќа раководењето во одредена воспитно-образовната установа (Kiss,2020,4). Образовниот менаџмент во воспитно-образовната установа ги опфаќа следниве функции: планирање, организирање, координирање, мотивирање и контролирање. Менаџерот е личност која остварува резултати преку работата на своите соработници и партнери, индивидуално или колективно во сложени услови и постојани промени и неизвености (Петковски-Пеливанова, 2009, 62). Сите чинители на образовните процеси во фокусот треба да ја имаат добросостојбата на учениците. Образованието треба да овозможи континуирано развивање на следниве клучни компетенции:

- да се учи како да се учи, иновативност и претприемништво, граѓанска и општествена одговорност;
- културна свесност и изразување, истовремено со клучните компетенции за комуникација на мајчин и странски јазик, математика, природни науки и технологија и дигиталната компетенција (Стратегија за образование за 2018-2025, 19).

Во контекст на наведеното е и визијата ставена во Стратегијата за образованието за 2018-2025 година, преку заложбата да се обезбеди сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование насочено кон ученикот, со современи програми што овозможуваат идните генерации да се стекнат со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на демократското мултикултурно општество, пазарот на трудот и новите предизвици во глобалниот научно-технолошки амбиент ( 8).

Во поглед на примената на ИКТ во наставата, како и нејзиното влијание на мотивацијата и постигнувањата кај учениците повеќето релевантни истражувања во светот ги потврдиле следниве индикатори (показатели):

- видно зголемено внимание со активирање на сите сетила;
- поттикнување на индивидуалните потреби и мотиви кај учениците во смисла на напредување соодветно на нивните предзнаења и интересирања;
- можност за активно учење на различни начини преку современата ИКТ;
- објективно и навремено вреднување преку примената на ИКТ во наставата (учениците се повеќе мотивирани, часовите со ИКТ им се поинтересни и покреативни, а воедно и поголема е соработката во групната воспитно-образовна работа, побрзо и полесно научуваат, и се видно поактивни на часовите кога се применуваат современи форми и модули на ИКТ). [4]

Впрочем, важноста на ИКТ за воспитно-образовниот процес беше нагласена и во извештаите на Европската комисија во 2008 година како видно осовременување и освежување во функција на зголемен интерес и мотивација особено кај учениците. Во тој контекст, посебно беа истакнати следниве две цели:

---

[4] *http://www.jonatan.be/academie/english/*

- современ концепт на Е-учење и учење на далечина;
- развој на дигитални современи образовни содржини прилагодени на потребите на информатичкото општество кое во последниве години доживува експанзија.

## 1.2 Дефинирање на компјутерска, информатичка и дигитална писменост

*„ Технологијата е само алатка. Да ги натера децата да работат заедно и да ги мотивира, може само наставникот“*
*Bill Gates – основач на Microsoft*

*Компјутерската писменост* подразбира способност да се користи компјутерот или сродната технологија ефективно, што подразбира широк ранг на вештини кои вклучуваат нивоа од поседување на основни компјутерски вештини, преку програмирање до решавање на напредни проблеми. (Димовски, и др., 2019, 39). Употребена во наставниот процес таа треба да е во согласност со Блумовата таксономија, според која целите на наставата треба да ги опфаќаат трите подрачја: когнитивно, психомоторно и афективно. Тоа значи дека наставата со примена на ИКТ не се сфаќа само како предавање на знаења практикувано често во традиционална смисла, туку како систем од активности на наставникот и учениците во кои тие како активни чинители учествуваат во процесот на учење кои треба да резултираат со позитивна развојна промена кај личноста на поучуваниот.

*Информатичката писменост* претставува способност за примена на информациска технологија во различни намени: писмена, усна, „on-line“ и „off-line“ комуникација, пронаоѓање, евалуирање и критичко интерпретирање на податоци и информации од интернет сајтовите. Информатичката писменост е нов збир на знаења и вештини кои денес се сметаат за фундамент на перманентното доживотно образование вградено во сите стратешки документи на националните просветни политики на ЕУ и сите понапредни земји во светот во сферата на едукацијата, како релевантна форма на описменување за нови знаења во 21-от век. Во тој контекст, ИКТ е во функција на креирање на знаења и во решавање на

реални проблеми. Исто така: „ИКТ може да им помогне на учениците да соработуваат помеѓу себе на начини кои претходно биле невозможни, или да комуницираат преку нови медиуми“ [5].

*Дигиталната писменост* претставува комбинација на знаења, вештини, способности и ставови, како и оспособеност (дигитална компетенција) за сигурна и критичка употреба на ИКТ за ефективна работа и комуникација во индивидуалниот и општествениот живот. Како темел на културата на учењето, дигиталната компетенција ги опфаќа следниве показатели: критичко мислење, решавање на проблеми, иницијативност, креативност, процена на ризик, одлучување и конструктивно управување со емоциите. (Кнежевиќ, 2020, 11).

## 1.3 Основни фактори за ефектива имплементација на ИКТ во воспитно-образовниот процес

### 1.3.1 Наставници

Преку неминовната и неопходна примена на ИКТ, наставникот треба да го мотивира ученикот во континуиран развој на неговите компетенции и знаења во процесот на активното учење. Во тој контекст: „наставникот е само пренесувач на знаења, оценувач, соработник и водител во воспитно-образовниот процес, организатор, креатор, планер, истражувач, иноватор, како и дијагностичар на евентуалниот неуспех и прогнозер во остварувањето на замислените едукативни цели (Кнежевиќ, 2020, 6). Во денешното современо образование наставникот ја губи улогата на главен извор на информации, но ја добива улогата на медијатор и насочувач применувајќи ја доследно Блумовата таксономија (Маниќ, 2016, 24). Во контекст на наведеното, во Национална стратегија за развој на Е-содржини 2010-2015 на Министерстовто за информатичко општество на РСМ се вели: „Наставниците се вклучуваат во професионалниот раст и лидерство, демонстрирајќи вештини за лидерство и технологија кои придонесуваат кон

[5] *https://semosedu.com.mk/*

ефективноста, виталноста и афирмацијата на својата професија, како во училиштето, така и во заедницата (33).




Слика 1 Извор: The Socio-educational Model (Modified from Gardner 2005:6)

Според проектот за професионален и кариерен развој на наставниците од страна на USAID и Македонскиот центар за граѓанско образование, основните компетенции кои ги дефинираат наставниците се: нивните професионални вредности ( кои се очекува да ги поседува и почитува секој наставник/стручен соработник), професионалните знаења и вештини (кои се очекува да се стекнат во текот на образованието за наставник/стручен соработник, во текот на приправничкиот стаж и првите години од воспитно-образовната работа и примери на активности на професионален ангажман ( кои ја илустрираат наставната практика и може да се користат за (само)оценување на истата (УСАИД и Македонски центар за граѓанско образование, 2015, 5).

### 1.3.2 Директори

Современото училиште неминовно ја наметна потребата од нов тип на директори-менаџери како вистински лидери, способни да ја реализираат мисијата и визијата на училиштето. Директорот е клучниот фактор за ефикасна работа во воспитно-образовната институција (Николовска, 2013: 4).

Улогата на лидерите во образовниот систем е да создадат училишна клима во која ќе биде воспоставена корелативна поврзаност помеѓу наставниците, учениците и родителите. Во стручната литература постојат следниве 5 (пет) релевантни карактеристики кои треба да ги поседува секој успешен директор-менаџер:

- Стручна (високиот степен на стручност на директорот го афирмира и училиштето, но и ја зајакнува довербата кон него од страна на вработените);
- Кадролошка (развиени комуникациски вештини во воспоставување на здрава хармонична организациска култура во училиштето);
- Едукативна (активности на директорот во континуирано и перманентно обучување на наставниот кадар во училиштето);
- Симболичка (воспоставување на демократски односи со јавноста во функција на видно подобрување на имиџот на училиштетот);
- Културолошка (развиена и препознатлива организациска и општа култура со доследен педагошки такт кон сите варботени во воспитно-образовната установа[6]

Mathis и Jacson во нивното дело Human Resours Management зборуваат за лекции што треба менаџерите да ги научат.

- *Поставување на агенди:* Развивање техничко и деловно знаење, превземање одговорност, поставување цели
- *Справување со односи*: Успешно справување со луѓе
- *Управувачки вредности:* Разбирање на успешното менаџерско однесување
- *Лични квалитети:* Да се има потребен темперамент за справување со хаосот и двозначноста на врвните менаџери
- *Самосвест:* Разбирање на себеси и на кој начин некој влијае врз останатите. (Mathis & Jackson, 2010,311).

---

[6] *www.sagepub.com/upm-data/11217*

### 1.3.3 Ученици

Во современата настава колективното образование се заменува со индивидуално образование, во кое ученикот се афирмира како активен истражувач кој доаѓа до знаења со виден истражувачки и интелектуален напор. Притоа во фокусот на воспитно-образовната работа е нагласена улогата на оној кој учи те. ученикот, а не на оној кој подучува, односно, наставникот.[7]

Правилната употреба на ИКТ е во функција на креирање на знаења кај учениците со цел самостојно да создаваат, анализираат, евалуираат знаења и да решаваат реални проблеми. Исто така, ИКТ може да им помогне на учениците да соработуваат помеѓу себе на начини кои претходно биле невозможни и да комуницираат преку нови медиуми[8]. Во тој контекст, во Стратегијата на Министерството за информатичко општство на РСМ се нагласени следниве очекувања од воведувањето на електронските содржини кај учениците: (Национална стратегија за развој на Е-содржини 2010-2015, 2010, 5).

- стимулирање на интересот кај учениците кој не може да се постигне со традиционални содржини:
- зголемена мотивација на ученикот за учење;
- олеснување во совладувањето на определени материјали, наставни содржини кои се тешки за совлдување;
- зголемување на компјутерската писменост и кај учениците и кај наставниците...

Од особена важност за учениците во процесот на активното учење се дигиталните наставни содржини кои имаат за цел: (Национална стратегија за развој на Е-содржини 2010-2015, 2010,7).

- да го стимулираат интересот на ученикот за наставниот предмет;
- да му помогнат на ученикот полесно да ги запамети фактите кои се однесуваат на наставниот материјал;
- да му помогнат на ученикот да го најде полето на примена на стекнатото знаење, и да побудат желба за самостојна работа и истражување.

---

7 http://www.pcskolarac.info/2018/10
8 https://semosedu.com.mk/

### 1.3.4 Наставни планови и програми и техничко-технолошка инфраструктура

Во функција на почетното изучување на ИКТ на учениците во основното образование во РС Македонија, со цел учениците да се стекнат со основна информатичка писменост и култура, се воведени следниве нови наставни предмети: работа со компјутер и основи на програмирањето во III и IV одделение како задолжителен предмет; иновации во 9-то одделение како задолжителен предмет; информатика во VI и VII одделение како задолжителен предмет и во VIII и IX одделение како изборен предмет со можност за избор од страна на учениците на предметите: Проекти од информатика и Програмирање (Стратегија за образование за 2018-2025,34).

Имплементирањето на ИКТ во курикулумот на основното образование е образовна реформа која бара добра подлога, што подразбира обезбедување на високо-квалитетни техничко-технолошки услови во училиштата како и зголемени можности за професионален развој на наставниците во правец на правилно користење на технологијата за образовни цели.

Националната програма за развој на образованието 2005-2015, Националните стратегии за развој на информатичко општество, Концепција за 9-годишно основно воспитание и образование, Стратегија на образованието 2018-2025 меѓу последните документи од оваа област, како и многу реформски ориентирани образовни проекти  овозможија доближување на образованието на Република Северна Македонија до она на современите развиени земји во Европа. Процесот на дигитално описменување на наставниците и учениците, компјутерска и друга техничка опременост во училиштата, бесплатен Интернет пристап, изработка на едукативни софтвери за некои предмети, прирачници за дигитални содржини и други активности на МОН и БРО се добар показател за вистинската насока на нашиот образовен систем. Со Стратегијата за образованието 2018-2025 и Акцискиот план  планирано е дополнително осовременување на наставниот процес со обезбедување на интерактивни табли во училиштата и дополнување на софтверски пакети. Користењето на ИКТ во наставниот процес станува регулирана обврска на наставникот. Тоа станува задолжително за сите наставници

согласно Закон за изменување и дополнување на Закон за основно образоване[9]. Воедно, БРО направи дополнување на наставните програми во делот на дидактичките препораки при реализацијата на наставните планови и програми. Според овие препораки на БРО, наставникот треба најмалку 30% од наставните часови од наставниот план и програма да ги изведе со примена на алатки од ИКТ.

За „ ново училиште“ во основно образование се зборува во новата Концепција за основно образование[10] усвоена во март 2021, каде се потенцира дека „.... дигиталната интеграција е основа на новото образование но, не само преку едноставно „ додавање“ на ИКТ на постојните наставни методи...“ туку „... да се применува на начин кој им е од непосредна корист на учениците.“(7).

Првично, процесот на имплементација на ИКТ започна во 2002 година кога Владата на РС Македонија обезбеди донација од Кинеската влада од 6000 компјутери за основните и средните училишта, а од компанијата Microsoft обезбеди 6000 лиценци за користење на Windows на училишните компјутери (Живановиќ и др., 2010, 115).

Македонскиот концепт на компјутеризација и дигитализација на образованието поинтензивно започна со владиниот проект “Компјутер за секое дете”, од крајот на 2006 година. Проектот беше спроведен во сите 366 основни и 93 средни државни училишта во државата, а се темели на Националната програма за развој на образованието (2005–2015 година). Компјутерите кои беа планирани за секој ученик во основните и средните училишта и се користеа како алатки во изведување на наставата. Следуваше Проектот за основно образование, проект на УСАИД и Академијата за развој на образованието, со цел поддршка на владината иницијатива за развој на Е-општество. Основната цел беше подобрена употреба на ИКТ во основните училишта преку обезбедување различна ИКТ опрема, нејзина локализација, како и обука и поддршка за нејзина употреба и одржување. На почетокот наведениот проект пилотираше 14 основни училишта и за нив обезбеди ИКТ опрема која се состоеше од дигитални микроскопи, сензори и калкулатори;

[9] Сл. весник на РМ бр.116 од 01.09.2010

[10] https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20MK.pdf

дигитални камери и веб-видеокамери; ЛЦД проектор; принтер/скенер; пипин - робот за програмирање; контролна компјутерска кутија; звучници, клавијатури и микрофони; кутија за складирање на 16 лаптопи и батерии компатибилни со клиентите; лаптоп компјутери (Classmate) за учениците од 1-4 одд. (Живановиќ и др., 2010, 22). Реализацијата на проектот се одвиваше во неколку, меѓусебно зависни сегменти: набавка, инсталација и одржување на опремата, креирање на локални мрежи и интернет поврзување, обука на наставниците за користење на опремата, софтверските алатки и е-содржините, развој на околина за управување со учењето (e-obrazovanie.mk), развој на електронски содржини и електронски учебници (skoool.mk, e-ucebnici.mk). (Стратегија за развој на е-содржини 2010 – 2015, 2010, 9).

Во 2009/2010 година започна иницијативата за поставување на електронска форма на учебниците преку веб сајтот на МОН на РСМ. Во 2009, 2010 и 2011 година беа организирани и обуки од страна на МОН и БРО за наставниците од основните и средните училишта во државата, а во 2010 година Министерството за информатичко општество го промовираше порталот: e-ucebnici.mk на кој беа поставени сите учебници достапни во форма на Е-учебник (Национална стратегија за развој на Е-содржини 2010-2015,2010,11). Како резултат на наведените активности, од страна на соодветните институции и работни групи на експерти беа подготвени и започнаа да се реализираат: Националната програма за развој на образование 2005-2015; Нацрт програма за развој на ИКТ во образование 2005-2015; Национална политика за информатичко општество и Национална стратегија за развој на информатичко општество кои делумно или целосно го опфатија процесот на компјутеризација и дигитализација на образованието (Живановиќ и др., 2010,5).

Националната стратегија за ИКТ 2021-2025 на РС Македонија .... “ се фокусира на утврдување на приоритетните области во ИКТ-секторот и има за цел да ја подготви државата за сестрана и агилна дигитална иднина. Дигиталните технологии, коишто ја овозможуваат трансформацијата, ќе обезбедат подобар квалитет на живот во општеството.“(7).

За жал, во нашата држава сеуште постојат училишта во кои Интернет пристапот е несоодветен, а ИКТ инфраструктурата е во лоша состојба или пак

воопшто ја нема. Според Концептот за далечинско образование (МОН, 2020,19), последните податоци обезбедени во текот на кризата со COVID-19 покажале дека околу 30.000 ученици (од ранливите категории) немаат ИТ уред во домашни услови (Метаморфозис, 2020).

### 1.4 Информациско-комуникациска технологија во изучување на англискиот јазик

Техничко-технолошки поткрепен процес на изучување на јазик (TELL)[11] отвара нови перспективи за инволвираните субјекти во оваа проблематика, нови предизвици и проблеми чие разрешување бара наставници со мулти-вештински способности. Користењето на атрактивни наставни методи со индивидуален пристап овозможува поефикасно совладување на програмските содржини од сите компоненти на јазикот: лексички единици, граматички структури, јазични функции, слушање, зборување, читање и пишување како и запознавање со други религии и култури. Ефективното осовременување на наставата по англиски јазик не подразбира користење на трендовската технологија како крајна цел туку изнаоѓање тесна врска помеѓу технологијата, актуелната педагошката теорија, теорија за учење на јазик и наставната содржина.

## 2. Дефинирање на проблемот

Основниот проблем на ова истражување е, низ призма на основните функции на менаџмет, да се утврдат ставовите и искуствата на наставниците по англиски јазик по прашање употреба на комјутерот или друг smart[12] уред при одржување на часот, постоење на други надворешни фактори за успешна

[11] TELL – Technology Enhanced Language Learning
[12] SMART – уред кој може да се поврзе, интегрира и сподели информации со друг таков уред

реализација на ваков тип настава како и потребата од постојана отвореност кон промени и професионална надградба.

## 2.1 Гледано низ развоен објектив

Историскиот развој на CALL грубо е поделен во три стадиуми: структурално-бихејвористички, комуникативен и интегративен CALL (Warschauer,2000). Секој од развојните стадиуми кореспондира на соодветно ниво на развој на технологијата и педагошките пристапи. Структурално-бихејвористички CALL се појавува во 50-тите, а се имплементира во 60-тите и 70-тите години базирајќи се на бихејвористички модел на учење и се карактеризира со повторливи јазични вежби, граматички појаснувања и разни тестови од вокабулар, преведување, граматика. Познат образовен комјутерски систем „tutorial system" е PLATO[13] кој функционирал само на сопствен хардвер ( централен комјутер и терминали) (Ahmad, Corbett, Rogers& Sussex, 1985).

Комуникативниот CALL се појавува во доцни 70-ти и рани 80-ти години, кога истовремено се отфрла бихејвористичкиот пристап за изучување на јазикот на ниво на педагошка теорија и кога новите персонални комјутери создаваа поголеми можности за индивидуална работа. Во тој период започнуваат активности базирани на комјутер во кои граматиката се предава имлицитно, а не експлицитно, ученикот е охрабрен да генерира оригинални изрази и слободно да го користи јазикот во комуникација на разни теми, а не само да манипулара со готов јазик. (Jones&Fortescue, 1987; Philips, 1987). Популарен софтвер наменет за CALL во овој период вклучува програми за реконструкција на текстови и симулации. Тие овозможуваат аранжирање на зборови, делови од текстови со цел самооткривање на јазични структури и значења, стимулираат дискусии на избрани теми и подржуваат индивидуална работа, работа во парови или групи. Неколку битни професионални организации , кои го поттикнуваат имплементирањето на ИКТ во едукативната сфера, се формираат во овој период како CALICO[14] во САД и EuroCALL[15] во Европа.

---

[13] PLATO - Programmed Logic for Automatic Teaching Operations
[14] CALICO - Computer Assisted Language Instruction Consortium

Најпосле се појавува интегративниот CALL кој во процесот на изучување на странскиот јазик целосно ги интегрира различните јазични вештини (слушањето, говорот, читањето и пишувањето) и технолошките иновации. „Овде ученикот континуирано го користи комјутерот како неизоставен дел од изучувањето на јазикот, а не како редовна пракса на однапред планирани часови. Преку широк опсег на моќни веб-алатки ученикот е ангажиран во колаборативно и интерактивно учење и при тоа ненамерно симултано ги изучува јазикот, иновацијата и други области од интерес“. (Butler-Pascoe, 2011 ,24)

И покрај тоа што промените во наставата по англиски јазик се окарактеризирани како поларни т.е. од појдовна настава со структурален во настава со интегративен пристап, многу покомплексно е препокривањето на трите теоретски движења: структурално, когнитивно и социо-когнитивно (Kern&Warschauer, 2000). Од причина што секоја од овие три теоретски перспективи има влијание на начинот **како** компјутерската технологија се користи во наставата по јазик и истите накратко се илустрирани како три главни пристапи во процесот на CALT.

- *Структурално-бихејвористички пристап*

  Најраните CALL програми строго се придржувале до **моделот на компјутер во улога на наставник** и истите покривале теми од граматика, вокабулар, практични вежби и инструменти за тестирање. Направени се одредени варијации на нивната првенствена структура од 60-тите и 70-тите год. но, задржана е нивната намена- да обезбедат позитивен или негативен фидбек на учениците базирајќи се на формална прецизност на понудениот одговор. Ова е во согласност со структуралната теорија на учење која го истакнува повторувањето на вежбите од ист матерјал како есенцијалност во процесот на учењето.

- *Когнитивен пристап*

  Следната генерација на CALL програми, во релација со когнитивно-конструктивна теорија на учење **акцентот го префрла на самиот ученик**. Со овој модел ученикот добива можност за решавање на

[15] EUROCALL- European Association for Computer-Assisted Language Learning

проблеми, тестирање на хипотези и на фундамент од претходното знаење да стекне нови сознанија. Преку истражување, ученикот структурира ново знаење во својот „микросвет“ и се јавува како контролор, а не да е контролиран од комјутерот истакнува Papert (1993) проширувајќи ја теоријата на учење популаризирана од Dewey и Whitehead (2005) според која креативната активност доведува до учење. Имено, комјутерот обезбедуба алатки и ресурси но, од ученикот зависи **што** ќе создаде во новата симулирана околина.

- *Социо-когнитивен пристап*

  Со овој пристап од интеракцијата ученик-комјутер се фокусираме на **интеракција на ученикот со други преку комјутерот**. Основата на овој пристап лежи истовремено и во развојот на технологијата и теоријата. Од теоретски аспект, фокусот се проширува на смисловна интеракција во автентичен дискурс и заедница. Од технолошки аспект пак, доаѓа до еспанзија на комјутерско умрежување и комјутерот се јавува како средство за интерактивна комуникација меѓу луѓето и пристап до множество бази од информации и достигнувања. Комјутерот станува медијаторска алатка која го обликува начинот со кој комуницираме со надворешниот свет (Warschauer&Healey,1998). Една од апликации базирана токму на овој пристап е MSWord апликација позната како текст процесор која дава можност не само за пишување на текст туку и негово обликување, редакција, креативно и инвентивно дополнување со слики, графикони, табели, хиперлинкови... Целта на програмата е базирана токму на социо-когнитивниот пристап. Таа му овозможува на ученикот да создаде уникатен текст со оригинална јазична контрукција.

Значи, улогата на комјутерот во процесот на наставата по англиски јазик се менувала од улога на индивидуален наставник „tutor“ концентриран на повторувачки практични вежби, преку улога на простор кој овозможува развој на креативност и истражувачки способности на ученикот, (во период на развој на мултимедиа на персоналните комјутери) до улога на медиум во локална и глобална комуникација и извор на автентични материјали (со развој на

комјутерските мрежи). Од „електронски учебник“ полн со разни видови софтвер, што со години доминираше на пазарот за изучување на странски јазик , CALL отвори сосема нови перспективи во оваа образовна област (Warschauer,2000).

Еден од најголемите проблеми на денешницата, според Prensky (2001,2), во образовната сфера е јазикот на кој предаваат наставниците „digital immigrants“, кој е „неразбирлив и старомоден за учениците од 21виот век“, кои тој ги нарекува „digital natives“. Тој нагласува дека денешните ученици, поради технолошкото опкружување во кое растат сосема различно размислуваат и ги процесираат информациите од нивните предци. Наставникот мора да се „ прилагоди, а не промени“ на реалноста и да се оспособи за обучување на кадар што ќе биде работоспособен после 10-15 години Prensky (2011,10).

Според Zounek (2005) формалното образование нема тенденција да ја користи модерната технологија за радикални цели, туку напротив како подршка на веќе докажаните теории и практики. Тој смета дека наставникот има круцијална улога во имплементација на технологијата во наставата и дека од неговиот позитивен или негативен став кон истата зависи конечниот резулат од овој процес но, не ја изоставува ни улогата на училишниот менаџмент.

Bonk и Graham (2006) во нивниот прирачник даваат јасна дефиниција за веќе претходно употребуваната фраза *blended learning environment/system*, како настава каде во атмосфера од комбинација на традиционална настава со online активности или електронски алатки и материјали се користат разни наставни методи. Фокусот е ставен на активно изучување на јазикот, што му дава смисол, значење и го поврзува со реалните животни ситуации.

Medvedeva, Rozgience и Strakova (2008, 12) во своето излагање , во состав на Водичот за наставници за Интегрирање на ИКТ во настава по странски јазик, меѓу другото истакнуваат „... Наставниците во *блендираната настава* имаат променлива улога ..., а степенот на нивната инволвираност на часот постојано варира........ Два важни фактори кои треба да се разгледаат во овој контекс се:

1) времето поминато на online активности и

2) што сѐ од технологијата е искористено.

Хибридните системи на настава, каде наставникот само поставува инструкции и референтни материјали/извори на Интернет додека поголемиот дел

од настава се реализира користејќи конвенционални техники во училница, **не може** да се смета за *блендирана настава* во вистинска смисла на зборот и покрај тоа што постојат елементи на виртуелна и реална работна атмосфера.....“
„... користењето на технологијата со вистинска намена ги зголемува резултатите од наставата...., а новата педагогија, која ги инкорпорира технолошките средства, е неопходност и има за цел да ги подготви учениците за работа во информатичката ера...“ Gulbahar и Guven (2008, 43).

Потенцирањето на **блогот** како исклучителна педагошка алатка при изучување на англиски јазик може да се најде во теоретизирањето на Mompean (2010). Тој истовремено забележува дека „ блогирањето им помага на учениците да развијат online интеракции и автентични творби, а самиот блог добива на вредност затоа што е лесно достапен и за надворешниот свет, а не само за инволвираните субјекти“.(376)

Некои истражувачи детално го опишуваат наставниот процес со интегрирана ИКТ како Afriyasanti (2011) на пример, кој истакнува дека преку ваквото учење ученикот го спознава и јазикот и самото технолошко средство. Тој зборува за четирите стадиуми од наставниот процес и тоа:

1) информирање за технолошкото помагало ( кога на учениците им се укажува за постоење на одредено технолошко средство и негова општа употреба)

2) запознавање со алатката и начинот на користење ( запознавање со секоја нејзина компонента и намена со цел концентрацијата да падне на наставната содржина);

3) **кога** конкретно и **како** да се употреби технологијата ( во оваа фаза наставникот го контролира часот и употребата на ИКТ и не дозволува часот да премине во час по ИКТ) и последен стадиум

4) професионално усовршување во употреба на ИКТ во наставата ( кога преку пракса наставникот сам креира и развива стратегии за користење на технологијата).

Што се однесува до самата интеграција на комјутерскот уред на часот Hsu (2011) ги потенцира „четирите намени и тоа:

1) за решавање на проблем/ донесување на одлука;

2) како алатка за креирање ( есеи, статии, извештаи, графикони,..)

3) комуникациска алатка (e-mail, електронски дискусии,..) и

4) истражувачка алатка за ученици". (847)

Тој укажува и дека иако наставникот ја користи технологијата со конструктивистички пристап, таа има силно влијание кај ученикот за развојот на мисловните вештини од повисок ранг како што се анализирање, евалуирање и критикување. Ставот на наставникот кон технолошките иновации не треба да се смета за апсолутистички, според овој истражувач самиот ученик, особено возраста и степенот на неговото образование како и наставната содржина и те како влијаат на изборот на технологијата.

Во контекст на тоа Donnelly et al. (2011,1470) забележува дека има три главни фактори кои се поврзани со наставниците одговорни за ИКТ интеграција и тоа: „професионално аплицирање на технологијата, што не го покрива само познавањето туку и нејзино прилагодување, педагошка компатибилност (педагошки теории и пракси за употреба на ИКТ) и општествена свесност, со што се потенцира важноста на способноста на наставникот да балансира помеѓу општествената реалност и училишната политика".

Saleh и Saleh (2012) ја истакнуваат потребата од приспособување на наставниот материјал кон технолошките иновации. Вредна да се спомене е на пример андроид апликација наменета за таблети за проверка на правопис (spelling test application) спомената во излагањето за бенефиции од едукативни софтвери на Livingston (2012, 43). Таа во својот критички осврт за употребата на ИКТ во училиштето и дома зборува за „училишта без граници" , учење од соученик, домашно училиште итн. во правец на визијата за учење на било кое место и во било кое време. Најголемо значење му дава на Интернетот и смета дека „....овозможува споделување на вредни извори од двете традиционална и интерактивна форма и се јавува како средство за колаборативно учење нелимитирано од место и време." Кога е во прашање темата педагогија и учење таа истакнува дека „... дебатата е отворена, а начиниот **како** децата учат , **како и што** треба да ги научиме сеуште се ревитализира во ова дигитално време ....." Сведоци сме вели таа на „преконфигурирање" на претходно утврдените активности од наставниот процес. „ Ако порано децата оделе до библиотека да позајмат книга за домашна работа сега пребаруваат online. Ако порано барале

совет од родителите, сега можат да прашаат експерт. Порано цртале на хартија, денес со апликација и веднаш ја споделуваат сликата. ..“ (14) Децата ги смета за отворени кон новиот дигитален свет, а нас за сведоци на нови оригинални можности за учење во чија основа е ориентација кон ученикот со неговата лична дигитална креативност и колаборативна комуникација со индивидуи со слични интереси и експертиза.

Поваќето од излагања укажуваат на индивидуални пристапи на наставниците кон проблемот: нивниот извор, став, искуство, знаење, избор наместо на нови идеи стекнати од претходни истражувања од оваа област.

Публикациите во скорешно време (Hocly & Clandfield, 2010; Lyon-Jones, 2011; Walker&White,2013; Stanley, 2013; Tomlinson&Whittaker, 2013) разработуваат синтези од релевантна литература на тема како принципиелно да се пристапи кон процесот на интеграција на технологијата на часот. Тие укажуваат на бројни ставови и принципи инволвирани во дизајнирање на блендираната настава. Сепак, и покрај чекор напред за теоријата, сеуште не може да се зборува за дефиниран принципиелен пристап согласно вистинското значење на терминологијата. Повеќе станува збор за обид за систематско поставување кон процесот на креирање на ваков тип настава, се разбира водени од педагогијата (која ја надополнува вредноста на наставата) и теоријата за учење на јазик.

Во контекст на последното Lyon-Jones (2011) го презентира својот прашалник (checklist) , поставен на алгоритамска основа, а наменет за наставниците кои сакаат да користат ИКТ на нивните часови. Прашалникот е составен од пет прашања и доколку на едно од нив одговорите со НЕ , не докажувате дека учениците ќе имаат бенефиција од технолошкото средство. Hockley (2011b) пак, зборува за „прашања од милион долари“ што наставникот си ги поставува сам на себе: како да ја интегрирам технологијата, зошто да ја користам, као успешно да ја користам, каде и кога да почнам...? Таа нејзиниот сет од прашања (guidelines) кон наставниците ги темели на наставната содржина, улогите и вештините на субјектите во наставата, времето и локацијата и изворите со кои располагаат. Зборувајќи за „ Five W's and an H“ Stanley (2013) развива своја теорија од шест појдовни прашања, која во основа е проширување на претходните на Lyon-Jones и Hockley. Во неговите прашања се отвора и темата за менаџмент во

училницата и сигурноста во намерите на наставникот имено, зошто некој би употребувал технологија ако не е сигурен дека ќе го подобри учењето.

После плејада прашања насочени кон наставникот, од рамката на Neumeier (2005), преку разработените стадиуми за имплементација на ИКТ на Sharma& Barett (2007), до претходно посочените „ checklists“ и „ guidelines“ во 2013 излегува во јавност публикација на Британски Совет насловена како: Блендирана настава во настава по англиски јазик: дизајн и имплементација. Меѓу другото, овде се дадени 24 прашања, за кои секој наставник по англиски од денешницата треба да размисли, организирани во четири сегменти: Наставна содржина, дизајн, ученик/наставник и евалуација и развој. Според Whittaker (Tomlinson & Whittaker, 2013), истите се разликуваат од нивните претходници „..... поради фактот што предлагаат и одговори, примери и информации од наведени студија на случаи..[....]...И додека самиот совет, генерално, може да биде разбран, различните пристапи на негово презентирање, лимитирачките референци за автори на претходни студии, пракси и истражувања, како и недоволна поткрепа од теорија за изучување на јазикот му ја намалуваат силата и важноста...“(112). Наместо нови совети во форма на прашања , наменети за практичарите, време е материјата да се изгланца и консолидира , истакнува во своето излагање Whittaker (2013) „... со цел да креираме водич кој преку пракса постојано ќе се тестира и усовршува.“ (112)

## 2.2 Основни алатки од ИКТ значајни за наставата по англиски јазик

Врз база на основните функции и карактеристики, информациско-комуникациските алатки можат да се поделат во следниве категирии: (Долорис,Бешиќ и Вукашиновиќ, 2021,59-60).

-*Системи за управување* со содржините на образованието и со содржините за управување со учењето (*Learning Management System - LMS,* преку кое се следи напредокот на ученикот и меѓусебната комуникација на релација: ученик-наставник и наставник-ученик).

-*Алати за успа/писмена комуникација* (овозможуваат синхрона конверзација помеѓу учениците и наставниците и помеѓу самите ученици. Особено се корисни видео конференциите за усовршување на усменото изразување и изговорот на странскиот јазик, додека со размената на лични и групни текстуални пораки, се унапредува вештината на пишување на странски јазик).

-*Виртулни тимови* (организациски тим составен од лица кои се географски одвоени, но поврзани преку комуникациска технологија (Mathis & Jackson*, 2010, 169*).

-*Социјални мрежи* (преку социјалните мрежи учениците можат да креираат лични профили, да формираат или да се придружат на одредени групи; да објавуваат свои содржини на своите страници; да коментираат различни содржини на други корисници. Платформата: „*Lingualia*" како социјална мрежа е наменета за конкретно учење на странскиот јазик. Нејзината предност е во активната употреба на софтверот со вештачката интелигенција кој може да се прилагоди на секој ученик поединечно во корелација со неговото ниво на знаење и степен на мотивација, а воедно и да дава повратна информација за остварениот напредок на ученикот во совладувањето на едукативните јазични содржини).

-*Блог и wiki страни- Wikispaces* (алатки примарно наменети за развивање на вештините на пишување со акцент на креативното пишување; додека предноста на вики страните е во меѓусебната соработка помеѓу учениците, во размена на знаења што ја зголемува мотивацијата и залагањето на учениците).

-*Алатки за презентација* (служат за креирање на електронски презентации во комбинација со различни видови на содржини. Во воспитно-образовниот процес најчесто се користат за презентирање на индивидуални или групни проекти на учениците).

-*Алатки за давање на ресурси* (служат за размена на материјали и меѓусебна соработка помеѓу учениците и наставниците).

-*Програми за изработка на web страни* (*Google Sites*-кој овозможува едноставно креирање на сопствени веб страни кои можат да опфатат содржини на силабус наставна програма од информативен карактер).

-*Алатки за изработка на online тестови* (тестови наменети за креирање на прашалници и тестови за проверка на знаењата од различен тип).

-*Интернет пребарувачи* (*Web browsers*) - се алатки кои служат за прегледување, пронаоѓање, и превземање на податоци или мултимедијални содржини од интернет страните).

-*Електронски речници и конкордансери* (алатки кои перманентно се во употреба во процесот на учење на странскиот јазик).

-*Помошни програми* (дополнителни можности во изработка на одредени наставни материјали и проекти).

Едукативните веб сајтови можат да се поделат на: (Чинко, 2016, 15-16).

- *Алатки за когнитивно учење* (учениците можат да прикажат ментални мапи како поединци или во соработка со други; овде спаѓаат: Bubbl.us, Gliffy, Freemind).
- *Алатки за организација на аудио и видео содржини* (овде спаѓаат: Audio Expert, Jamendo, UJAM, Animoto, Camstudio, DotSUb, Jaycut, KickYoutube, Masher te Pixorilal).
- *Алатки за колаборација и размена на содржини* (учениците заедно создаваат содржини кои ја зајакнуваат соработката и мотивацијата - некои од попознатите алатки се: Scribblar, Convore, Piratepad, Titanpad i Typewith.me).
- *Алатки за социјални мрежни станици* (наставниците креираат своја мрежа во која ги вклучуваат учениците од одредено одделение, комуницираат во исто време за потребите, за примерите, за пренесување на информации и резултати. Познати алатки за изработка на образовни

социјални мрежи се: Edmodo, Mahara, 99 Chats, Sclipo, Twiducate i Yammer).

- *Алатки за книжни ознаки* (bookmarks) - учениците ги означуваат материјалите за темите кои ги интересираат. Со помош на книжни ознаки тие наоѓаат други ученици кои ги имаат истите интереси како и нив, а од овие алатки познати се: Diigo, Dropmocks, Pinterest, Stoxy i Wallwisher).
- *Алатки за поттикнување на креативноста* (специјализирани веб сервиси за изработка на квизови, игри и другите образовни активности. Од овие попознати алатки се: ABCya, Gnowledge, Hot Potatoes (збир на 6 апликации преку кои наставниците изработуваат onlajn квизови - JClic, Tutpup, Quizlet, JotForm, како и LetterPop преку кои учениците на креативен начин изработуваат брошури*; додека Bubbbleply и Mojiti* се веб сајтови кои на учениците и наставниците им овозможуваат креативно уредување на видеозаписи (Илиќ, 2020,21).

Една група од актуелните едукативни техничко-технолошки средства се сметаат за најзастапени во наставата по англиски јазик во основното образование. [16]



Слика 2 Паметна интерактивна табла

- *Паметна или интерактивна табла* (дигитална бела плоча осетлива на допир која  овозможува поврзување со помош на компјутер, дигитален проектор, камера и други уреди, со што видно го збогатува

[16] https://pozega.eu/carnet

учењето на странскиот јазик кај учениците, преку зголемена интерактивност и соработка помеѓу учениците.[17]

- *Мобилните уреди - таблети и паметни телефони* можат видно да ја унапредат наставата по англиски јазик, поради големиот интерес кај учениците и поради фактот што им овозможуваат на учениците самостојно и интерактивно да учат за секогаш достапните мултимедијски образовни содржини, се разбира доколку се користат на соодветен начин (Ребека, 2016, 11);

- *Виртуална училница* за реализација на методички иновации, ПП презентации, симулации, интерактивни поучувања, врсничко соработничко учење, учење преку откривање, учење на странскиот јазик преку игра; како и снимање на лекции и белешки, испраќање на учениците преку e-mail – како стручна помош на учениците во повторување и утврдување на наставното градиво;

- Прикажување на PowerPoint презентации и видеа и презентации на Youtube (со кои наставникот ги поттикнува учениците да го следат предавањето преку пратење на интерактивни и мултимедијски содржини). Со користењето на PowerPoint презентациите се унапредуваат сите четири вештини: говорот, слушањето, читањето и пишувањето во изучување на странскиот јазик. Најчесто се употребува серија слајдови со текстуални записи и звукови, со фотографии, цртежи, кратки филмски записи и сл. PowerPoint во наставата има повеќе предности како што се: заштеда во време; можност за повторно користење; можност за измени во содржината на слајдовите на лице место; истовремена употреба на текст, слика и звук; поддршка на различните стилови на учење; достапност на готовите презентации на интернет и можноста слајдовите да бидат отпечатени (Илиќ, 2020, 14);

[17] https://www.tehnomodeli.hr/29/03/2019/sto-su-interaktivne-ploce-a-sto-interaktivni-zasloni

- Примена на различни мултимедијски образовни содржини преку комбинација на текст, слика, звук, видео преку кои учениците имаат целосна контрола на својата работа, можат индивидуално да напредуваат, имаат и влез до различни линкови кои им овозможуваат пристап кон граматички објаснувања на задачи, реченици (Тоболка, 2002, 17);

- LMS (Learning Management System) е мрежна платформа која овозможува учениците и наставниците да разменуваат материјали и да комуницираат за наставниот предмет, иако физички се оддалечени. Во фамки на оваа мрежна платформа наставникот може да поставува и дополнителни образовни материјали и за учениците кои се заинтересирани за збогатени содржини од обласа на англистиката; а воедно оваа платформа им овозможува и на родителите да ги следат резултатите од учењето на странскиот јазик на нивните деца (Чинко, 2016, 11).

Се повеќе афирмираното електронското учење (е-учење) всушност претставува процес на учење преку користење на Интернет, или внатрешна мрежа на една организација за спроведување едукација и обука. Според извештаите на Американското друштво за обука и развој, речси 30% од часовите за учење се потполно засновани на технологија, и се смета дека Е-учењето е попосакуван метод на вработените под 30 години (Mathis & Jackson, 2010,279).

Но, сепак електронското учење не може да биде единствениот метод на обука, затоа во светски рамки се афирмира и тн. мешано учење или *blended learning* кое е комбинација на брзи интерактивни компјутерски лекции и телеконференции со традиционални училишни инструкции и симулации. (Mathis & Jackson, 2010,280)

## 2.3 Примена на ИКТ во настава по англиски јазик во РСМ

Во наставниот план за 9-годишно основно воспитание и образование, донесен 2007 година, меѓу другите промени, изучувањето на англискиот јазик

станува задолжително од прво до деветто одделение. Гореспоменатите измени освен што донесоа големи предизвици пред наставниците по англиски јазик во поглед на методи и техники за рано изучување на странски јазик, истите бараа вештини за идентификување и интегрирање на едукативни електронски содржини соодветни на возраста на учениците. Со заеднички заложби на БРО и Канцеларија на Британски совет во Македонија во 2013 и 2014 година беа издадени два прирачници за дигитални содржини за ученици од прво до деветто одделени и одржани бројни семинари и обуки на наставниците по англиски јазик за нивно користење. Посочените извори не значат и лимитирање на наставниците, туку напротив поттикнување на нивната кретивност и мотив плус за изнаоѓање на нови начини за интегрирање на комјутеризиран уред во наставата, а со цел успешно третирање на сите аспекти на изучување на странски јазик.

Во учебната 2021/2022, во која сеуште се чувствува влијание на пандемијата од COVID-19 во прво и четврто одделение во основното образование стартува настава со користење на интерактивни дигитални учебници. Во периодот на финализирање на овој труд ( септември 2021) наставниците по англиски јазик поминаа низ еднодневен информативен семинар за новините во актуелната Концепција за основно образование, а оние кои предаваат на посочената возрасна група ученици, сеуште се во очекување на пристап до дигиталните библиотеки.

## 2.4 Образование во светот во услови на пандемија од COVID19

Повеќе од една милијарда деца беа изложени на ризик образовно да заостанат поради затворањето на училиштата од ширењето на СОВИД-19. Државите ширум светот, со затворање на училиштата низ 188 земји (заклучно со април 2020 година1[18]) спроведуваат програми за далечинско образование. Здравствената криза го стави учењето од далечина во центарот на образовните практики. Кризата ја истакна потребата од унапредување на дигиталното образование како клучна стратешка цел за квалитетно учење во дигитално време. Потребата од развивање стратешки и долгорочен пристап кон дигиталното образование и обука стана најпопуларна образовна тема. Сепак, многу од децата во светот - особено оние во посиромашните домаќинства - немаат пристап до

[18] https://data.unicef.org/resources/eduview-education-dashboard/

интернет, персонални компјутери, телевизори или дури ни радио, што ги засили ефектите од постоечките нееднаквости во учењето. Мерките за преземање политики од страна на владите за да се обезбеди континуитет на учење преку емитување или дигитални медиуми, дозволија потенцијално достигнување на 69% од учениците (максимум) во предучилишното образование до средното образование на глобално ниво. Online платформите биле најкористените средства од страна на владите за обезбедување на образование во период на затворени училишта. Дури 83% од земјите го користеле овој метод. Сепак, оваа можност ја искористиле само околу една четвртина од учениците низ целиот свет. [19]

Во септември 2020 година Европската комисија усвои две иницијативи кои имаат за цел да го зајакнат придонесот на образованието и обуката во закрепнување на ЕУ од кризата и да помогнат во градењето на „зелена“ и дигитална Европа. Првата иницијатива е заживување на Европска област за образование со шест димензии: квалитет, инклузија и родова еднаквост, зелени и дигитални транзиции, наставници, високо образование, посилна Европа во светот. Втората иницијатива е новиот Акциски план за дигитално образование (2021 – 2027)[20] со иницијативи за висококвалитетно, инклузивно и достапно дигитално образование во Европа. Планот предвидува акција и посилна соработка меѓу земјите членки на европско ниво, како и меѓу сите засегнати страни, со цел системите за образование и обука да се направат соодветни за дигиталното време.

### 2.5 Образование во пандемски услови во Република Северна Македонија

Министерството за образование во соработка со УНИЦЕФ, неколку донатори и приватни компании им овозможи на учениците можности за учење на далечина. Крајниот производ беше ТВ-училница која обезбеди едукативни програми за помали деца. Таа е резултат на соработка помеѓу Министерството, Бирото за развој на образованието, УНИЦЕФ, детските телевизиски продуценти ОХО и националниот радиодифузер Македонско радио и телевизија. Програмата

[19] https://data.unicef.org/resources/remote-learning-reachability-factsheet/
[20] https://ec.europa.eu/education/education-in-the-eu/digital-education-action-plan_en

беше полудневна, поддржана од наставниците волонтери кои демонстрираат цела низа активности кои родителите и наставниците можат да ги користат.

Освен ТВ – училницата, другата опција е новата дигитална платформа Едуино. Платформата е дел од ресурсите на Бирото за развој на образовните и е со цел да обезбеди поддршка на наставната програма и професионален развој на наставниците надвор од привременото затворање на училиштата. Тековно прикачениот материјал е фокусиран на материјал што требаше да ја покрие преостанатата учебна 2019/2020 година како и нови дополнети активности за завршената учебна 2020/2021 година со комбиниран тип на настава. На неа достапни се часови за наставници, активности за учење базирани на игри, како и алатки за наставниците во насока на поддршка на учење на далечина за деца привремено надвор од училиште поради вонредните услови.[21]

Во септември 2020 беше изготвена првичната верзија на Националната платформа[22] за далечинско учење и отпочнати интензивни обуки на наставници со цел системско решавање на реализација на образовниот процес во услови наметнати од пандемија. Националната платформа за жал многу бргу ја покажа својата недоволно развиена техничка ефикасност. Проблемите станаа нерешливи во краткото време до почетокот на наставната година која и онака доцнеше цел месец од законски предвидениот термин. Како последица на ситуацијата, наместо логирање на платформата, како простор за одржување на online настава, реализирање на тестови и прикачување на едукативен помошен материјал, најголем дел од наставниците и учениците наставата на далечина започнаа да ја реализираат директно со посредство на конференциската платформа Microsoft Teams.[23] „Иако учењето на далечина придонесе кон градење нови вештини, а новите дигитални платформи и дигитални алатки отворија нови можности за подобрување на квалитетот на образованието, учењето на далечина не треба да го замени учењето со физичко присуство напротив, само да го надополни.“ стои во последниот извештај од истражувањето насловено како *Искуствата и ставовите на директорите на училиштата, наставниците и родителите во*

---

[21] http://www.eduino.gov.mk/
[22] https://lms.schools.mk/
[23] https://www.microsoft.com/en-us/microsoft-teams/group-chat-software

*врска со учењето на далечина,[24] спроведено во сите училишта во РСМ а, поддржано од МОН, БРО, УНИЦЕФ, Британската амбасада во Скопје и партнер Реактор ( објавено на станата на МОН јуни 2021). Во извештајот стои дека наставата на далечина е реализирана во целост но, сепак родителите на децата кои биле со физичко присуство се позадоволни од текот и реализација на наставниот процес во однос на оние чии деца посетувале online настава.*

Учебната 2021/2022 година во основните и средните училишта во Република Северна Македонија започнува со физичко присуство во сите одделенија. Сепак, веќе обучените наставници лесно пристапуваат кон платформите за далечинско учење за споделување на матерјали, анкети и тестови како и индивидуални и групни консултации со ученици и родители. Со што започнува „ дигиталната интеграција во основното образование која е основа на ново образование“ стои во актуелната Концепција за основното образование[25]. Каде е истакнато дека „.. Воведувањето на дигиталните алатки кои ги следат најдобрите практики (како на пример, интерактивност, гејмификација, персонализација) ги олеснува поучувањето и учењето затоа што се базира на иновативни методи кои се поблиски до интересите на учениците и барањата на современото живеење.“ (31)

# 3. Релевантни истражувања

Во овој дел од трудот спомнати се мал дел од оние јавно публикувани и достапни проекти и индивидуални истражувања во насока на настава со интегрирана информациско-комуникациска технологија. Фокусот се разбира е на оние истражувања кои се спроведувани меѓу наставници по англиски јазик или каде тие партиципираат во целната група. Некои од истражувањата, истакнати

[24] https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/media/6886/file
[25] https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20MK.pdf

овде, во испитаничките групи ги имаат учениците од основните или средните училишта но, повторно интеграцијата на ИКТ во наставата по англиски јазик останува да е предмет на истражување.

Може да се рече дека овој магистерски труд се задржува на мал дел од достапни истражувања селектирани на база на следниве принципи:

1) методолошка природа на истражување - од причина што студијава во основа е квантитативна и е посветена на идентификација на варијабли поврзани со менаџирање при употреба на ИКТ;

2) слични истражувачки цели и емпириски резултати ( што подразбира отфрлање на теоретски претпоставки кои би влијаеле на предметот на истражување) и

3) истражувања фокусирани на CALL.

**Ф**инансирани од Европската Унија , преку разни проекти (The Seventh Framework Programme-FP7, Competitiveness and Innovation Framework Programme-CIP, тековниот Horizon2020 , или барем иницијално финансирани ICT4LT) повеќето Европски држави, со нивните национални стратегии за информатичко општество, интеграцијата на ИКТ во настава по странски јазик ја кренаа на забележително ниво. Бројни истражувања се спроведени во национални, регионални и интернационални рамки со цел поефикасно имплементирање на технологија во овој едукативен сегмент. Многу извештаи од истите се образложени на конференции (International Certificate Conference, Innovation in Language Learning ), веб страни на професионални асоцијации (EuroCALL) , министерства и агенции на одредени држави (BECTA) , Европски центри и комисии (ECML) , електронски и печатени публикации ( ELT Journal, Journal on ET and Research, European Journal of Language and Literature Studies,.. ) и индивидуални истражувања во помали рамки во полза на научни тези и трудови.

Во извештајот од конференцијата на EuroCALL2002 (кој бил изработен врз база на добиени резултати од спроведени анкети во 16 држави како и резултати од претходно спроведени студии и истражувања во Европа, преку организирање работилници и излагања од практичари инволвирани во настава) се утврдува влијанието на ИКТ во изучување на странски јазик (FLT&FLL) и се препорачуваат

можни насоки за поуспешна технолошки интегрирана настава. Во него меѓу другото стои дека:

а) фактот дека странскиот јазик се изделува од другите предмети и повеќе зависи од афинитетот на ученикот ( како кон музиката на пр.) има импликации на типот на хардверот и софтверот што се користи како и на специфичната методологија и педагогија за негово изучување;

б) потребата од „новата писменост“ (техничка, критичка, лингвистичка и културна) спомената во извештајот игра екстремно важна улога при прифаќање, адаптирање и употреба на ИКТ во настава по странски јазик;

в) обуките на наставниците се наведени како клучен фактор за успешно инволвирање на технолошките новини;

г) како неопходна се споменува „промена на парадигмата“ во односот и улогите на наставник-ученик;

д) Европскиот наставник се покажал отворен кон технолошките промени со најголема наклонетост кон Интернетот

ѓ) сепак употребата на ИКТ во изучување на странски јазик е далеку од задоволувачко ниво;

е) релевантни национални институции и стратегија за развој на оваа образовна компонента се потенцираат како битни надворешни фактори и одговорни за тековна техничко-технолошка инфраструктура. За да се анализира и процени употребата на ИКТ на часот по странски јазик, потребно е да се земат во обзир резултатите од бројни студии направени во Европските држави за општа употреба на ИКТ во едукативниот сектор ( Davies,2002).

Од една таква студија публициран е Извештајот за влијанието на ИКТ 2006, (Balanskat, Blamire & Kefala, 2006), добиен од 17 спроведени и обработени истражувања ширум Европа. Мноштвото од ревидираните и споменати студии во извештајот ги потврдуваат позитивните бенефиции од употребата на ИКТ во процесот на настава и учење со посебен осврт на мотивација и развој на вештини, концентрација, когнитивно процесирање, независно учење и критичко

размислување, тимска работа и други важни способности за ученици при учење на странски јазик (Korte & Husing, 2006). Дополнително, дали потенцијалот на технолошката иновација употребена на часот ќе биде делумно или целосно искористен во голема мера зависи од начинот **како** наставникот ја користи, се истакнува во извештајот. Извештајот индицира дека мноштвото од наставниците се затворени кон новите педагошки практики при користење на ИКТ и немаат доволна самодоверба за истражување на технологијата со цел менување на пристапот кон наставната пракса. Во извештајот се заклучува дека ИКТ има огромен потенцијал да биде катализатор на промени но, дека општата развојна политика мора да е во поддршка на добро изменаџиран трансформациски процес.

## 3.1 Истражувања во некои држави во светот

Овде се изделени неколку истражувања реализирани во поделни држави или групи од држави како и добиените резултати и дискусии кои произлегуваат од нив.

Како прво го наведуваме истражувањето насловено како Е-учење Нордик 2006 на тема употреба на ИКТ во образовниот процес, спроведено меѓу наставници, вклучително и наставниците по англиски јазик, во Данска, Финска, Норвешка и Шведска. Тоа покажало слични резултати во поглед на веќе споменатите бенефици од употреба на образовната технологија но, со посебен фокус на организациска имплементација на ИКТ. Во наредните пасуси изделени се истражувања спроведени во петнаесет, по многу нешто различни, држави во светот.

***Финска*** Во оваа земја е прикажан извештајот на истражувачот: Taalas (2004), од истражување во период од 7 години (1994, 1997, 2001) во наставата по англиски јазик со интеграција на ИКТ во училишна атмосфера во Финска. Резултатите покажале дека очекуваните промени од ИКТ имплементацијата согласно Финската информатичка стратегија не биле постигнати. Студијата укажала дека иако бројот на наставниците кои користеле ИКТ во период од 7 години имал висока стапка на пораст, користењето било во сферата на

административните обврски, а не во смисла на педгошки иновации. Имено, во текот наставниот процес имало присуство на технолошко средство но, наставниците сеуште покажувале тенденција кон апплицирање на традиционалната методологија.

***Норвешка*** Голем е бројот на истражувањата спроведени во оваа држава со фокус на наставникот по англиски јазик и неговата улога во процесот на имплементација на ИКТ. Истражувањето на Brodin и Lindstrand (2003) ја истакнува свесноста на наставниците од училиштата во Норвешка за нивната потреба од дополнителни ИКТ обуки,  фрустрации поради недостаток на време, зголемени обврски и недоволна поддршка од менаџерските тимови.

***Шведска*** Некои од истражувањата спроведени овде  дел од вниманието го насочиле кон учениците и нивните ставови во поглед на технолошките иновации во наставниот процес кој подразбира и изучување на англискиот јазик. Истражувањето на Samuelsson (2010) во кое партиципирале ученици на возраст од 13 години, припадници на т.н. дигитални генерации покажало дека постои голема ученичка заинтересираност и мотивираност за часовите со примена на ИКТ. Учениците се изјасниле дека често користат комјутери и дома но, најчесто за игри, слушање музика и дружење на социјални мрежи, а поретко за учење. Повеќето изјавиле дека не знаат како да го користат компјутерот како едукативна алатка поради што во заклучоците и препораките авторот укажува на потреба од поголема насоченост и водство од страна на наставниците за едукативните можности на комјутерот.

***Ирска*** Donnely et al. (2011) како заклучок во своето истражување спроведено меѓу наставници во Ирска истакнува дека покреативните наставници , од било кои предмети па и по англиски  јазик, како и оние заинтересирани за новини во областа на учењето се оние кои почесто и полесно применуваат технолошки иновации во наставата.

***Холандија*** До кој степен и што од ИКТ имплементација преферираат учениците е детерминирано од нивниот пол и религија, докажува истражувањето на  Heemskerk et al. (2012) спроведено во Холандија на 495 ученици. Авторката

истакнува дека девојчињата на пример, преферираат поинтересни теми за учење на англискиот јазик и апликации со кои полесно се ракува.

***Австрија*** Со цел да се идентификува тековната состојба на примена на ИКТ во настава и изучување на јазик во државите партнери на ODLAC проектот, а воедно и да се поттикне употребата на технологијата на квалитетно ниво , во период од 2005-2008 година спроведено е истражување на база на анкетни листови за наставници, ученици и релевантни институции во седум Европски држави. Главен координатор на истражувањето бил Универзитетот од Лиц, Австрија , а партнери многу универзитети, јазични институти и центри за методика и педагогија од Финска, Белгија, Словачка, Литванија, Холандија и Шпанија. Сумираните извештаи од истражувањето (ODLAC-Guide for institution, 2008) покажале дека наставниците кои предавале јазици, меѓу кои и наставниците по англиски јазик, имале потреба од дополнителни обуки не само од техничко-технолошки туку и од педагошки аспект, дел сметале дека немаат стабилна инфраструктура и техничка поддршка во училиштата но, повеќето од нив се изјасниле дека се заинтересирани за инкорпорирање на ИКТ во наставата и дека очекуваат подобрување на квалитетот и бенефиции во наставата по јазик.

***Полска*** Од неколкуте достапни истражувања во оваа држава во насока на ИКТ во настават по англиски јазик овде го спомենуваме истражувањето од Elzbieta Gajek (2013) спроведено на 620 наставници по англиски јазик во Полска, учесници во интернационални проекти, кое покажало дека главни фактори кои влијаат на редовно користење на ИКТ од страна на наставниците се следниве: лесна достапност на технологијата, самодоверба во сопствени ИКТ способности и истрајност во справување со новонастанати проблеми и ситуации, желбата Интернетот да се користи како алатка за сопствен професионален развој, фаворизирање на е-комуникација со ученици како и комуникација и соработка со други интернационални партнер училишта со цел да се разбере смислата на изучување на јазикот. Интересен факт од ова истражување е дека наставниците почетници имаат многу мали познавања за ИКТ имплементација во наставниот процес што води до препорака дадена од авторката за ревидирање на курикулумот на високообразовните институции.

***Србија*** Овде го спомнуваме истражувањето чиј автор е Џигурски, С. (2013) кој со своите соработници ја истражувале употребата на ИКТ во училиштата во Србија, од аспект на моменталните компетенции и предизвици кои ги имаат наставниците (вклучително и наставниците по англиски јазик) и учениците. Добиените резултати укажале дека примената на ИКТ во наставата вклучувала: компјутери, таблет уреди, рачунари, мобилни телефони, интерактивни табли, интернет, социјални мрежи и комуникација преку елекронски пат со употреба на компјутерски програми, достапност на информации и нивен брз проток. (Џигурски и сораб., 2013, 41).

***Хрватска*** Во оваа земја едно од истражувањата се однесувало на следниве воведени иновативни содржини со учениците во наставата по англиски јазик:

- Дигитално раскажување (digital storytelling);
- Игри со кои учениците лесно го усвојуваат новиот вокабулар (memory игри);
- Снимање и преслушување на говорот;
- Изработка и гледање на документарни видеа.

Добиените резултати биле мошне позитивни, учениците биле посебно мотивирани во активно учење и следење на наставата на англиски јазик без дополнително објаснување на нивниот мјачин јазик. Исто така, не било потребно повторување на видеото, ниту на аудио записите, а учениците самостојно и точно ги решавале поставените задачи, за да можат да прејдат во решавање на друг тип или повисоко ниво на поставени задачи. Општиот заклучок од ова истражување е дека инплементацијата на ИКТ во наставата по англиски јазик видно придонела во понапредно негово изучување. Од тука, нужно се иницира и претходна припрема и обука на учениците за ИКТ со цел да ги даде потребните успешни резултати во наставата по анлиски јазик (Лерга, 2016,27).

***Турција*** Група наставниците од Турција, партиципиенти во истражувањето на Gulbahar и Guven (2008) го истакнале времетраењето на часот по англиски јазик како кратко за реализација на ИКТ активности, а достапноста на технологијата како важен фактор во процесот на нејзина имплементација,

воедно тие додале дека нејзиното инкорпорирање во настава бара структурален и педагошки пристап. Во оваа држава во 2014 година од страна на Hüseyin (2014) било реализирано истражување за ефектите од примената на тн. „паметни табли“ во наставата по англиски јазик како странски јазик. Резултатите покажале дека користењето на овие табли имало позитивни ефекти врз мотивацијата кај учениците во наставата, истакнувајќи дека учењето на англискиот јазик со помош на паметните плочи им е поинтересно. Во друго истражување пак спроведено во 2014 година исто во Турција со вклучување на универзитетски турски професори по англиски јазик - се докажало дека на наставниците им е потребно искуство во користењето на таблетите за да развијат позитивен став кон нивна инплементација во наставата по англиски јазик (Лерга, 2016,13).

***Тајван*** Користењето на комјутерот дома за едукативни цели често е поврзано со домашната задача. Hsu (2010) во своето истражување спроведено на 3729 наставници меѓу кои имало и наставници по англиски јазик, во основни и средни училишта во Тајван, ја потенцира поврзаноста помеѓу наставник што често применува ИКТ на часот и домашните работи во кои се бара истражување на Интернет, изработка на презентација, учество во е-дискусии и други технолошки поткрепени едукативни активности. Во истражување спроведено во Тајван 2014 година помеѓу учениците и наставниците во наставата по англиски јазик се докажало дека користењето на тн. „паметни плочи“ во наставните активности помага во остварување на интеракцијата помеѓу учениците и наставниците, а учениците додатно биле мотивирани со самодоверба и креативност за игрите поврзани со учење на англискиот јазик благодарение на паметната плоча поврзана со интернет а со тоа и отворен пристап на голем број на „online“ извори стои во излагањето на Yang &. Teng (2014).

***Јапонија*** Во 2015 година, во Јапонија било реализирано истражување Leis,Tohei& Cooke (2015) со студенти за ефектите од користењето на тн. „паметни телефони“ во наставата по англиски јазик. Студентите биле поделени во две групи. На едната група им било забрането користењето на паметни телефони во наставата, а другата група студенти била поттикнувана да ги користи во наставата по англиски јазик како странски јазик. Ова истражување докажало дека групата студенти кои ги користеле паметните телефони во наставата по англиски јазик -

покажале поголем степен на автономно учење, превземена грижа и контрола над сопственото учење, проведувајќи повеќе време учејќи го странскиот јазик (англискиот) во слободното време.

***Јужна Кореја*** Во Кореја е реализирано истражување на Cungdam Learning, институтот за примена на компјутерот и мобилните уреди во наставата по англиски јазик. Се докажало дека м-учењето дава подобри ефекти во усвојување на говорните вештини и во севкупната јазична компетенција. Во едно друго, слично истражување, во истава земја во 2014 година биле истражувани ефектите од користењето на таблетот во поучување на вештините на читање во наставата по англиски јазик. Истражувањето било реализирано во основно училиште со користење на програмата: „Smartee“ а резултатите се објавени во трудот на Jeong, Heecheol и Jeongryeol (2014). Се докажало дека најголемата корист од наведената форма на поучување ја имале послабите ученици поради фактот што наведената програма успеала да ги мотивира за учење, додека користењето на таблетот во поучувањето на читањето, им помогнало во создавање на целосно позитивен став кон читањето во наставата по англиски јазик.

***Кина*** Едно од истражувањата во ова земја ја докажало предноста на мобилните уреди во наставата на странски јазици ( се разбира и англискиот јазик) во поглед на директниот пристап кон речникот, достапноста на преводот преку аудио записите при изговорот на сликите кои видно го олеснуваат усвојувањето на поимите стои во образложување на Cutter (2015, 36). Ова истражување реализирано на Кинескот сеучилиште: Jiujiang покажува дека користењето на апликацијата на паметните телефони го олеснува и го забрзува процесот на усвојување на новиот вокабулар (37).

***Египет*** Наклонетоста кон ИКТ имплементација и полесно справување со одредени бариери е став и способност која зависи од возраста и полот на наставникот. Ова тврдење е докажано со неколку истражувања почнувајќи од Williams et al. (2000), па Kumar et al. (2008) се до најскорото на Elsaadani et al. (2013) во кое 412 наставници по англиски јазик од Египет се јавуваат како партиципиенти. Истражувањето покажало дека помладите наставници многу

подобро ги совладуваат технолошките иновации и се позаинтересирани за технолошко осовременување на наставата. Што се однесува до полот на наставниците, со мала предност е женската. популација која покажала поголемо трпение, истрајност и континуитет во процесот на примена на ИКТ.

### 3.2 Истражувања спроведени во Република Северна Македонија

Бирото за развој на образованието и Британски Совет после спроведените обуки на наставниците по англиски јазик согласно проектот „Подготовка на прирачници со дигитални содржини соодветни на наставните планови од 1 - 9 одделение по предметот англиски јазик“, спроведе истражување на тема „*Користење дигитални содржини во наставата по англиски јазик од 1 – 9 одделение*“[26]. Крајниот рок за дистрибуција на плашалник за наставници и прашалник за директори беше декември 2014. Прашалниците се однесуваа на употребата на ИКТ во наставата по англиски јазик со акцент на понудените содржини од прирачниците. На веб страната на Британскиот Совет може да се прочита дека анкетата покажала колку наставниците биле задоволни од прирачниците. Конечните и целосните резултатите од истражувањето не се јавно достапни и најверојатно се за потребите на нарачателот, а во насока на финансиската оправданост на проектот.

Меѓу понови истражувања, од оние достапни за авторот на овој труд,  е истражувањето спроведено од Неда Радосављевиќ (2020) меѓу студенти на Универзитетот на Југоисточна Европа со цел да се увиди мотивираноста на студентите за изучување на англискиот јазик при користење на електронските алатки за развивање на критичко-мисловните способности, користењето на електронските ресурси за дебати и дискисии (во и надвор од училницата) преку употребата на дигиталниот платформа  Google Classroom, која веќе подолг период се користи на Универзитетот на Југоисточна Европа. Резултатите од истражувањето покажале дека 80% од студентите сметаат дека употреба на технологија во училница е од големо значење. Понатаму 69% проценти од студентите истакнале дека технологијата им помага во изготвувањето на

26 https://www.britishcouncil.mk/survey-principals

домашните задачи и исто толку дека немаат никакви потешкотии со употребата на конктертната едукативна платформа. Голем процент од студентите ја истакнале можноста на платформата за објавување на презентации и реализирање на online дискусии и предавања, а не е мал ни процентот на студентите 81% кои потенцирале дека дигиталниот систем им помага во изучувањето на англискиот јазици поради лесен пристап до информации и поредовна комуникација со наставникот.

Главен предизвик на ова истражување е да индуцира позитивни промени во училницата по прашање интегрирање на технологија во наставниот процес, без да ги деградира другите професионални приоритети исто така важни за успешен тек на часот и ефективната настава.

# II Дел Методологија на истражувањето

Елементите на дизајнот на проектов, користената процедура за добивање на потребните податоци, со цел доаѓање до одговори на поставените прашања и предметот на ова истражување се презентирани во ова поглавје.

Поглавјето започнува со дефинирање на предметот на истражувањето, потоа преку утврдување на целите, карактерот и задачите на истражувањето како и поставување на хипотези во релација на определениот предмет завршува со појаснување на целосната организација на проектот и заклучоци од статистички обработените податоци добиени со соодветни методи и инструменти. Што се однесува до карактерот на ова педагошко истражување, истото е од дескриптивен, неекспериментален и емпириски карактер со квантитативна ориентација.

## 1. Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување е да се утврди моменталната слика на менаџирањето со ИКТ при нејзина примена на часовите по англиски јазик во основното училиште. Предметот покрива идентификување на постоечката состојба на менаџирана употреба на ИКТ на ниво на училиште. Истражувањето се фокусира на основните ресурси достапни на наставникот и неговите професионални компетенции во поглед на планирање, организирање, координирање, мотивирање и контрола на овој сегмент од наставниот процес. По прецизно, ставот на наставникот по англиски јазик по ова прашање од аспект на неговите лични менаџерски способности за успешна реализација на ваков тип на час, превземените раководни активности од страна на директорите на училиштата, како и утврдување на ставот на ученикот од аспект на доверба кон конпетенциите на наставникот за управување со технологијата, а воедно и мотивираноста за нивно активно учество на технолошки поддржан час .

Јасно е дека вака дефинираниот предмет на истражување не навлегува во педагошка или лингвистичка сфера на изучување на јазик со примена на информациско-комуникациската технологија.

## 2. Цели и карактер на истражувањето

Во согласност со предметот на истражувањето на овој магистерски труд, поставени се и целите на истражувањето.

**Примарната цел** е да се се согледа постоење на организирана и менаџирана употреба на ИКТ на часовите по англиски јазик во основното училиште низ призма на:

- проценка и анализа на личните и професионални менаџерски компетенции на наставниците,
- ангажираноста на директорите на училиштата и нивното менаџирање на овој сегмент од наставниот процес како и
- активноста на учениците и нивната мотивираност за ваков тип на настава

**Теоретската цел** на овој истражувачки труд е да се понудат информации за управување и организација на наставниот процес со примена на ИКТ по предметот англиски јазик во основно образование, препознавање на предностите на добро менаџирање на технолошка имплементација и формирање на теоретска поддршка кон идентификувани позитивни и мотивирачки активности за наставниците и учениците.

**Апликативните цели** се однесуваат на наодите од истражувањето кои треба да покажат дали училиштата имаат потреба од подобрување на организацијата при примена на ИКТ на часовите по англиски јазик, дали наставниците имаат доволно развиени менаџерски вештини за успешна организирација на ваква настава, дали мотивираноста на учениците е детерминирана од добрата организација и компетенциите на наставникот за употреба на соодветната технологија и др.

# 3. Задачи на истражувањето

Во овој труд се определени следниве задачи на истражување:

- Да се идентификуваат расположивите ресурси на основните училишта во поглед на постоење и упореблвост на техничко-технолошки уреди ( компјутери), обучени наставници или тимови за ИКТ поддршка, финасиска поддршка за успешна реализација на настава со примена на ИКТ и др.
- Да се испитаат ставовите на наставниците во однос на нивната професионална оспособеност за успешно менаџирање, организирање и реализирање на наставен час по англиски јазик со примена на ИКТ.
- Да се испитаат ставовите на наставниците во однос на потреба од дополнителна обука, поддршка, техничка опременост или финансии за успешно менаџирање, организирање и реализирање на наставен час по англиски јазик со примена на ИКТ.
- Да се испитаат ставовите на директорите во однос на нивната професионална ангажираност во сегментот менаџирање, организирање и поддршка за успешно реализирање на настава со примена на ИКТ.
- Да се испитаат ставовите на директорите во однос на потреба од дополнителна обука, поддршка, техничка опременост или финансии од страна на државата за успешно реализирање на настава со примена на ИКТ.
- Да се испитаат ставовите на учениците во однос на нивната инволвираност во наставата со имплицирана ИКТ, информираност за разни технолошки средства, едукативни платформи и електронска комуникација, како и стимулираност и мотивација за учење на англиски јазик со примена на ИКТ.

# 4. Хипотези на истражувањето

Во истражувачкиот примерок на целната група е поставена следнава **општа (главна) хипотеза** на истражувањето која гласи:

***Наставниците по англиски јазик поседуваат компетенции за успешно менаџирање на наставен час со примена на ИКТ.***

Наведената главна хипотеза, статистички е проверена (тестирана) преку следниве наведени потхипотези:

**Х1: Наставниците по англиски јазик се мотивирани за самостојна имплементација на ИКТ во предметната настава.** *(посебна хипотеза бр.1)*

**Х1.1:** Наставниците по англиски јазик го планираат и реализираат користењето на ИКТ согласно нивните периодични и дневни наставни планирања.

**Х1.2:**Наставниците по англиски јазик ретко имаат потреба од дополнителна поддршка за организирање на час со користењето на ИКТ.

**Х1.3:** Наставниците по англиски јазик успешно го организираат, координираат и контролираат наставниот час при употреба на ИКТ преку соодветни мотивирачки едукативни активности.

**Х1.4:** Наставниците по англиски јазик ги мотивираат и стимулираат учениците за учење на англискиот јазик преку користење на разни иновативни видови и форми на ИКТ.

**Х2: Директорите во основните училишта сметаат дека доволно придонесуваат за успешно реализирање настава со примена на ИКТ.** *(посебна хипотеза бр.2)*

**Х2.1:** Директорите во основните училишта организираат поддршка и обуки на тема имплементација на ИКТ во наставата.

**X2.2:** Директорите во основните училишта практикуваат изработка на општ план за користење на ИКТ простории како поддршка и мотивираност за користење на ИКТ во наставата.

**X2.3:** Директорите ги **поддржуваат и мотивираат** наставниците по англиски јазик во имплементација на ИКТ во наставата.

**X3: Учениците часот по англиски јазик на кој се применува ИКТ го сметаат за интересен и мотивирачки.** *(посебна хипотеза бр.3)*

**X3.1.** Учениците со примената на ИКТ го проширувааt јазичниот дијапазон со **поинвентивно изучување** на англискиот јазик;

**X3.2.** Учениците преку доследната примена на ИКТ **развиваат интерес** за унапредување на сопствените знаења преку авангардно изучување на англискиот јазик.

## 5. Варијабли на истражувањето

Во нашето истражување *независни варијабли се:*

- Опременоста и ресурсите со кои располагаат училиштата;
- Географската положба на училитето ( градска/рурална област);
- Моменталната техничка опременост на училиштата;
- Работен стаж и лични амбици за кариерен развој на наставникот по англиски јазик;
- Моменталната работна позиција ( на која возрасна група предава);
- Форми на мотивирање на наставниците од страна на директорите.

Зависните варијабли во истражувањево се однесуваат на ставовите на наставниците, директорите и учениците од вишите одделенија во основните училишта во однос на:

- Детално планирање на примена на ИКТ кај наставниците по англиски јазик;
- Начин на организирање на часот со примена на ИКТ;

- Координирачки активности за текот на часот;
- Методи на мотивирање за ваков тип на настава;
- Типови на контрола за реализација и резултати од часот;
- Ставови и активности на директори во насока на ИКТ интеграција во наставата по англиски јазик;
- Ставовите и прифатливоста на учениците на технолошки поттикнат час по англиски јазик.

## 6. Методи и техники на истражувањето

При истражувањето е користен квантитативниот метод, а заклучоците се изведени врз основа на индукција. Имено, во истражувањето на овој магистерски труд беа применети следниве методи:

- аналитичко-синтетички метод;
- дескриптивен метод;
- компаративен метод;
- истражувачки метод;
- статистички метод.

За потребите на истражувањето од техниките беа применети анкетни online електронски форми со прашања од затворен тип освен прашалникот за директорите кој има комбиниран тип на прашања.

Во тој контекст беа применети следниве *техники на истражувањето:*

1. Анкета во online електронска форма - наменета за наставници по англиски јазик во основни училишта ( линк и pdf- форма во прилог на магистерскиот труд);

2. Анкета во online електронска форма - наменета за ученици во основни училишта ( линк и pdf- форма во прилог на магистерскиот труд) и

3. Анкета во online електронска форма -наменета за директори во основни училишта (линк и pdf- форма во прилог на магистерскиот труд).

***Online електронската анкета наменета за наставници по англиски јазик во основното образование*** се состои од седум дела:

- *Општи податоци за географската положба на училиштето и податоци за ресурси со кои располага истото* и
- *Демографски и лични податоци за испитаниците (пол, работен стаж, со која возраст на ученици најмногу имаат работено, личен став за сопствени вештини со справување со ИКТ).*

Податоците за менаџерските способности на наставниците по англиски јазик при примена на ИКТ на часот од позиција на менаџерските функции се сортирани во 5 ( пет) групи и тоа:

- *Податоци за ПЛАНИРАЊЕ ( дали планира, во кој дел од планирање на часот користи ИКТ, дали постои планирана временска рамка за користење на ИКТ, каков тип на планирања изготвува, комуникација со колеги на тема планирање на ИКТ и друго);*
- *Податоци за ОРГАНИЗИРАЊЕ на часот по англиски јазик со применета ИКТ ( дали наставникот сам го организира часот или има поддршка и соработка со ИКТ тим или колеги, дали следи одреден училишен план и протокол за организација на ваков тип на час, дали има свои правила за успешна организација и друго);*
- *Податоци за КООРДИНИРАЧКИ активности ( кои се активности ги превзема наставникот со цел да ги координира учениците на часот по англиски јазик);*
- *Податоци за МОТИВИРАЧКАТА функција на менаџментот ( со кои методи и активности наставникот ги мотивира учениците на часот со употреба на ИКТ, како и информации за применувани методи од страна на менаџерите на училишта за мотивирање на наставницицте за користење на технологија во настава).*

- *Податоци за КОНТРОЛНИ механизми и инструменти за успешно реализираниот наставен процес (кои и какви контролни механизми користи, дали ги споредува резултатите со планираните исходи, дали води дневник за самоевалуација или соработува со колеги со цел објективно оценување на остварениот час и друго).*

***Online електронската анкета наменета за ученици во основните училишта*** се состои од два дела:

- *Општи податоци за ученикот ( пол, во кое одделение е, во каква средина е неговото училиште и дали имаат компјутери во училницата)* и
- *Податоци во врска со наставата по предметот англиски јазик:*

1. *Дали и колку често наставникот користи ИКТ, како се снаоѓа, дали ги информира за технологијата и ги инволвира во организација на часот ;*
2. *Во кој дел од наставниот процес при изучување на англиски најчесто се применува ИКТ ;*
3. *Кои елекронски мрежи, платформи, апликации и друго се најчесто употребувани од страна на наставниците по англиски јазик за комуникација со нивните ученици ;* и
4. *Дали со употребата на ИКТ наставникот создава мотивирачка атмосфера за изучување на англискиот јазик.*

***Online електронската анкета наменета за директори на основни училишта во општина Куманово*** се состои од два дела:

- *Општи податоци за директорот и училиштето со кое управува ( пол, работен стаж како директор, опременост на училиштето и состојба на опремата и др.)* и
- *Податоци за користење на техничко-технолошки помагала во подучување на англиски јазик.*

1. *Став на директорот во однос на техничките вештини и организациски способности на наставникот по англиски за успешно планирање и реализирање на настава со ИКТ;*
2. *Начини на мотивирање и поттикнување на наставниците за почесто и ефективно користење на технологија на часот;*
3. *Метод и инструменти на контрола на наставниот процес со примена на ИКТ во училиштето* и
4. *Отворени прашања за став, мислење и сугетии на директорот во однос на активности кои наставникот по англиски треба да ги превземе за постојано модернизирање на наставата, кои се менаџерските заложби по истото прашање како и мислење за поддршка од општинските и државните релевантни институции од образовна област.*

## 7. Популација и примерок на истражувањето

Теренското истражување беше реализирано во вкупно 16 основни училишта во градот Куманово и во руралните средини на општината Куманово.

Примерокот во нашето истражување опфати вкупно: **215** анкетирани испитаници:

- **79** наставници по англиски јазик во основните училишта (59 во урбана средина и 20 во рурални средини);
- **16** директори на основни училишта во Куманово (10 во урбана и 6 во рурални средини); и
- **120** ученици од основно образование ( 34 ученици во урбана средина и 6 ученици од рурални средини во 7-мо одделение; 33 ученици од урбана средина и 7 ученици од рурални средини во 8-мо одделение; и 33 ученици од урбана средина и 7 ученици од рурални средини во 9-то одделение).

Листа на основни училишта и детали за примерокот се даден во следнава табела:

Табела 1 Примерок на основните училишта од општина Куманово

| Р.бр. | Назив на училиште | Општина Куманово |
|---|---|---|
| 1. | ООУ„11-ти Октомври“ | град Куманово |
| 2. | ООУ„Бајрам Шабани“ | град Куманово |
| 3. | ООУ„Наим Фрашери“ | град Куманово |
| 4. | ООУ„Браќа Миладиновци“ | град Куманово |
| 5. | ООУ„Крсте Мисирков“ | град Куманово |
| 6. | ООУ„Вук Караџиќ“ | град Куманово |
| 7. | ООУ„Кочо Рацин“ | град Куманово |
| 8. | ООУ„Толи Зордумис“ | град Куманово |
| 9. | ООУ„Христијан Карпош“ | град Куманово |
| 10. | ООУ„Магдалена Антова“ | град Куманово |
| 11. | ООУ„Битолски Конгрес“ | село Лопате |
| 12. | ООУ„Карпош“ | село Умин Дол |
| 13. | ООУ„Вера Которка“ | село Клечовце |
| 14. | ООУ„Јероним Де Рада“ | село Черкези |
| 15. | ООУ„Кирил и Методиј“ | село Романовце |
| 16. | ООУ„Браќа Рибар“ | село Табановце |

Во прилог на табелата изработен е графички приказ на примерокот на истражувањето во однос на половата структура на испитаниците како и графикони кои ја презентираат структурата на наставниците и директорите врз основа на работен стаж и структурата на примерокот на учениците според одделенија.

Во овој дел даден е графички приказ на полот на сите категории испитаници.




вкупно 79 :

м.(f)12 (15,20%);

ж.(f)67 (84,80%)

Графикон 1. Полова структура на наставниците




вкупно 120:

м.(f)52 (43,30%);

ж(f)68 (56,70%)

Графикон2. Полова структура на учениците




вкупно 16:

м.(f)8 (50,00%);

ж.(f) 8 (50,00%)

Графикон 3. Полова структура на директорите

Во следните графикони даден е приказ на работниот стаж на испитаниците и структура по одделенија за учениците.




До 8 години: (f)14 (**17,70%**);

од 9 до 15 години(f) 34 (**43,00%**);

од 16 до 25 години (f)31(**39,20%**)

Графикон 4. Структура на наставниците според работен стаж




До 8 год.:(f) 14 (**87,50%**);

од 9 до 15 год(f).: 2 (**12,50%**);

Графикон 5. Структура на директорите според работен стаж




**7-мо одд.**(f)**40 (33, 33 %)**;

**8-мо одд.**(f)**40 (33, 33 %)**;

**9-то одд.**(f)**40 (33, 33 %)**

Графикон 6. Структура на учениците по одделенија

# 8. Статистичка обработка на податоците

Во обработката на добиените податоци беше користена програмата за статистичка обработка на податоците SPSS (Statistical Package for Social Sciences). Статистичката значајност на претходно поставената генерална хипотеза со поставените посебни хипотези и потхипотези се провери преку следниве статистички методи:

- Пресметување на ХИ-квадратот врз основа на тестирање на хипотезата за еднаква распределба на добиените податоци во целната група (Николоски, 1988: 179).
- Пресметување на ХИ-квадратот од табела 2x2 за значајноста во добиените одговори од страна на целната група: ученици (Николоски,1988: 189).

# 9. Организација и тек на истражувањето

Текот на истражувањето се одвиваше според следниот редослед:

- Идентификација на проблемот и негова дефиниција;
- Изработка на проект на истражување;
- Собирање на податоците;
- Обработка на податоците и тестирање на хипотезите;
- Анализа и интерпретација на резултатите;
- Донесување на заклучоци врз основа на резултатите и
- Пишување извештај за истражувањето со заклучни сознанија и препораки.

## 10. Етика на реализираното истражување

Во методолошкиот дел, при методолошката изработката на магистерскиот труд, доследно беа почитувани следниве базични принципи на етичкото однесување и истражување: „...искреност, објективност, интегритет и внимателност...“ (Northey& Jewinski,2010:23).

# III Дел Резултати од истражувањето и дискусија

## 1. Дескриптивна анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето (табеларни и графички прикази на добиените пооделни резултати после примена на методолошките техники во истражувањето врз целната група)

Во методолошката кумулативна процена ги анализиравме следниве прашања од применетите методолошки техники на целната група:

- *Прашалник за ученици (прашања бр.4, 5, 7, 10, 11, 12 и 13) на анкетирани вкупно 120 ученици од 7-мо, 8-мо и 9-то одделение, од кои 100 во урбана средина и 20 ученици во рурална средина.*

- *Прашалник за наставници (прашања бр. 4, 9,10, 11,13, 17, 19, 21, 26, 27, 29, 33, 35 и бр.36) на анкетирани вкупно 79 наставници од кои 59 во урбана и 20 наставници во рурална средина во општината Куманово.*

- *Прашалник за директори (прашања бр.2, 3, 7, 8 и бр.10) на анкетирани вкупно 16 директори, од кои 10 во урбана и 6 во рурална средина во општината Куманово.*

## 1.1 Табеларен и графички приказ на одговорите од Прашалникот за ученици

Добиените одговори и ставови на учениците на

**Прашање бр.5 Наставникот по англиски јазик користи компјутер или друг СМАРТ уред на часот** како и на

**Прашање бр.7 Наставникот по англиски јазик однапред ни ги појаснува уредот /играта/софтверот**

од Прашалникот за ученици дадени се во следнава табела и графикон.

Табела 2 Табеларен приказ на добиените одговори на прашањата бр.5 и бр. 7

| *Одговори на ученици* | *Никогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| *Прашање бр.5* | 13 | 10,83 | 15 | 12,50 | 57 | 47,50 | 35 | 29,17 | **120** | **100,00** |
| *Прашање бр.7* | 15 | 12,50 | 15 | 12,50 | 51 | 42,50 | 39 | 32,50 | **120** | **100,00** |




Графикон 7 Графички преглед на одговорите на прашањата бр.5 и бр.7

Од презентираните резултати во табелата се забележува дека на прашањето бр.5 *Наставникот по англиски јазик користи компјутер или друг СМАРТ уред на часот* , најголем дел од испитаните ученици 47,50% одговориле со „Често“, додека само 10,83% од учениците го заокружиле одговорот Никогаш“. Одговорите „Понекогаш“ и „Секогаш“ се застапени со 12,50% и 29,17% соодветно. На

прашањето бр.7 *Наставникот по англиски јазик однапред ни ги појаснува уредот /играта/софтверот* најголеми проценти паѓа на одговорите „Често“42,50% и „Секогаш“ 32,50%, додека пак одговорите „ Никогаш“ и „Понекогаш“ се застапени со по 12,50% секој од нив.

Во табелата што следува дадени се ставовите на учениците на Прашањето бр.10 од Прашалникот за ученици кое гласи

- **Компјутерот или друг уред најчесто го користите за:**

Табела 3 Табеларен приказ на добиените одговори на прашањето бр.10

| *Одговори на ученици* | *Никогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| *Електронски тестови* | 13 | 10,83 | 15 | 12,50 | 57 | 47,50 | 35 | 29,17 | **120** | **100,00** |
| *Домашна работа* | 15 | 12,50 | 15 | 12,50 | 51 | 42,50 | 39 | 32,50 | **120** | **100,00** |
| *Проекти и презентации* | 0 | 0 | 21 | 17,50 | 19 | 15,83 | 80 | 66,67 | **120** | **100,00** |
| *Обработка на текстови* | 0 | 0 | 34 | 28,33 | 7 | 5,83 | 79 | 65,84 | **120** | **100,00** |
| *Електронски речник* | 8 | 6,67 | 50 | 41,67 | 49 | 40,83 | 13 | 10,83 | **120** | **100,00** |
| *Едукативни игри* | 16 | 13,33 | 37 | 30,83 | 59 | 49,67 | 8 | 6,67 | **120** | **100,00** |
| *Аудио/видео содржини* | 6 | 5,00 | 19 | 15,83 | 14 | 11,67 | 81 | 67,50 | **120** | **100,00** |

Истите одговори прикажани графички можат да се видат во следниов графикон.




Графикон 8 Графички преглед на одговорите на прашањето бр.10

Од приложените резултати на анкетираните 120 учениците од 7-мо, 8-мо и 9-то одделение во училиштата од урбана и рурална средина на прашањето бр.10 каде се бара да изберат **за што најчесто** го користат компјутерот ( друг смарт уред), најголем процент се изјасниле дека го користат „Секогаш" 67,50% за аудио/видео содржини, 66,67% за проекти и презентации и 65,84% за обработка на текстови. Високи проценти паѓаат и на одговорите „Често" и тоа 49,67% на играње едукативни игри за изучување на јазикот, 47,50% за решавање на електронски тестови, 42,50% за изработка на домашна работа, 40,83% на користење на електронски речник ( за превод, барање синоними и друго). Сепак има и ученици кои се изјасниле дека „Никогаш" не употребиле компјутер или друг смарт уред за наведените активности. Процентите се движат од 5% за аудио/видео содржини па до 13,33 % за едукативни игри.

Следнава табела и графикон ги даваат ставовите на учениците по Прашање бр.11

- **Наставникот за комуникација со вас користи:**

од Прашалникот , дел од ова истражување, наменет за учениците.

Табела 4 Табеларен приказ на добиените одговори на прашањето бр.11

| *Одговори на ученици* | *(f)* | *(%)* |
|---|---|---|
| *Виртуелни училници* | 105 | 87,50 |
| *Свој блог* | 65 | 54,17 |
| *Коминикацски платформи* | 110 | 91,67 |
| *Виртуелен склад* | 59 | 49,17 |
| *Социјална мрежа* | 101 | 84,17 |
| *Електронска пошта* | 21 | 17,50 |
| *Апликации* | 118 | 98,33 |




Графикон 9 Графички преглед на одговори на прашањето бр.11

На прашањето бр.11 учениците имаа можност на мулти избор на одговор, а резултатите на нивниот избор, дадени во табела бр3., покажуваат дека најмалку користен канал за комуникација е *Електронската пошта* со процентуална застапеност 17,50%. Користење на *Виртуелен* и *склад Блог* се застапени со 49,17% и 54,17%. Високи проценти на електронска комуникација меѓу наставниците и

учениците паѓаат на Апликации 98,33%, Комуникацски платформи 91,67%, Виртуелни училници 87,50% и се разбира ( иако законски неоправдани) Социјалните мрежи со нешто помал процент на застапеност од 84,17%.

Табелата 5 и графиконот кој соодветствува на истата даваат приказ на одговорите и ставовите на испитаните ученици на

- **Прашање бр.4 Дали во твојата училница има компјутери или други СМАРТ уреди?**
- **Прашање бр.12 Поинтересен ми е часот по англиски јазик кога се користи компјутер или СМАРТ уред** и на
- **Прашање бр.13 Повеќе запомнувам кога на часот има видео содржина/презентација** од Прашалникот за ученици.

Табела 5 Табеларен приказ на добиените одговори на прашањата бр.4, 12 и 13

| *Одговори на ученици* | *ДА* | | *НЕ* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| *Прашање бр.4* | 64 | 53,33 | 56 | 46,67 | **120** | **100,00** |
| *Прашање бр.12* | 76 | 63,33 | 44 | 36,67 | **120** | **100,00** |
| *Прашање бр.13* | 54 | 45,00 | 66 | 55,00 | **120** | **100,00** |




Графикон 10 Графички преглед на одговри напрашањата бр.4, бр.12 и бр.13

На прашањето *Дали во твојата училница има компјутери или други СМАРТ уреди?* потврден одговор т.е „ДА“ дале 53,33% од анкетираните ученици што е само за 6,66% повеќе од учениците кои немаат никаков технички уред во

нивната училница. Што се однесува за тврдењето бр.12 *Поинтересен ми е часот по англиски јазик кога се користи компјутер или СМАРТ уред* процентот на потврдните одговори на учениците 63,33% е значително поголем во однос на застапеноста на одговорот „НЕ“ 36,67%. Сепак, обратен случај се одговорите на тврдењето бр.13 *Повеќе запомнувам кога на часот има видео содржина/презентација.* Имено, овде процентот на одречниот одговор „НЕ“ е застапен со 55% и е за 10% почест во однос на одговорот „ДА“ 45%.

### **1.1.1** Дескриптивна анализа на одговорите на учениците

Од одговорите на 120 анкетирани ученици (100 во урбаните и 20 во руралните средини) на *прашањето* ***бр.4***, односно, според нивниот сооднос воочлив е фактот дека сеуште техничко-технолошката инфраструктура по училиштата, а со тоа и процесот на дигитализацијата во образованието е во нешто поодмината почетна фаза.

На *прашањето* ***бр.5*** најголем процент од одговорите се „Често“ и „Секогаш“ сепак, она што загрижува е процентот на учениците кои се изјасниле дека нивните наставници „Никогаш“ 10,83% или евентуално само „Понекогаш“ 12,50% користеле технологија на часот по англиски јазк.

Што се однесува за одговорите на *прашањето* ***бр.7*** од вкупно 120 ученици дури 90 од нив (75%) се изјасниле дека наставниците практикуваат „Секогаш“32,50% и „Често“42,50% однапред да им обезбедат информации за техничкиот уред или софтверот што ќе го користат на часот.

На *прашањето* ***бр.10*** и покрај фактот што навистина висок процент на одговори од анкетираните ученици укажуваат на аплицирање на ИКТ во конкретни активности на часот, сепак не е занемарувачки процентот на учениците 13,33% кои се изјасниле дека „Никогаш“ не употребиле ИКТ за едукативни игри на часот, па дури до 41,67% кои заокружиле дека само „Понекогаш“ нивниот наставник по англиски јазик им укажал на корисата од електронскиот речник при на пример обработка на текстотви или пишување есеи.

Од одговорите на анкетираните ученици на *прашањето* ***бр.11*** се утврдува дека освен електронската пошта со само 17,50% застапени одговори е веќе позастарен начин на е-комуникација, а дека сите други поактуелни електронски комуникациски канали се доста експлоатирани од страна на наставниците по англиски јазик.

На *прашањето* ***бр.12*** поголем е процентот 63,33% на учениците кои се изјасниле дека им е поинтересно на часот на кој се користи ИКТ уред.

Од одговорите пак на *прашањето* ***бр.13*** добиваме впечаток дека техничко-технолошките помагала не влијаат на совладување на одредена наставна единица. Повеќето ученици (55%) дале негативен одговор, што значи дека не запомнуваат повеќе во однос на часот кога не е употребен компјутер или друг ИКТ уред.

## **1.2.** Табеларен и графички приказ на одговорите на Прашалникот за наставниците

Во овој дел презентирани се преглед и дискусија на добиените резултати од извршената анкета на наставниците според Прашалникот за наставници.

Добиените ставови на наставниците на Прашањето бр.4 од Прашаникот за наставници кое гласи:

- **За дополнување на ситна потребна опрема (звучник, кабел,..) добивате финансиска помош од училиштето** презентирани се во следниве табела и графикон.

Табела 6 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.4

| *Одговори на наставници* | *Никогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| *За дополнување на ситна потребна опрема (звучник, кабел,..) добивате финансиска помош од училиштето* | 32 | 40,51 | **42** | 53,16 | 4 | 5,06 | **1** | 1,27 | **79** | **100,00** |




Графикон 11 Графички приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.4

На прашањето бр.4 *За дополнување на ситна потребна опрема (звучник, кабел,..) добивате финансиска помош од училиштето* од Прашалникот за наставници најголем процент на наставници 53,16% се изјасниле дека „Понекогаш“ добиваат финансиска помош од нивните училишта за ситна дополнителна и потрошна техничка опрема. Најмали проценти паѓаат на одговорите „Секогаш“ и „Често“ само 1,27% и 5,06% соодветно, додека одговорот „Никогаш“ добил незанемарливи 40,51%.

Следнава табела и графикон даваат преглед на ставовите на наставниците по Прашањето бр.9 **За себе сметате дека сте:..**

Табела 7. Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.9

| *Одговори на наставници* | *(f)* | *(%)* |
|---|---|---|
| *Сигурни сте и способни за користење на ИКТ на часот* | 38 | 48,10 |
| *Постојано треба да се дообучувате* | 41 | 51,90 |
| *Тешко се снаоѓате со примена на ИКТ на Вашиот час* | 0 | 0 |
| **ВКУПНО:** | **79** | **100,00** |




Графикон 12 Графички приказ на одговорите на наставниците на тврдењето бр.9

Од прикажаните ( табеларно и графички) одговори на тврдењето бр.9 *За себе сметате дека сте:* , се гледа блиската процентуална застапеност на одговорите „Сигурни и способни за користење на ИКТ на часот" со 48,10% и 51,90% на одговорот „Постојано треба да се дообучувам". Ниту еден наставник по англиски јазик не се изјаснил со „ Тешко се снаоѓате со примена на ИКТ на Вашиот час".

Следуваат ставовите на наставниците на Прашањето бр.10

- **За начини на користење на ИКТ на часот по англиски јазик најчесто учите:**

претставени во табела бр.8 и графикон бр.13

Табела 8 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.10

| *Одговори на наставници* | *(f)* | *(%)* |
|---|---|---|
| *Преку обуки организирани од БРО и МОН* | 56 | 70,89 |
| *Размена на искуства со колеги на Стручен актив* | 4 | 5,06 |
| *Самостојно од книги, списанија, интернет, веб бинари* | 19 | 24,05 |
| **ВКУПНО:** | **79** | **100,00** |




Графикон 13 Графички приказ на одговорите на наставниците на тврдењето бр.10

Најголем процент 70,89% на тврдењето бр.10 од Прашалникот за наставници, каде се бара најпреферирaн начин за учење за модели на примена на ИКТ на часот по англиски јазик, има опцијата „ Преку обуки организирани од БРО и МОН". Другите опции „ Самостојно од книги, списанија, интернет, веб бинари" и „Размена на искуства со колеги на Стручен актив" учествуваат со 24,05% и 5,06% соодветно.

**ПЛАНИРАЊЕ**

Ставовите и одговорите на наставниците во делот на планирањето на настава по англиски јазик со користење на компјутер или друг СМАРТ уред се презентирани во табелите бр.9, бр.10 и бр.11 и преку на нив соодветни графикони.

Во табелата бр.9 дадени се ставовите на наставниците на тврдењето бр.11

- **Користам компјутер/ друга технологија за изработка на план за часот**

од Прашалникот за наставници.

Табела 9 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.11

| | *Никогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Одговори на наставници* | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| | 0 | 0 | 2 | 2,53 | 5 | 6,33 | 72 | 91,14 | **79** | **100,00** |

Во табелата 10 дадени се ставовите на наставниците на тврдењето бр.13

**-Правам претходни проби со ИКТ што планирам да ја користам**

додека со графиконот бр.14 графички се презентирани одговорите на наставниците на двете споменти прашања бр.11 и бр.13.

Табела 10 Табеларен риказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.13

| *Одговори на наставници* | *Никогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| | 0 | 0 | 26 | 32,91 | 45 | 56,96 | 8 | 10,13 | **79** | **100,00** |




Графикон 14 Графички приказ на одговорите на наставниците на тврдењата бр.11 и бр.13

Дури 91,14% од испитаните 79 наставници од основни училишта во урбана и рурална средина се изјасниле дека „Секогаш“ користат ИКТ за изработка на план за часот т.е. на тврдењето бр. 11 од Прашалникот за наставници. Многу е мал процентуалниот учинок на алтернативите „ Понекогаш“ и „ Често“ со 2,53% и 6,33%. Нема наставници кои воопшто не користат технички уред при процесот на планирање на часот. Што се однесува до тврдењето бр.13 *Правам претходни проби со ИКТ што планирам да ја користам*, повеќе од половина од испитаниците 56,96% се изјасниле дека тоа го прават „Често“, околу една третина 32,91% дека само „Понекогаш“ прават претходни проби, а остатокот од 10,13% со категоричен став дека „Секогаш„ пред часот прават проба за исправноста на ИКТ што треба да ја користат.

Во последната табела и графикон од прашањата во делот за планирање дадени се оценките на наставниците од нивно самооценување согласно Прашањето бр.17

- **Ве молам самооценете се колку успешно го планирате користењето на ИКТ на часот согласно Годишните планирања за користење на ИКТ (временски, во кој дел од часот, кој тип на технологија..)?**

Табела 11 Табеларен приказ на ставовите на наставниците на прашањето бр.17

| *Одговори на наставници* | *Оценка:1* | | *Оценка:2* | | *Оцена:3* | | *Оценка:4* | | *Оценка:5* | | **ВКУПНО**: | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| | 0 | 0 | 1 | 1,26 | 3 | 3,80 | 55 | 69,62 | 20 | 25,32 | **79** | **100,00** |




Графикон 15 Графички приказ на одговорите на наставниците на тврдењето бр.17

Од презентираните резултати во табеларниот и графичкиот кумулативен приказ забележителен е високиот процент од 69,62% на „Оценка4“ при самооценување на анкетираните наставници на тврдењето бр.17 *Ве молам самооценете се колку успешно го планирате користењето на ИКТ на часот согласно Годишните планирања за користење на ИКТ (временски, во кој дел од часот, кој тип на технологија..)?*. Сепак една четвртина од наставниците 25,32% се оцениле со „Оценка5“, додека „Оценка3“ и „ Оценка2“ се застапени само со 3,80% и 1,26%.

## ОРГАНИЗИРАЊЕ

Во табелите 12 и 13 претставени се добиените резултати на прашањата во организацискиот дел на часот по англиски јазик со примена на ИКТ.

Прашањето бр.19

**- Часот со примена на ИКТ го организирате:** со број на избрани од понудените тврдења е претставено во табелата бр.12 и графиконот бр.16.

Табела 12 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.19

| *Одговори на наставници* | *Никогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| *Самостојно го организирам часот со ИКТ* | 0 | 0 | 1 | 1,26 | 9 | 11,40 | 69 | 87,34 | **79** | **100,00** |
| *Го организирам со помош на колега/колешка* | 16 | 20,25 | 27 | 34,18 | 36 | 45,57 | 0 | 0 | **79** | **100,00** |
| *Наставникот по информатика ми помага* | 33 | 41,77 | 29 | 36,71 | 17 | 21,52 | 0 | 0 | **79** | **100,00** |
| *Тимот за ИКТ поддршка ми е од корист* | 34 | 43,04 | 42 | 53,16 | 3 | 3,80 | 0 | 0 | **79** | **100,00** |




Графикон 16 Графички приказ на одговорите на наставниците на тврдењето бр.19

Едно од прашањата во делот за организација на часот се ставовите во тврдењето бр.19 каде се евидентира степенот на самостојноста на наставниците по англиски јазик при организирање на час со примена на ИКТ. Пребројаните одговори покажуваат дека со највисок процент на застапеност 87,34% е одговорот „Секогаш“ на тврдењето *Самостојно го организирам часот со ИКТ* . Одговорот„Често“ на истото тврдење е застапен со 11,40% додека на „Понекогаш“ му припаќа само 1,26%. Скоро половина од наставниците 45,57% „Често“

соработуваат со своите колеги при организација на час со употреба на ИКТ, околу една третина 34,18% „Понекогаш“, а дури 20,25% „Никогаш“ не побарале помош при организација. 41,77% од испитаниците се изјасниле дека „Никогаш“ не добиле поддршка од *наставник по информатика* и слично на овој податок, 43,04% „Никогаш“ немале помош од *ТИМ за ИКТ поддршка*. Сепак, повеќе од половина на анкетираните наставници 53,16% „Понекогаш“ соработувале со членовите од *ТИМ за ИКТ поддршка,* а на повеќе од една третина 36,71% *наставникот по информатика* им излегол во пресрет.

Ставовите на наставниците по англиски јазик во насока на „ добра“ организација на час потпомогнат со технолошки уред т.е. одговори на прашањето бр.21

- **За добра организација на часот МОРА:**

дадени се во табелата бр.13 и графиконот бр.17.

Табела 13 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.21

| *Одговори на наставници* | *Никогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| *претходно да ја проверам исправноста на ИКТ* | 0 | 0 | 34 | 43,04 | 20 | 25,31 | 25 | 31,65 | **79** | **100,00** |
| *да си обезбедам дополнителна опрема* | 42 | 53,16 | 23 | 29,11 | 4 | 5,06 | 10 | 12,67 | **79** | **100,00** |
| *да дојдам барем 10 мин. порано во училница* | 0 | 0 | 29 | 36,71 | 29 | 36,71 | 21 | 26,58 | **79** | **100,00** |
| *навремено да ги информирам учениците* | 4 | 5,06 | 49 | 62,03 | 15 | 18,99 | 11 | 13,92 | **79** | **100,00** |
| *да ги информирам директорот/колегите* | 4 | 5,06 | 43 | 54,43 | 22 | 27,85 | 10 | 12,67 | **79** | **100,00** |




Графикон 17 Графички приказ на одговорите на наставниците на тврдењето бр.21

На прашањето бр.21 кое се занимава со принципите за добра организација на часот со примена на ИКТ , тврдењето *да ја проверам ИКТ* е застапено со 43,04% преку опцијата „Понекогаш“, додека за опциите „Секогаш“ и „Често“ се изјасниле над половина од испитаните наставници т.е. 31,65% и 25,31%.

Кај тврдењето *Да обезбедам дополнителна опрема* со 53,16% се истакнува опцијата„Никогаш“. Опцијата „ Понекогаш“ има 29,11% и со мал процент учествуваат опциите„Често“ 5,06% и „Секогаш“12,67%. Дури 62,03% од наставниците сметаат дека „Понекогаш“ е добро *навремено да се информираат учениците*, а не е мал процентот и на оние кои „Често“18,99% и „Секогаш“13,92% го прават тоа. Скоро сразмерни се процентите на застапените опции на тврдењето дека е добро барем *10 мин. предвреме да се отиде на час* ако е планирана употреба на технички уред или компјутери. „Секогаш“ треба порано да се отиде на

час сметаат 26,58%, додека ист е процентот на наставниците 36,71% кои сметаат дека тоа треба „Често“ или „ Понекогаш“ да се практикува.

## КООРДИНИРАЊЕ

Во делот на втората функција во менаџирање на наставниот процес – координирање, обработени се резултатите од прашањето бр.26 кое гласи

- **За координирање на учениците на часот применувам:**

и истите се претставени во табелата 14 и графикон 18.

Табела 14 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.26

| *Одговори на наставници* | *Никогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| *постојано мониторирање* | 0 | 0 | 7 | 8,87 | 15 | 18,99 | 57 | 72,14 | **79** | **100,00** |
| *потпомагање со ИКТ* | 0 | 0 | 31 | 39,24 | 16 | 20,25 | 32 | 40,51 | **79** | **100,00** |
| *групирање на ученици* | 10 | 12,67 | 57 | 72,14 | 12 | 15,19 | 0 | 0 | **79** | **100,00** |
| *синхронизирање на индивидуални активности* | 0 | 0 | 40 | 50,63 | 17 | 21,52 | 22 | 27,85 | **79** | **100,00** |
| *прекин на активности со цел повторување на инструкциите* | 59 | 74,68 | 4 | 5,06 | 3 | 3,80 | 13 | 16,46 | **79** | **100,00** |

Истите одговори од табелата 14, во врска со координирачки активности на часот по англиски јазик од страна на наставникот, графички се претставени во столбестиот графикон 18.




Графикон 18 Графички приказ на одговорите на наставниците на тврдењето бр.26

Од презентираните резултати во табела бр.14 и графикон бр.18 за избраните опции на тврдењата на тема **координирање** на активностите на часот по англиски јазик со користење на ИКТ се забележува следново: најголем процент 72,14% на тврдењето *постојано мониторирање* добила опцијата „Секогаш". „Често" и „Понекогаш" се застапени со 18,99% и 8,87%. Тврдењето *потпомагање со ИКТ* има две опции со блиска процентуална застапеност 39,24% „Понекогаш" и 40,51%„Секогаш". Една петина 20,25% се изјасниле за опцијата„Често". 72,14% од наставниците „Понекогаш" применуваат *групирање на ученици*, а 15,19% и 12,67% тоа го прават „Често" и „ Никогаш" ( соодветно). Половина од наставниците 50,63% се изјасниле дека „Понекогаш" применуваат *синхронизирање на активности* додека другата половина пак таква активност превзема „Често" 21,52% и „Секогаш" 27,85%. Голем е процентот на наставници 74,68% кои сметаат дека „Никогаш" не треба да се прави *прекин на тековните активности*. Сепак мал дел од наставниците 5,06%,3,80% и 16,46% сметаат дека „Понекогаш", „Често" и „ Секогаш" ( соодветно) треба да се направи прекин со цел подобро да се искоординира натамошниот тек на часот.

## МОТИВИРАЊЕ

Резултатите од анкетирање на наставниците по англиски јазик на прашањата бр.27, бр.29 и бр.30 кои се однесуваат на начини на мотивирање на учениците и самомотивираноста на самите наставници обработени се во табелите 15, 16 и 17.

Одговорите на Прашањето бр.27

- **Директорот на училиштето Ве поттикнува и мотивира на примена на ИКТ преку:**

презентирани се во Табела бр.15.

Табела 15 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.27

| *Одговори на наставници* | *(f)* | *(%)* |
|---|---|---|
| *постојано организирање на интерни обуки и семинари за ИКТ* | 10 | 12,66 |
| *достава на валидни информации за обуки на кои можете сами да се приклучите* | 43 | 54,43 |
| *истакнување на успешен час со примена на ИКТ на друг колега* | 5 | 6,33 |
| *поттикнување на успешна соработка со посpремни колеги* | 19 | 24,05 |
| *потсетување дека тоа е законска обврска* | 2 | 2,53 |
| *ниту една од понудените можности* | 0 | 0 |




Графикон 19. Графички приказ на одговорите на наставниците на тврдењето бр.27

Кумулативните прикази на избраните одговори на прашањето бр.27 *Директорот на училиштето Ве поттикнува и мотивира на примена на ИКТ преку* ја потенцира опцијата „Достава на валидни информации" со процентуална застапеност од 54,43%. Околу една четвртина т.е. 24,05% од наставниците сметаат дека директорите ги „поттикнуваат на колегијална соработка" додека само 12,66% организираат „интерни обуки и семинари". Мал процент 6,33% „истакнуваат успешен час" и само 2,53%„ потсетуваат дека примена на ИКТ е законска обврска".

Одговорите на Прашањето бр.29

- **Што се однесува до мотивираноста на учениците за час со употреба на ИКТ:**

од Прашалникот за наставници презентирани се во Табела 16.

Табела 16 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.29

| *Одговори на наставници* | *Никогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| *тешко ги мотивирам за ваков час* | 48 | 60,76 | 30 | 37,97 | 1 | 1,27 | 0 | 0 | **79** | **100,00** |
| *мотивираноста е поголема од вообичаено* | 0 | 0 | 22 | 27,85 | 29 | 36,71 | 28 | 35,44 | **79** | **100,00** |
| *им давам однапред некои задолженија* | 2 | 2,53 | 62 | 78,48 | 12 | 15,19 | 3 | 3,80 | **79** | **100,00** |
| *ги вклучувам во организација на часот* | 2 | 2,53 | 27 | 34,18 | 31 | 39,24 | 19 | 24,05 | **79** | **100,00** |
| *ги запознавам детално за содржината и целта на ИКТ што ќе ја користам* | 0 | 0 | 45 | 56,96 | 9 | 11,39 | 25 | 31,65 | **79** | **100,00** |

Истите резултати односно, прераспределба на понудените опции на прашањето во врска со мотивираноста на учениците графички се претставени во графиконот 20.




Графикон 20 Графички приказ на одговорите на наставниците на тврдењето бр.29

Од претходно ( табеларно и графички) презентираните резултати на прашањето бр.29 *Што се однесува до мотивираноста на учениците за час со употреба на ИКТ:* тврдењето *тешко ги мотивирам* е со највисок процент на опција „Никогаш“ 60,76%, „ Понекогаш“ 37,97% и „Често“ со занемарлив 1,27%. На тврдењето *ги запознавам со содржината и целите на часот* 56,96% од наставниците се изјасниле со „Понекогаш“но, нешто помалку од една половина „Често“ 11,39% и „Секогаш“ 31,65% ја практикуваат оваа мотивирачка активност. Процентот на наставниците кои „Секогаш“, „Често“ или барем „ Понекогаш“ *ги ангажираат учениците во организација на часот* е 24,05%, 39,24% и 34,18% соодветно. Дека *мотивираноста на учениците на час со примена на ИКТ е поголема во однос на редовните часови* сметаат 35,44% од наставниците преку опција „Секогаш“, 36,71%„Често“ и 27,85%„Понекогаш“.

Во следниве табела и графикон обработени се резултати од самооценување на наставниците за одржување на час со употреба на ИКТ, т.е. одговори на прашањето бр. 30

- **Колку сте мотивирани за користење на ИКТ на часот.**

Табела 17 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.30

| *Одговори на наставници* | *Оценка: 1* | | *Оценка: 2* | | *Оценка:3* | | *Оценка:4* | | *Оценка:5* | | **ВКУПНО**: | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 18 | 22,78 | 13 | 16,46 | 48 | 60,76 | **79** | **100,00** |




Графикон 21 Графички приказ на одговорите на наставниците на тврдењето бр.30

Презентираните кумулативни одговори на прашањето бр.30 *Колку сте мотивирани за користење на ИКТ на часот* покажуваат дека дури 60,76% од наставниците се самоцениле со „Оценка5", 16,46% со „Оценка4" и 22,78% со најниска избрана „Оценка3".

## КОНТРОЛА

Резултатите од прашањата на последниот дел на Прашалникот за наставници, во насока на контрола, како последна функција по процесот на менаџмент, презентитани се во табелите што следуваат.

Во Табела бр.18 се добиените резултати од Прашањето бр.33 од Прашалникот за наставници кое гласи

- **Пополнувам Лист за самоевалуација и оценка на квалитет за текот на часот.**

Табела 18 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.33

| *Одговори на наставници* | *Никогогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| | 1 | 1,26 | 55 | 69,62 | 5 | 6,33 | 18 | 22,79 | **79** | **100** |

Истите резултати графички се претставени во следниов графикон.




Графикон 22 Графички приказ на одговорите на наставниците на тврдењето бр.33

Презентираните резултати на прашањето бр.33 *Пополнувам Лист за самоевалуација и оценка на квалитет за текот на часот* укажуваат дека повеќето од наставниците 69,62% се изјасниле дека „Понекогаш“ пополнуваат самоевалуациска листа, доста помал процент 22,79% тоа го прават „Секогаш“, само 6,33% ја избрале опцијата „Често“ и најмалку 1,26% се определиле за „Никогаш“.

Појаснувањето за типот на контролните механизми кои наставникот по англиски јазик ги користи во наставниот процес дадено е преку резултатите и дискусијата за одговорите на Прашањето бр. 35

- **Природата на контролните механизми што ги користам е:**

ДЕТЕКТИВНА - ги откривам можните недостатоци и проблеми со кои се срeќавам

ПРЕВЕНТИВНА - контролирам однапред и превенирам појава на проблеми

КОРЕКТИВНА-пречките и неуспесите ги користам за поуспешно планирање/реализирање во иднина

Табела 19 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.35

| *Одговори на наставници* | *Силно се согласувам* | | *Донекаде се согласувам* | | *Донекаде не се согласувам* | | *Не се согласувам* | | *Не знам* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| ДЕТЕКТИВНА | 63 | 79,74 | 8 | 10,13 | 0 | 0 | 8 | 10,13 | 0 | 0 | **79** | **100,00** |
| ПРЕВЕНТИВНА | 59 | 74,69 | 16 | 20,25 | 0 | 0 | 4 | 5,06 | 0 | 0 | **79** | **100,00** |
| КОРЕКТИВНА | 73 | 92,40 | 6 | 7,60 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **79** | **100,00** |




Графикон 23 Графички приказ на одговорите на наставниците на тврдењето бр.35

Од претходно прикажаните одговори на прашањето бр.35 од Прашалникот за наставници ( табела 18 и график 17) најголем процент од анкетираните наставници 79,74% „Силно се согласуваат“ дека нивните контролни механизми имаат *детективна природа,* 74,69% „ Силно се согласуваат“ дека *превентивни елементи* се исто карактеристика на контролните механизми користени на часот по англиски јазик и најпосле со максимален процент од 92,40% наставниците „Силно се согласни“ дека *корективноста* во текот на часот има сепак е најприменлив модел на контрола.

Евидентирање на крајните цели на наставниот час или целина и нивна реализација се обработува во Прашањето бр.36 кое гласи

- **Водам дневник за поставени и остварени крајни цели за часови со примена на ИКТ за одреден период (учебна година) ,**

а резултатите од анкетата се претставени во следнава табела.

Табела 20 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.36

| *Одговори на наставници* | *Никогогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| | 5 | 6,33 | 47 | 59,49 | 25 | 31,64 | 2 | 2,54 | **79** | **100,00** |

Најголем процент 59,49% од наставниците одговориле со „Понекогаш“ на тврдењето бр.36 *Водам дневник за поставени и остварени крајни цели за часови со примена на ИКТ за одреден период (учебна година)* , една третина од анкетираните 79 наставници или 31,64% се изјасниле дека „Често“ *водат дневник за поставени и остварени цели,* само 2,54% ја избрале опцијата„Секогаш“ и 6,33% заокружиле „Никогаш“.

### **1.2.1** Дескриптивна анализа на одговорите на наставниците

На *прашањето **бр.4** За дополнување на ситна потребна опрема (звучник, кабел,..) добивате финансиска помош од училиштето* од Прашалникот за наставници нешто повеќе од половина наставници 53,16% се изјасниле дека „Понекогаш“добиваат финансиска помош од нивните училишта но, голем е и процентот 40,51% на наставниците на кои „Никогаш“ училиштето не им излегло во пресрет на такво барање.

Од одговорите на *тврдењето **бр.9** За себе сметате дека сте:* се гледа дека мислењата на наставниците се скоро еднакво поделени 48,10% „Сигурни и способни за користење на ИКТ на часот и 51,90% „Постојано треба да се дообучувам“.

Најголем процент 70,89% од наставниците на *тврдењето **бр.10*** избрале „Преку обуки организирани од БРО и МОН“ како најпрефериран начин за учење за модели на примена на ИКТ на часот по англиски јазик

Дури 91,14% од испитаните 79 наставници *на тврдењето **бр. 11*** „Секогаш“ користат ИКТ за изработка на план за часот.

Што се однесува до *тврдењето **бр.13** Правам претходни проби со ИКТ што планирам да ја користам*, повеќе од половина од испитаниците 56,96% се изјасниле дека тоа го прават „Често“, сепак има и доследни 10,13% кои „Секогаш“ пред часот прават проба за исправноста на ИКТ што треба да ја користат.

На *тврдењето бр.17, Ве молам самооценете се колку успешно го планирате користењето на ИКТ на часот согласно Годишните планирања за користење на ИКТ (временски, во кој дел од часот, кој тип на технологија..)?* забележителен е високиот процент од 69,62% на „Оценка4“, а дури една четвртина од наставниците 25,32% се oцениле со „Оценка5“.

Пребројаните одговори на *тврдењето **бр.19*** покажуваат дека високи 87,34% од наставниците одбрале„Секогаш“ за *Самостојно го организирам часот со ИКТ* . Скоро половина од наставниците 45,57% „Често“ соработуваат со своите колеги при организација на час со употреба на ИКТ. 41,77% од испитаниците се изјасниле дека „Никогаш“ не добиле поддршка од *наставник по информатика* , а 43,04% „Никогаш“ немале помош од *ТИМ за ИКТ поддршка*.

На *прашањето* ***бр.21*** и тврдењето *да ја проверам ИКТ* за опциите „Секогаш“ и „Често“ се изјасниле над половина од испитаните наставници т.е. 31,65% и 25,31%. Кај тврдењето *Да обезбедам дополнителна опрема* со 53,16% се истакнува опцијата„Никогаш“, а дури 62,03% од наставниците сметаат дека „Понекогаш“ е добро *навремено да се информираат учениците*. Дека „Секогаш“ е добро барем *10 мин. предвреме да се отиде на час* ако е планирана употреба на технички уред или компјутери треба сметаат 26,58% наставници, додека по 36,71% од нив сметаат дека тоа треба „Често“ или „ Понекогаш“ да се практикува.

Најголем процент 72,14% на *прашањето* ***бр.26*** *За координирање на учениците на часот применувам:* тврдењето *постојано мониторирање* добила опцијата „Секогаш“. Тврдењето *потпомагање со ИКТ* блиска процентуална застапеност на „Понекогаш“ 39,24% и 40,51%„Секогаш“. Голем е процентот на наставниците 72,14% кои „Понекогаш“ применуваат *групирање на ученици*, а нешто повеќе од половина 50,63% се изјасниле дека „Понекогаш“ применуваат *синхронизирање на активности*. Скоро исто толку наставници 74,68% сметаат дека „Никогаш“ не треба да се прави *прекин на тековните активности* со цел подобро да се искоординира натамошниот тек на часот.

Во одговорите на *прашањето* ***бр.27*** *Директорот на училиштето Ве поттикнува и мотивира на примена на ИКТ преку* потенцирана е опцијата „Достава на валидни информации“ со процентуална застапеност од 54,43%. Сепак, околу една четвртина т.е. 24,05% од наставниците сметаат дека директорите ги „поттикнуваат на колегијална соработка“.

Од заокружените опции *на прашањето* ***бр.29*** *Што се однесува до мотивираноста на учениците за час со употреба на ИКТ:* со највисок процент на опција „Никогаш“ 60,76%е тврдењето *тешко ги мотивирам*. На тврдењето *ги запознавам со содржината и целите на часот* нешто помалку од една половина наставници „Често“ 11,39% и „Секогаш“ 31,65% ја практикуваат оваа мотивирачка активност. Процентот на наставниците кои „Секогаш“, „Често“ или барем „ Понекогаш“ *ги ангажираат учениците во организација на часот* е 24,05%, 39,24% и 34,18% соодветно. Дека *мотивираноста на учениците на час со примена на ИКТ е поголема во однос на редовните часови* се сложуваат дури 72,15% наставници и тоа 35,44% со „Секогаш“ и 36,71% со одговор „Често“ .

Презентираните кумулативни одговори на *прашањето* ***бр.30*** *Колку сте мотивирани за користење на ИКТ на часот* покажуваат дека дури 60,76% од наставниците се самооцениле со „Оценка5“.

Резултати на *прашањето* ***бр.33*** *Пополнувам Лист за самоевалуација и оценка на квалитет за текот на часот* укажуваат дека повеќето од наставниците 69,62% се изјасниле дека само „Понекогаш“ ја извршуваат таа обврска.

На *прашањето* ***бр.35*** со максимален процент од 92,40% наставниците „Силно се согласни“ дека *корективноста* во текот на часот е најефективен и најприменлив модел на контрола. Сепак, 79,74% „Силно се согласуваат“ дека нивните контролни механизми имаат и *детективна природа,* а 74,69% „ Силно се согласуваат“ дека *превентивни елементи* се исто карактеристика на контролните механизми користени на часот по англиски јазик.

Најголем процент 59,49% од наставниците одговориле со „Понекогаш“ на *тврдењето* ***бр.36*** *Водам дневник за поставени и остварени крајни цели за часови со примена на ИКТ за одреден период (учебна година).*

## 1.3 Табеларен и графички приказ на одговорите на прашалникот за директори

Во овој дел презентирани се резултатите и дадена дискусија од анкетирање на директорите на основните училишта во општина Куманово. Со какви техничко-технолошки и човечки ресурси располага училиштето директорите појаснуваат со одговарање на првите неколку прашања.

Одговорите на Прашањата бр.2

- **Училиштето на кое сте директор има:** претставени се во следнава табела и графикон.

Табела 21 Табеларен приказ на одговорите на директорите на прашањето бр.2

| *Одговори на директори* | *(f)* | *(%)* |
|---|---|---|
| *Наставник по информатика* | 11 | 68,75 |
| *Неколку училници опремени со ИКТ опрема* | 11 | 68,75 |
| *Формиран тим за ИКТ поддршка* | 12 | 75 |
| *Компјутери или СМАРТ уреди во ИКТ кабинет* | 11 | 68,75 |
| *ИКТ опрема во секоја училница* | 1 | 6,25 |
| *Има кабинет по англиски јазик опремен со ИКТ опрема – компјутери* | 3 | 18,75 |

Прашањето бр.2 *Училиштето на кое сте директор има:* од Прашалникот за директори е со одговори од тип на мулти-избор.Од прикажаните кумулативни избори со ист процент 68,75% се јавуваат опциите кои кажуваат дека училиштето има „ Наставник по информатика“, „Неколку училници опремени со ИКТ опрема“ и „ Компјутери /СМАРТ уред во ИКТ кабинет“. 75% од директорит се изјасниле дека во нивното училиште има „формирано тим за ИКТ поддршка“ но, само во 18,75% од училиштата наставниците по англиски јазик имаат свои кабинети опремени со соодветна ИКТ опрема.

Дека има „ ИКТ опрема во секоја училница“ се изјаснил само еден директор на основно училиште, што е 6,25% од анкетирани 16.




Графикон 24 Графички приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.2

Информации за состојбата на техничката опрема се резултатите од Прашањето бр.3 кое гласи

- **Во однос на техничката опрема сметате дека:**

презентирани во следнава табела .

Табела 22 Табеларен приказ на одговорите на директорите на прашањето бр.3

| *Одговори на директори* | *Никогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| *училиштето континуиарано финансира набавка на ситна техничка опрема* | 0 | 0 | 1 | 6,25 | 11 | 68,75 | 4 | 25 | **16** | **100,00** |
| *целата техничка опрема е исправна и употреблива* | 0 | 0 | 0 | 0 | 13 | 81,25 | 3 | 18,75 | **16** | **100,00** |
| *има постојана Интернет конекција* | 0 | 0 | 0 | 0 | 14 | 87,50 | 2 | 12,50 | **16** | **100,00** |
| *општа оценка на ИКТ ресурси-опрема, кадар е* | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 62,50 | 6 | 37,50 | **16** | **100,00** |

Презентираните одговори на прашањето бр.3 *Во однос на техничка опременост сметате дека:* кај тврдењето „училиштето континуиарано финансира набавка на ситна техничка опрема“ покажуваат највисок процент од 68,75% на изборот„Често“ и 25% и 6,25 на „Секогаш“ и „Понекогаш“ соодветно. Дека „Често“ „целата техничка опрема е исправна и употреблива“ се изјасниле 81,25% додека останатите 18,75% од испитаните директори сметаат дека тоа „Секогаш“ е така. „Често“ „ има постојана Интернет конекција“ е став на 87,5% од директорите, а помалата група од само 12,5% за истото тврдење ја избрале опцијата „Секогаш“. На барањето да ја оценат „ општата состојба на ИКТ ресурси – опрема и кадар..“ директорите се поделиле во две групи и тоа: 37,5% оцениле со највисока оценка додека поголемата група од 62,5% со една пониска.

Мислењето на директорите за наставниците по англиски јазик како дел од колективот со кој менаџираат е испитано со Прашањето бр.6

- **За наставниците по англиски јазик сметате дека се,** а резулатите

од анкетата претставени во следниве табела и графикон.

Табела 23 Табеларен приказ на одговорите на директорите на прашањето бр.6

| *Одговори на директори* | *(f)* | *(%)* |
|---|---|---|
| *Сигурни и способни за користење на ИКТ на часот* | **16** | **100,00** |
| *Треба да се дообучат* | **0** | **0** |
| *Тешко се снаоѓаат во примена на ИКТ на часот по англиски јазик* | **0** | **0** |
| **ВКУПНО:** | **16** | **100,00** |




Графикон 25 Графички приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.6

На прашањето бр.6 *За наставниците по англиски јазик сметате дека се* сите директори , 100% се изјасниле со ставот „ сигурни и способни за користење на ИКТ на часот“.

Следнава табела ги дава резултатите на Прашањето бр.7

- **Вашите ставови за планирано користење на ИКТ** , поставено на директорите во Прашалникот за директори.

Табела 24 Табеларен приказ на одговорите на директорите на прашањето бр.7

| *Одговори на директори* | *Никогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| *Наставниците по англиски јазик имаат годишен план за користење на ИКТ* | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16 | 100 | **16** | **100,00** |
| *При планирањето тие внимаваат на минимум од 30% од вкупниот број на наставни часови* | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 43,75 | 9 | 56,25 | **16** | **100,00** |
| *Училиштето изготвува глобален план за користење на ИКТ* | 1 | 6,25 | 1 | 6,25 | 3 | 18,75 | 11 | 68,75 | **16** | **100,00** |

Од табеларно прикажаните одговори на прашањето бр.7 *Вашите ставови за планирано користење на ИКТ* тврдењето „Наставниците по англиски јазик имаат годишен план за користење на ИКТ“има 100% потврда „ Секогаш“. 56,25% од директорите се изјасниле со „Секогаш“ на тврдењето„При планирањето тие внимаваат на минимум од 30% од вкупниот број на наставни часови“, а 43,75% го заокружиле изборот „Често“. Дека „Секогаш“ „ Училиштето изготвува глобален план за користење на ИКТ „ сметаат 68,75% од анкетираните директори, „Често“ 18,75% додека опциите „Понекогаш“ и „ Никогаш“ имаат по 6,25% секоја.

Колку наставниците по англиски јазик имаат способност самостојно да си го организираат часот со употреба на ИКТ (компјутер) е испитано преку Прашањето бр.8 кое гласи

- **При организирање на час со употреба на ИКТ: ,** а добиените одговори дадени во табелата што следи.

Табела 25 Табеларен приказ на одговорите на директорите на прашањето бр.8

| *Одговори на директори* | *Никогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| *Наставниците по англиски јазик самостојно го оганизираат часот* | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16 | 100 | **16** | **100,00** |
| *бараат помош и поддршка за конкретни потреби* | 2 | 12,50 | 5 | 31,25 | 6 | 37,50 | 3 | 18,75 | **16** | **100,00** |
| *имаме училишен организациски план со точно определено време/училница/поддршка* | 0 | 0 | 2 | 12,50 | 7 | 43,75 | 7 | 43,75 | **16** | **100,00** |

Сите директори, 100%, се сложиле дека „ Наставниците по англиски јазик самостојно го оганизираат часот“„Секогаш“, како дел од тврдењата на прашањето бр.8 *При организирање на час со употреба на ИКТ* од Прашалникот за директори. На тврдењето„ бараат помош и поддршка за конкретни потреби“ 37,50% од директорите се изјасниле „Често“, 31,25%„Понекогаш“, 18,75% „Секогаш“ и 12,50% со „Никогаш“. По 43,75% избор добиле опциите „Често“ и „Секогаш“ на тврдењето „имаме училишен организациски план со точно

определено време/училница/поддршка", а 12,50% останале на опцијата „Понекогаш".

Табелата бр.26 ги дава резултатите од одговорите на Прашањето бр.9, кое се однесува за активности превземени од страна на директорите со цел поттикнување и мотивирање на наставниците по англиски јазик да ја користат расположивата техника при одржување настава. Имено резултатите од споменатото прашање кое гласи:

- **За мотивирање на наставниците за имплементација на ИКТ на часот:**

се презентирани на следниов начин.

Табела 26 Табеларен приказ на одговорите на директорите на прашањето бр.9

| *Одговори на директори* | *Никогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| *Организирате често обуки за едукативна технологија* | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 18,75 | 13 | 81,25 | **16** | **100,00** |
| *Испраќате прашалници до наставниците......* | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 6,25 | 15 | 93,75 | **16** | **100,00** |
| *Ги пофалувате и наградувате наставниците.....* | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 6,25 | 15 | 93,75 | **16** | **100,00** |

Прикажаните одговори во табелата бр.25 на прашањето бр.9 *За мотивирање на наставниците за имплементација на ИКТ на часот* покажува иста процентуална застапеност на тврдењата „Испраќате прашалници до наставниците......" и „ Ги пофалувате и наградувате наставниците..... " и тоа 93,75% со „Секогаш" и 6,25% „Често". Тврдењето „Организирате често обуки за едукативна технологија" е застапено со 81,25% со „Секогаш" и 18,75% „Често".

За контролните механизми кои ги користат директорите кон наставниците по англиски јазик станува збор во Прашањето бр.10 **Кои контролни механизми користите при проверка на правилното користење на ИКТ на часот по англиски јазик.**

Добиените одговори се претставени во табела 27 и графикон 26.

Табела 27 Табеларен приказ на одговори на директорите на прашањето бр.10

| *Одговори на директори* | *Никогаш* | | *Понекогаш* | | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| *Лични посети на часови* | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 62,50 | 6 | 37,50 | **16** | **100,00** |
| *Извештаи од педагошката служба* | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16 | 100 | **16** | **100,00** |
| *Анкетирање на учениците* | 0 | 0 | 1 | 6,25 | 11 | 68,75 | 4 | 25,00 | **16** | **100,00** |
| *Мислење од друг наставен кадар* | 0 | 0 | 0 | 0 | 11 | 68,75 | 5 | 31,25 | **16** | **100,00** |




Графикон 26 Графички приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.10

Табеларните и графичките извештаи на одговорите на прашањето бр.10 *Кои контролни механизми користите при проверка на правилното користење на*

*ИКТ на часот по англиски јазик* покажуваат дека 100% од директорите „Секогаш“ веруваат на „Извештаи од педагошка служба“, 68,75%„Често“, 31,25%„Секогаш“ се потпираат на „Мислење на други колеги“, 62,50%„Често„ и 37,50%„Секогаш“ практикуваат „Лични посети на часови“ додека 68,75%„Често“, 25%„Секогаш“ и 6,25% „Понекогаш“ истражуваат преку „Анкети на ученици“.

### 1.3.1 Дескриптивна анализа на добиените одговори на прашалникот за директори

На *прашањето* ***бр.2*** се покажа проблемот со кабинетот по англиски јазик опремен со ИКТ опрема како и фактот дека компјутерска опрема во секоја училница е сеуште на самиот почеток.

Одговорите на *прашањето* ***бр.3*** *Во однос на техничка опременост сметате дека:* покажува висок процент од 68,75% дека „Често“ се обновува ситна техничка опрема во училиштата и дека генерално 81,25% „Често“ „целата техничка опрема е исправна и употреблива“. Исто така „Често“ „ има постојана Интернет конекција“87,5% , а на барањето да ја оценат „ општата состојба на ИКТ ресурси – опрема и кадар“ поголемата група 62,5% се оцениле со една оценка пониско од највисока.

На *прашањето* ***бр.6*** 100% директори сметаат дека наставниците по англиски јазик се „ сигурни и способни за користење на ИКТ на часот“.

На *прашањето* ***бр.7*** *Вашите ставови за планирано користење на ИКТ* 100% од директорите мислат дека наставниците по англиски јазик секогаш имаат годишен план за користење на ИКТ а половина 56,25% сметаат дека тие внимаваат на минимум од 30% од вкупниот број на наставни часови. Според директорите 68,75% од училиштата секогаш изготвуваат глобален план за користење на ИКТ.

На *прашањето* ***бр. 8*** 100% директори се сложиле дека наставниците по англиски јазик секогаш самостојно си го оганизираат часот. 43,75%од училиштата секогаш изработуваат училишен организациски план со точно определено

време/училница/поддршка, а околу една третина 37,50% од директорите сепак мислат дека наставниците по англиски јазик бараат помош и поддршка за конкретни потреби.

На *прашањето* ***бр.9*** *За мотивирање на наставниците за имплементација на ИКТ на часот* 93,75% од директорите ги пофалуваат, наградуваат наставниците и испраќаат прашалници до нив за да ги идентификуваат нивните потреби, а 81,25% организираат обуки за едукативна технологија.

На *прашањето* ***бр.10*** *Кои контролни механизми користите при проверка на правилното користење на ИКТ на часот по англиски јазик* 100% од директорите ги разгледуваат извештаи од педагошка служба, 68,75% често се потпираат на мислење на други колеги, сите практикуваат „Лични посети на часови" , а голем процент 68,75% честоги анкетираат учениците.

На *прашањето* ***бр.11*** - *Кои активности би требало да ги превземе наставникот по англиски јазик за успешен час со правилно користење на ИКТ,* ставот на сите анкетирани 6 директори од руралните и сите 10 директори од градските средини е со одговорот: *Оставам на самиот наставник да одлучи.*

На *прашањата* ***бр.12 - Со што можете да допринесете кон модернизација на едукативниот процес во училиштето со кое управувате*** **(сите 6 директори од руралните средини) се изјаснија со ставот за:** ***финансиска поддршка во набавка на нови компјутери, таблети и лап топови);*** **додека директорите од градските средини се изјаснија за** ***замена на старата со нова модерна ИКТ опрема и со стручни обуки за наставниците во ИКТ.***

**На** ***прашањето бр.13 - Во однос на поддршка од општинскиот сектор за образование по прашање на модернизирање на училиштата во општина Куманово со едукативна техника и технологија,*** **најголемиот број директори од руралните средини се изјаснија** ***дека била слаба поддршката*****; додека на ова прашање најголемиот број директори од градските средини се изјаснија** ***дека поддршката била релативно добра.***

**На *прашањето бр.14 - Во однос на поддршката од релевантните државни институци за успешно имплементирање на ИКТ во едукативниот процес*, директорите од руралните средини се изјаснија дека *поддршката била исклучително слаба и недоволна;* додека директорите од градските средини се изјаснија на ова прашање дека *поддршката од релевантните државни институции најмногу треба да се насочи во поголема финансиски поддршка за повидно осовременување на едукативниот процес со модерна и ефикасна ИКТ.***

## 1.4 Проверка на посебните хипотези бр.1, 2 и 3 со соодветните потхипотези

**Наведената главна хипотеза со наслов:** *„Наставниците по англиски јазик поседуваат компетенции за успешно менаџирање на наставен час со примена на ИКТ“,* беше проверена преку следниве три посебни хипотези со соодветните потхипотези те. поединечни хипотези:

*Посебна хипотеза бр.1*

*„Наставниците по англиски јазик се мотивирани за самостојна имплементација на ИКТ во предметната настава“*

*Посебна хипотеза бр.2*

*„Директорите во основните училишта сметаат дека доволно придонесуваат за успешно реализирање на настава со примена на ИКТ“*

*Посебна хипотеза бр.3*

*„Учениците часот по англиски јазик на кој се применува ИКТ го сметаат за интересен и мотивирачки“*

**Посебната хипотеза бр.1** со наслов: *„Наставниците по англиски јазик се мотивирани за самостојна инплементација на ИКТ во предметната настава“* ја проверивме со соодветните потхипотези преку следниве прашања од Прашалникот за наставници:

- *Потхипотезата бр.1.1:* „Наставниците по англиски јазик го планираат и реализираат користењето на ИКТ согласно нивните периодични и дневни наставни планирања“, ја проверивме преку одговорите на прашањата бр.13 и бр. 17 од *Прашалникот за наставници:*

**( во сите табели во оваа точка бр.1.4. внесени се само добиените одговори „Често“ и „Секогаш“ т.е. Оценка4 и Оценка5 на анкетираните 79 наставниците од урбаните и руралните средини и процентулна застапеност на овие одговори во однос на вкупниот број можни одговори)*

Прашање бр.13

- Правам претходни проби со ИКТ што планирам да ја користам

Табела 28 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.13

| *Одговори на наставници* | *Често* | | *Секогаш* | | ***ВКУПНО:*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| | 45 | 56,96 | 8 | 10,12 | **53** | **67,09** |

Прашање бр.17

- Ве молам самооценете се колку успешно го планирате користењето на ИКТ на часот согласно Годишните планирања за користење на ИКТ (временски, во кој дел од часот, кој тип на технологија..)?

Табела 29 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.17

| *Одговори на наставници* | *Оценка:4* | | *Оценка:5* | | **ВКУПНО***:* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| | 55 | 69,62 | 20 | 25,32 | **75** | **94,94** |

Врз основа на добиените одговори од наставниците од урбаната и руралните средини - може да се заклучи дека **наведената подхипотеза бр.1.1 се потврди** на прашањата бр. 13 и бр.17. Имено, 67,09% од вкупниот број анкетирани наставници редовно прават проби на функционалноста и ефективноста на ИКТ што ја користат на часот, а дури 94,94% детално го планираат користењето на техничките уреди и јазичната технологија за часот.

- *Потхипотезата бр.1.2:* „Наставниците по англиски јазик **ретко** имаат потреба од дополнителна поддршка за организирање на наставен час со користење на ИКТ“, ја проверивме преку одговорите на прашањата бр. 9 и бр.19 од *Прашалникот за наставници* како и прашањето бр.8 од *Прашалникот за директори:*

Прашање бр.9 гласи

- За себе сметате дека :

има три понудени опции претставени во следнава табела.

Табела 30 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.9

-

| *Одговори на наставници* | *(f)* | *(%)* |
|---|---|---|
| *Сигурни сте и способни за користење на ИКТ на часот* | 38 | 48,10 |
| *Постојано треба да се дообучувате* | 41 | 51,90 |
| *Тешко се снаоѓате со примена на ИКТ на Вашиот час* | 0 | 0 |
| **ВКУПНО:** | **79** | **100,00** |

Прашање бр.19

- Кога станува збор за организирање на часот со примена на ИКТ:

Табела 31 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.19

| *Анкетирани наставници **79*** | *Често* | | *Секогаш* | | **ЗБИР:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| *Самостојно го организирам часот со ИКТ* | 9 | 11,40 | 69 | 87,34 | **78** | **98,73** |
| *Го организирам со помош на колега/колешка* | 36 | 45,57 | 0 | 0 | **36** | **45,57** |
| *Наставникот по информатика ми помага* | 17 | 21,52 | 0 | 0 | **17** | **21,52** |
| *Тимот за ИКТ поддршка ми е од корист* | 3 | 3,80 | 0 | 0 | **3** | **3,80** |

Прашање бр.8 од Прашалникот за директори гласи:

- При организирање на час со употреба на ИКТ:

Табела 32 Табеларен приказ на одговорите на директорите на прашањето бр.8

| *Оговори на директори* | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| *Наставниците по англиски јазик самостојно го оганизираат часот* | 0 | 0 | 16 | 100 | **16** | **100,00** |
| *бараат помош и поддршка за конкретни потреби* | 6 | 37,50 | 3 | 18,75 | **9** | **56,25** |
| *имаме училишен организациски план со точно определено време/училница/поддршка* | 7 | 43,75 | 7 | 43,75 | **14** | **87,50** |

Според добиените одговори на наведените прашања бр.9 и бр.19 од Прашалникот за наставници и прашање бр.8 од Прашалникот за директори **целосно е потврдена и потхипотезата бр.1.2.** Сите наставници по англиски јазик се чувствуваат способни да користат ИКТ и воедно се отворени за обуки за нови техничко-технолошки модели за настава по странски јазици. 98,73% сами си го организираат часот, а нешто помалку од половина 45,57% често се консултираат со своите колеги. Директорите 100%, имаат целосно поверение во способностите на наставниците по англиски јазик за користење на технички уреди иако дури 87,50% алудираат дека и организациски план на училиптето има удел во комплетната успешна реализација на ваков тип на настава.

- *Потхипотезата бр.1.3:* „Наставниците по англиски јазик постојано се едуцираат и мотивирано работат за успешно организирање, координирање и контролирање на наставниот час со употреба на ИКТ “, ја проверивме преку одговорите на прашањата бр. 10 и бр.30 од *Прашалникот за наставници:*

Прашање бр. 10

- За начини на користење на ИКТ на часот по англиски јазик најчесто учите:

Табела 33 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.10

| *Одгворои на наставници* | | |
|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** |
| *Преку обуки организирани од БРО и МОН* | 56 | 70,89 |
| *Размена на искуства со коелги на Стручен актив* | 4 | 5,06 |
| *Самостојно од книги, списанија, интернет, вебинари* | 19 | 24,05 |
| **ВКУПНО:** | **79** | **100,00** |

Прашање бр.30

- Колку сте мотивирани за користење на ИКТ на наставниот час: (процена од 1-5)

Табела 34 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.30

| *Одговори на наставници* | *Оценка:4* | | *Оценка:5* | | **ВКУПНО***:* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| | 13 | 16,46 | 48 | 60,76 | **61** | **77,21** |

Според добиените одговори на наведеното прашања бр.10 **целосно е потврдена и потхипотезата бр.1.3** исто и преку одговорите на прашањето бр.30 каде резултатите покажуваат дека 77,21% од анкетираните наставници дале високи оценки за мотивираноста да користат ИКТ на часот, 70,89% се активни на обуки организирани од БРО и МОН , а дури една четвртина од наставниците 24,05% самоиноцијативно преку Интернет, вебинари и други извори се усовршуваат.

- *Потхипотезата бр.1.4:* „Наставниците по англиски јазик ги мотивираат и стимулираат учениците за учење на англискиот јазик преку користење на разни иновативни видови и форми на ИКТ", ја проверивме преку одговорите на прашањата бр. 26, бр.29 и бр.33 од *Прашалникот за наставници:*

Прашање бр.26

- За координирање на учениците на часот применувам:

Табела 35 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.26

| *Одговори на наставници* | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| *постојано мониторирање* | 15 | 18,99 | 57 | 72,14 | **72** | **91,14** |
| *потпомагање со ИКТ* | 16 | 20,25 | 32 | 40,51 | **48** | **60,76** |
| *групирање на ученици* | 12 | 15,19 | 0 | 0 | **12** | **15,19** |
| *синхронизирање на индивидуални активности* | 17 | 21,52 | 22 | 27,85 | **39** | **49,36** |
| *прекин на активности со цел повторување на инструкциите* | 3 | 3,80 | 13 | 16,46 | **16** | **20,25** |

Прашање бр.29

- Што се однесува до мотивираноста на учениците за час со употреба на ИКТ:

Табела 36 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.29

| *Одговори на наставници* | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| *тешко ги мотивирам за ваков час* | 1 | 1,27 | 0 | 0 | **1** | **1,26** |
| *мотивираноста е поголема од вообичаено* | 29 | 36,71 | 28 | 35,44 | **57** | **72,15** |
| *им давам однапред некои задолженија* | 12 | 15,19 | 3 | 3,80 | **15** | **18,98** |
| *ги вклучувам во организација на часот* | 31 | 39,24 | 19 | 24,05 | **50** | **63,29** |
| *ги запознавам детално за содржината и целта на ИКТ што ќе ја користам* | 9 | 11,39 | 25 | 31,65 | **34** | **43,03** |

Прашање бр.33

- Пополнувам Лист за самоевалуација и оценка на квалитет за текот на часот

Табела 37 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.33

| *Одговори на наставници* | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| | 5 | 6,33 | 18 | 22,79 | **23** | **29,11** |

Добиените одговори на наведеното прашање бр.26 и бр. 29 **се во прилог на потврда на потхипотезата бр.1.4.** , односно, 91,14% од наставниците постојано ги мониторираат активностите на часот, а кај половина од нив 49,36% е присутно синхронизирање на индивидуални активности кај учениците. Од друга страна пак, со одговорите на прашањето бр.33 **не беше потврдена потхипотезата бр.1.4** од причина што нешто помалку од една третина од наставниците 29,11% се изјасниле дека пополнуваат самоевалуациски листи за проверка на успешност на часот. Според тоа, **Потхипотезата бр.1.4 е делумно потврдена**.

**Посебната хипотеза бр.2** со наслов: *Директорите во основните училишта сметаат дека доволно придонесуваат за успешно реализирање на настава со примена на ИКТ,* ја проверивме со соодветните потхипотези преку следниве прашања од Прашалникот за директори:

- *Потхипотезата бр.2.1:* „Директорите се грижат за одржување на техниката и техничката поддршка во основните училишта, во интерес на имплементација на ИКТ во наставата", ја проверивме преку одговорите на прашањата бр.3 од *Прашалникот за директори* и на прашањето бр.4 од *Прашалникот за наставници:*

Прашање бр.3

- Во однос на техничката опрема сметате дека:

Табела 38 Табеларен приказ на одговорите на директорите на прашањето бр.3

| *Одговори од директори* | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| *училиштето континуиарано финансира набавка на ситна техничка опрема* | 11 | 68,75 | 4 | 25 | **15** | **93,75** |
| *целата техничка опрема е исправна и употреблива* | 13 | 81,25 | 3 | 18,75 | **16** | **100,00** |
| *има постојана Интернет конекција* | 14 | 87,50 | 2 | 12,50 | **16** | **100,00** |
| *општа оценка на ИКТ ресурси-опрема, кадар е* | 10 | 62,50 | 6 | 37,50 | **16** | **100,00** |

Прашање бр. 4

- За дополнување на ситна потребна опрема (звучник, кабел,..) добивате финансиска помош од училиштето

Табела 39 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.4

| *Одговори од директори* | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| *За дополнување на ситна потребна опрема (звучник, кабел,..) добивате финансиска помош од училиштето* | 4 | 5,06 | 1 | 1,27 | **5** | **6,33** |

Добиените резултати од одговорите на директори **целосно се во прилог на потхипотезата бр.2.1** од причина што сите директори т.е. 100% од нив дале висока оценка за ИКТ ресурси во нивните училишта, сметаат дека опремата е исправна и дека има постојана Интернет врска. Исто така високи 93,75% сметаат дека училиштето доволно финансиски средства вложува во доопремување и обнова на опремата. Спротивно на тоа, **потхипотезата бр.2.1. не се потврдува** од одговорите на прашањето бр.4 упатено кон наставниците, затоа што само 6,33% од наставници одговориле дека можат да сметаат на финансиска поддршка од училиштата. Според овие одговори може да се констатира дека **Потхипотезата бр.2.1. е делумно потврдена.**

- *Потхипотезата бр.2.2:* Директорите ги **поддржуваат и мотивираат** наставниците по англиски јазик во имплементација на ИКТ во наставата, ја проверивме преку одговорите на прашањето бр.9 од *Прашалникот за директори* и прашањето бр.27 од *Прашалникот за наставници*

Прашање бр.9

- За мотивирање на наставниците по англиски јазик во имплементација на ИКТ:

Табела 40 Табеларен приказ на одговорите на директорите на прашањето бр.9

| *Одговори на директори* | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| *Организирате често обуки за едукативна технологија* | 3 | 18,75 | 13 | 81,25 | **16** | **100,00** |
| *Испраќате прашалници до наставниците......* | 1 | 6,25 | 15 | 93,75 | **16** | **100,00** |
| *Ги пофалувате и наградувате наставниците.....* | 1 | 6,25 | 15 | 93,75 | **16** | **100,00** |

Прашање бр.27

- Директорот на училиштето Ве поттикнува и мотивира на примена на ИКТ преку:

Табела 41 Табеларен приказ на одговорите на наставниците на прашањето бр.27

| *Одговори на наставници* | *(f)* | *(%)* |
|---|---|---|
| *постојано организирање на интерни обуки и семинари за ИКТ* | 10 | 12,66 |
| *достава на валидни информации за обуки на кои можете сами да се приклучите* | **43** | 54,43 |
| *истакнување на успешен час со примена на ИКТ на друг колега* | 5 | 6,33 |
| *поттикнување на успешна соработка со поспремни колеги* | 19 | 24,05 |
| *потсетување дека тоа е законска обврска* | 2 | 2,53 |

**Целосно е потврдена наведената потхипотеза бр.2.2** со максимален број одговори кај директорите во основните училишта на прашањето бр.9 од *Прашалникот за директори*. Што се однесува пак до одговорите на прашањето бр.27 од *Прашалникот за наставници* , само одговорот на индикаторот 2 (достава на валидни информации за обуки) со 54,43% може да се каже дека **делумно оди во прилог на докажување на споменатата потхипонезата.**

**Посебната хипотеза бр.3** со наслов: „*Учениците часот по англиски јазик на кој се применува ИКТ го сметаат за* ***интересен и мотивирачки***“, ја проверивме со соодветните потхипотези преку следниве прашања од Прашалникот за ученици:

- *Потхипотезата бр.3.1:* Учениците во основните училишта го изучуваат англискиот јазик со **поинвентивни модели на изучување** на странски јазици преку прашањето бр.5, бр.10 и бр.11 од *Прашалникот за ученици*

Прашање бр.5

- Наставникот по англиски јазик користи компјутер или друг СМАРТ уред на часот

Табела 42 Табеларен приказ на одговорите на учениците на прашањето бр.5

| *Одговори на ученици* | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| | 57 | 47,50 | 35 | 29,17 | **92** | **76,7** |

Прашање бр.10

- Компјутерот или друг уред најчесто го користите за:

Табела бр.43 Табеларен приказ на одговорите на учениците на прашањето бр.10

| *Одговори на ученици* | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| *Електронски тестови* | 57 | 47,50 | 35 | 29,17 | **76,67** | **100,00** |
| *Домашна работа* | 51 | 42,50 | 39 | 32,50 | **75,00** | **100,00** |
| *Проекти и презентации* | 19 | 15,83 | 80 | 66,67 | **82,5** | **100,00** |
| *Обработка на текстови* | 7 | 5,83 | 79 | 65,84 | **71,67** | **100,00** |
| *Електронски речник* | 49 | 40,83 | 13 | 10,83 | **51,67** | **100,00** |
| *Едукативни игри* | 59 | 49,67 | 8 | 6,67 | **55,83** | **100,00** |
| *Аудио/видео содржини* | 14 | 11,67 | 81 | 67,50 | **79,17** | **100,00** |

Прашање бр.11

- Наставникот за комуникација со вас користи:

Табела 44 Табеларен приказ на добиените одговори на учениците на прашањето бр.11

| *Одговори на ученици* | *(f)* | *(%)* |
|---|---|---|
| *Виртуелни училници* | 105 | 87,50 |
| *Свој блог* | 65 | 54,17 |
| *Коминикацски платформи* | 110 | 91,67 |
| *Виртуелен склад* | 59 | 49,17 |
| *Социјална мрежа* | 101 | 84,17 |
| *сЕлектронска пошта* | 21 | 17,50 |
| *Апликации* | 118 | 98,33 |

**Потхипотезата бр.3.1 е докажана** со фактот што 76,7% од учениците одговориле дека нивните наставници по англиски јазик редовно користат ИКТ опрема на часови. Воедно, истата потхипотеза **се докажува** со високи проценти на одговорите што укажуваат кои сé електронски канали за комуникација користат наставниците по англиски јазик како и за кои намени се користат комјутерот или друг технички уред при изучување на англискиот јазик.

- *Потхипотезата бр.3.2:* Учениците преку доследната примена на ИКТ **развиваат интерес** за унапредување на сопствените знаења на англискиот јазик, ја проверивме преку одговорите на прашањето бр. 12 и бр.13 од *Прашалникот за ученици:*

Прашање бр.12

- Поинтересен ми е часот по англиски јазик кога се користи компјутер или СМАРТ уред

Табела 45 Табеларен приказ на одговорите на учениците на прашањето бр.12

| *Одговори на ученици* | *ДА* | | *НЕ* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| | 76 | 63,33 | 44 | 36,67 | **120** | **100,00** |

Прашање бр.13

- Повеќе запомнувам кога на часот има видео содржина/презентација

Табела 46 Табеларен приказ на одговорите на учениците на прашањето бр.13

| *Одговори на ученици* | *ДА* | | *НЕ* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| | 54 | 45,00 | 66 | 55,00 | **120** | **100,00** |

Преку одговорите на прашањата бр.12 и бр.13 кај учениците **делумно се потврдува потхипотезата бр.3.2.** За „поинтересен“ час кога наставникот користи ИКТ го сметаат 63,33% од анкетираните ученици но, сепак поголем дел од учениците (55 %) не мислат дека полесно ја совладуваат наставната единица кога користат компјутер или некој СМАРТ уред. Големиот број на одговори на учениците со „НЕ“ најверојатно се должи на сеуште недоволната финансиска поддршка за набавка на **соодветни** софтвери и ИКТ опрема за изучување на странски јазик и нивна имплементацијата во образовниот процес како и инвестиција во обуки и едукација за примена на прилагодлив методолошки пристап и педагошки аспект на час со употреба на технологија. Сепак, неспорно е дека евидентни се чекорите кои ги превземаат релевантните институции во таа насока.

## 1.5 Проверка на поставената главна хипотеза

**Поставената генерална хипотеза на истражувањето со наслов:**

***Наставниците по англиски јазик поседуваат компетенции за успешно менаџирање на наставен час со примена на ИКТ***, е проверена и докажана преку добиените одговори на прашањата од страна на сите три целни групи во истражувањето.

**Одговори на учениците на прашањата во прилог на главната хипотеза**

Прашање бр.5 Наставникот по англиски јазик користи компјутер или друг СМАРТ уред на часот

Прашање бр.7 Наставникот по англиски јазик однапред ни ги појаснува уредот /играта/софтверот

Прашањето бр.10 Компјутерот или друг уред најчесто го користите за:

Прашање бр.11 Наставникот за комуникација со вас користи:

Прашање бр.12 Поинтересен ми е часот по англиски јазик кога се користи компјутер или СМАРТ уред

Табела 47 Табеларен приказ на одговорите на учениците на во прилог на главната хипотеза на прашања бр.5,бр.7,бр.10,бр.11 и бр.12

| *Одговори на ученици* | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| *Прашање бр.5* | 57 | 47,50 | 35 | 29,17 | **92** | **76,67** |
| *Прашање бр.7* | 51 | 42,50 | 39 | 32,50 | **90** | **75,00** |
| *Прашање бр.10* | | | | | | |
| Електронски тестови | 57 | 47,50 | 35 | 29,17 | **92** | **76,67** |
| Домашна работа | 51 | 42,50 | 39 | 32,50 | **90** | **75,00** |
| Проекти и презентации | 19 | 15,83 | 80 | 66,67 | **99** | **82,50** |
| Обработка на текстови | 7 | 5,83 | 79 | 65,84 | **86** | **71,67** |
| Електронски речник | 49 | 40,83 | 13 | 10,83 | **62** | **51,67** |
| Едукативни игри | 59 | 49,67 | 8 | 6,67 | **67** | **55,83** |
| Аудио/видео содржини | 14 | 11,67 | 81 | 67,50 | **95** | **79,17** |
| *Прашање бр.11* | | | | | | |
| Виртуелни училници | | | | | **105** | **87,50** |
| Свој блог | | | | | **65** | **54,17** |
| Коминикацски платформи | | | | | **110** | **91,67** |
| Социјална мрежа | | | | | **101** | **84,17** |
| Апликации | | | | | **118** | **98,33** |
| *Прашање бр.12* | | | | | **76** | **63,33** |




Графикон 27 Графички приказ на одговорите на учениците на во прилог на главната хипотеза на прашања бр.5,бр.7,бр.10,бр.11 и бр.12

## Одговори на наставниците на прашањата во прилог на главната хипотеза

Прашање бр.9 За себе сметате дека сте:

Прашање бр.10 За начини на користење на ИКТ на часот по англиски јазик најчесто учите:

Прашање бр.11 Користам компјутер/ друга технологија за изработка на план

Прашање бр.13 Правам претходни проби со ИКТ што ја планирам за часот

Прашање бр.19 Часот со примена на ИКТ го организирате:

Прашање бр.21 За добра организација на часот МОРА:

Прашање бр.26 За координирање на учениците на часот применувам:

Прашање бр.29 Мотивираноста на учениците за час со употреба на ИКТ:

Прашање бр.30 Колку сте мотивирани за користење на ИКТ на часот

Прашање бр.35Природата на контролните механизми што ги користам е:

Табела 48 Табеларен приказ на одговорите на наставниците во прилог на главната хипотеза на прашања бр.9,бр.10,бр.11,бр.13 ,бр.19,бр.21, бр.26, бр.29, бр.30 и бр.35

| *Одговори на наставници* | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** | ***(f)*** | ***(%)*** |
| *Прашање бр.9* | | | | | | |
| Сигурни сте и способни за користење на ИКТ | | | | | **38** | **48,10** |
| Постојано треба да се дообучувате | | | | | **41** | **51,90** |
| *Прашање бр.10* | | | | | | |
| Преку обуки организирани од БРО и МОН | | | | | **56** | **70,89** |
| *Прашање бр.11* | 5 | 6,33 | 72 | 91,14 | 77 | **97,47** |
| *Прашање бр.13* | 45 | 56,96 | 8 | 10,13 | **53** | **67,09** |
| *Прашање бр.19* | | | | | | |
| Самостојно го организирам часот со ИКТ | 9 | 11,40 | 69 | 87,34 | **78** | **98,73** |
| *Прашање бр.21* | | | | | | |
| претходно да ја проверам исправноста на ИКТ | 20 | 25,31 | 25 | 31,65 | **45** | **56,96** |
| да дојдам барем 10 мин. порано во училница | 29 | 36,71 | 21 | 26,58 | **50** | **63,29** |
| *Прашање бр.26* | | | | | | |
| постојано мониторирање | 15 | 18,99 | 57 | 72,14 | **72** | **91,14** |
| потпомагање со ИКТ | 16 | 20,25 | 32 | 40,51 | **48** | **60,76** |
| *Прашање бр.29* | | | | | | |
| мотивираноста е поголема од вообичаено | 29 | 36,71 | 28 | 35,44 | **57** | **72,15** |
| ги вклучувам во организација на часот | 31 | 39,24 | 19 | 24,05 | **50** | **63,29** |
| *Прашање бр.30* | 13 | 16,46 | 48 | 60,76 | **61** | **77,21** |
| *Прашање бр.35* | | | | | | |
| ПРЕВЕНТИВНА | 16 | 20,25 | 59 | 74,69 | **75** | **94,93** |
| КОРЕКТИВНА | 6 | 7,60 | 73 | 92,40 | **79** | **100** |




Графикон 28 Графички приказ на одговорите на наставниците во прилог на главната хипотеза на прашања бр.9,бр.10,бр.11,бр.13 ,бр.19,бр.21, бр.26, бр.29, бр.30 и бр.35

## Одговори на директорите на прашањата во прилог на главната хипотеза

Прашање бр.6 За наставниците по англиски јазик сметате дека се

Прашање бр.7 Вашите ставови за планирано користење на ИКТ

Прашањето бр.8 При организирање на час со употреба на ИКТ:

Прашањето бр.10 Кои контролни механизми користите при проверка на правилното користење на ИКТ на часот по англиски јазик:

Табела бр.49 Табеларен приказ на одговорите на директорите во прилог на главната хипотеза на прашања бр.6,бр.7,бр.8,бр.10

| *Одговори на директори* | *Често* | | *Секогаш* | | **ВКУПНО:** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* | *(f)* | *(%)* |
| *Прашање бр.6* | | | | | | |
| Сигурни и способни за користење на ИКТ | | | | | **16** | **100,00** |
| *Прашање бр.7* | | | | | | |
| Наставниците по англиски јазик имаат план за | | | | | **16** | **100,00** |
| *Прашање бр.8* | | | | | | |
| Наставниците по англиски јазик самостојно го оганизираат часот | | | | | **16** | **100,00** |
| *Прашање бр.10* | | | | | | |
| Лични посети на часови | 10 | 62,50 | 6 | 37,50 | **16** | **100,00** |
| Извештаи од педагошката служба | 0 | 0 | 16 | 100 | **16** | **100,00** |
| Анкетирање на учениците | 11 | 68,75 | 4 | 25,00 | **14** | **87,50** |
| Мислење од друг наставен кадар | 11 | 68,75 | 5 | 31,25 | **15** | **93,75** |




Графикон 29 Графички приказ на одговорите на директорите во прилог на главната хипотеза на прашања бр.6,бр.7,бр.8,бр.10

Од презентираните (табеларно и графички) одговори на прашања од сите анкетирани испитаници на ова истражување ( ученици, наставници и директори во основните училишта во општина Куманово) **во целост** се докажува **генералната хипотеза:**

***Наставниците по англиски јазик поседуваат компетенции за успешно менаџирање на наставен час со примена на ИКТ.***

- Одговорите на учениците (76,67%) укажуваат дека **голем број на наставници по англиски јазик користат ИКТ во редовна настава** и редовно (75%) ја појаснуваат опремата или уредот што го употребуваат. Освен знаење од областа на англиски јазик со помош на техничко-технолошко помагало **учениците стекнуваат знаење и пракса за** игри од едукативен карактер (55,83%), изготвување на **проекти и**

**презентации** (82,50%), решавање **електронски тестови** (76,67%), ракување со **аудио/видео уреди** (79,17%), обработување на текстови (71,67%) и изработување домашна (75%) надвор од рамките на класичното. Користењето на **трендовските канали за комуникација** со нивните наставници од виртуелни училници (87,5%), комуникациски платформи(91,67%) до разни мобилни и десктоп аликации (98,33%) укажува на **компетенциите на наставниците** по англиски јазик **преку технолошките иновации** да изнаоѓаат начин полесно да се **доближат до ученикот** на 21-виот век. Токму од тие причини 63,33% од учениците сметаат дека **часот по англиски јазик е интересен.**

- Самите наставници се **сигурни** при користење на ИКТ на часот (48,10%) и **свесни** дека треба постојано да **ги пратат технолошките новини** и да се дообразуваат (51,90%). Поголемиот дел од нив ги почитуваат организираните обуки (70,89%) иако често и самоиницијативно се оспособуваат за користење на некое ново техничко помагало. Наставниците по англиски јазик компјутерот го користат за **изготвување на план** за настава (97,47%), прават проверка на софтвери, уреди или комплетната опрема која планираат да ја користат на часот(67,09%) и најчесто **самостојно го организираат** ваков тип на час. Како добри менаџери работите не ги оставаат на случајност и доаѓаат барем 10 мин. порано на час (63,29%) и ја проверуваат исправноста на опремата (56,96%). Во текот на часот практикуваат **постојано мониторирање** на учениците (91,14%) како и редовно потпомагање со ИКТ (60,76%). Успеваат да ги мотивираат учениците па затоа **мотивираноста е поголема** од редовна настава (72,15%), а како редовна пракса е и ангажирање на учениците во делот на организација на час со примена на ИКТ (63,29%). Чувството дека можат да се снајдат и справат со технологијата е и мотив (77,21%) наставниците по англиски јазик редовно да ја употребуваат. Како последна функција во делот на менаџерските компетенции , **контролата**, исто така е докажана преку одговорите за природа на користените контролни механизми. Имено, 100% од наставницте користат **корективен тип** кој е најефективен за возраста на ученици од основно образование но сепак, голем процент

од наставниците (94,93%) се обидуваат да ги превенираат проблемите и потешкотиите што можат да произлезат во текот на часот.

- Што се однесува до доказите од одговорите на директорите, од сите основни училишта, кои одат **во прилог на генералната хипотеза** се извлекува еден општ заклучок дека тие имаа верба во компетенциите на наставниците по англиски јазик при аплицирање на техничко-технолошко средство во наставниот процес. **100%** од директорите ги сметаат **наставниците по англиски јазик за способни** за користење и самостојно организирање на ИКТ за часот. Како значаен факт се наметнуваат контролните механизми користени од страна на директорите за работата на наставниците. Имено, сите тие механизми (100%) лични посети на час и извештаи од педагошка служба или (93,75%) мислење од други колеги па дури и (87,50%) преку анкетирање на ученици ја отфрлаат субјективноста на директорите кон наставниците по англиски јазик и ја потенцираат **објективноста** при оценување на **компетенциите на наставникот по англиски јазик за успешно менаџирање со ИКТ на часот.**

# IV Заклучни сознанија и констатации

*„Инвестицијата во знаењето ја плаќа најдобрата дивиденда“*
*Бенјамин Франклин*

Истражувањето покажа дека голем процент од редовната настава по англиски јазик во основните училишта се изведува со примена на различни видови на информациско-комуникациски технолошки средства. Со помош на техничко-технолошкото помагало применето на часот по англиски јазик, освен со знаење по англиски јазик, учениците се запознаваат со дигитални едукативни игри, електронски тестови, различни јазични апликации, програми за изготвување на презентации, се учат да комуницираат преку комуникациски платформи, да истражуваат на Интернет и партиципираат во виртуелни училници. Ваков тип на час по англиски јазик учениците го сметаат за поинтересен во однос на интерактивен час без имплементирана ИКТ и покажуваат поголема мотивираност и учество на часот. Изучувајќи го англискиот јазик на ваков начин тие стекнуваат знаење и пракса за едукативна примена на актуелни технолошки иновации. Земајќи во предвид дека генерациите ученици кои сега се дел од основното образование ќе бидат продуктивни во наредните декади, со честа и правилна употреба на ИКТ за едукативни цели, како што е изучувањето на англискиот јазик, ќе им бидат предочени технолошките можности за нивен континуиран и долгорочен личен и интелектуален развој. Младите генерации, едноставно, ќе стекнат навика да учат преку аудио/видео уреди и други технички и електронски средства. Овие генерации во континуитет дигитално ќе се усовршуваат и ќе бидат основа, неопходност и двигател во развој на дигитална економија и современо општество во целост. Наведените сознанија укажуваат дека соодветното министерство и другите релевантни институции, одговорни за развој на образованието во РС Македонија, треба да инвестираат во изработка на дигитални едукативни содржини по сите предмети изучувани во основното образование. Содржините, се разбира, треба да кореспондираат на возраста на учениците , а комплексноста на дигиталната алатка треба да е на ниво

на нивната дигитална писменост како и спретноста на наставниот кадар. Дури може да се размислува и за изработка на мобилни апликации со едукативни содржини кои би имале позитивно влијание на основците во однос на нивната општа информираност за реалниот свет, општественото живеење и нивното запознавање со основните морални, етички и естетски вредности за кои може да се каже дека се маргинализирани во периодот на дигиталната ера.

Од анализа на резултатите добиени во ова истражување се добива заклучно сознание дека наставниците по англиски јазик се чувствуваат спремни и поседуваат компетенции за користење на ИКТ на нивните часови. Технолошки поддржаните часови тие главно самостојно и успешно ги организираат и менаџираат. Наставниците по англиски јазик во основното образование детално го планираат користењето на технолошките алатки и редовно ја проверуваат функционалноста на техничките уреди што ги користат на часот. Тие имаат висока самомотивираност во однос на имплементација на иновативните средства во наставата по англиски јазик. Користењето на ИКТ на часот на наставниците по англиски јазик им дава можност и време поинтензивно да ги мониторираат учениците, а со тоа полесно да ги синхронизираат и координираат нивни индивидуални активности. Кога станува збор за контролните механизми, кои наставниците по англиски јазик ги користат на часот, се истакнува детективната и превентивната природа на истите. Истовремено, вреден за потенцирање е и заклучокот дека повеќето од наставниците водат личен бележник за поставени и крајни, реализирани цели за часови со примена на ИКТ за одреден временски период во текот на учебната година. Освен што активно учествуваат на обуките организирани од страна на БРО и МОН, поголем дел од наставниците по англиски јазик во основните училишта самостојно технолошки се надградуваат посетувајќи многубројни и лесно достапни Интернет курсеви и вебинари на англиски јазик. И покрај утврдените самодоверба и компетенции за користење на информациско-комуникациска технологија, се констатира дека овие наставници имаат потреба од постојана доедукација за нови едукативни ИКТ помагала и методи за нивно правилно користење. Обуките треба да се проследени со евалуација за нивната ефикасност и финансиска поткрепа за продолжено обучување на повисоко ниво. Наставниците треба да се во постојана повратна врска со обучувачите како и одржувачите на инсталираната техничка опрема во училиштата. Општа

констатација е дека перманентното усовршување на воспитно-образовниот кадар во основното образование треба е системско, со конкретни, наменски, прагматични и применливи обуки за управување со образовната технологија. Дополнително на оваа констатација, за обуки на постојниот наставен кадар во основните училишта, како премиса се наметнува идејата за модернизирање и осовременување на курикулумите на наставните факултети на тема правилна употреба на образовната техника и технологија. Со тоа наставниците почетници би имале солидна основа за имплементација на ИКТ по предметот кој ќе го предаваат, а државата би заштедила, барем во квантитетот, на дополнителните обуки. Финансиските средства би се искористиле за подобрување на техничко-технолошка опременост на иницијалните високо-образовни институции за подготовка на воспитно-образовен кадар.

Позитивно сознание од истражувањето е дека сите основни училишта во општина Куманово имаат постојана Интернет конекција и дека општата состојба на ИКТ ресурси во нив, во смисла на техничка опременост и обученост на кадар, е солидна. Наспроти ова, дел од анализата на одговорите на директорите, на овие основни училишта, укажува на сознание дека нема училиште во кое сите училници се опремени со ИКТ опрема ниту пак училиште во кое наставниците по англиски јазик имаат свои кабинети, технички и технолошки опремени за непречено изучување на англиски јазик со имплементирана ИКТ. Преку користење на различни контролни механизми, како што се лични посети на часови или извештаи од педагошката служба, се констатира дека директорите на основните училишта стекнале доверба во способноста на наставниците по англиски јазик самостојно да го организираат и менаџираат аплицирањето на едукативната технологија на нивните часови. Училишните менаџери ги мотивираат наставниците да употребуваат ИКТ со доделување на награди и редовно организирање на обуки за едукативна технологија. Од друга страна пак, од ставовите на директорите се заклучува дека државната поддршка на училиштата, во интерес на успешна реализација на часови поттикнати со ИКТ , е незадоволителна и истата треба да се насочи кон поредовно финансирање на обнова на веќе застарените технички уреди и достава на едукативни линкови или софтвери за подобрување на дигитална писменост на наставниците. Во контекст на општото подобрување на дигитална писменост на наставниот кадар во

основното образование и априори на фактот дека технолошките иновации најбрзо се дистрибуираат со упатства и туторијали на англиски јазик, може да се констатира дека наставниците по англиски јазик се подобни членови за училишни ИКТ тимови или интерни обучувачи и дисиминатори за примена на образовната технологија. Со ваквото менаџирање на човечки ресурси во училиштата директорите ќе придонесат кон успешна употреба на технологијата во наставниот процес во училиштето кое го управуваат.

Покрај тоа што владата и соодветните надлежни институции од областа на образованието со новата Концепција за основно образование формално го регулираат поинтензивното дигитализирање на наставниот процес на ова образовно ниво и истовремено поставуваат принципи за системско решавање на далечинското учење, како општа констатација може да се истакне дека тие би требало да завземат многу посериозен став во однос на поставување на фундамент за такви образовни реформи што подразбира современа опрема и исклучително стабилна и одржлива инфраструктура. Воедно, би требало да се размисли за законско регулирање на превенција на претерана и неправилна употреба на технологија од страна на децата од училишна возраст барем во училишните простории.

Фокусираноста на ова истражување на организацискиот и менаџерскиот аспект на процесот на изучување на англискиот јазик со помош на техничко-технолошко помагало не дава одговори на многу прашања од педагошко-психолошка гледна точка за користење на ИКТ во наставниот процес. За одговорите на прашањата **кое** техничко-технолошко средство треба да се користи за соодветна возрасна група, **како** методолошки да се користи истото и **колку** временски наставниот час да биде покриен со употреба на технологија, треба солидно да се дебатира и да се дискутира во интердисциплинарни образовни па дури и здравствени експерски групи. Овие прашања би можеле да бидат предизвик за поставување на нови хипотези и реализација на нови истражувања од страна на други колеги инволвирани во воспитно-образовниот процес.

Како заклучно сознание може да се констатира дека истражувањето во глобала го истакнува подигањето на свеста за смислено, менаџирано и рационално користење на информациско-комуникациската технологија во

едукативни цели, а во насока на развој на креативноста кај учениците, чувството за тимска работа, одговорност и способност за артикулирање на сопствени критички ориентирани размисли како приоритети во градење на нивната иднина.

# ЛИТЕРАТУРА

Abbott, L., Austin, R., Mulkeen, A., Metcalfe, N. (2004). The global classroom: advancing cultural awareness in special schools through collaborative work using ICT.

Afriyasanti, R. (2011). ICT in English language teaching. *EFL (English as a Foreign Language).*http://efl-teaching.com/teaching-technology.

Ahmad, K., Corbett, G., Rogers, M., & Sussex, R. (1985). Computers, language learning and language teaching. Cambridge: Cambridge University Press

Albion, P.R. (2001). Some factors in the development of self-efficacy beliefs for computer use among teacher education students. Journal of Technology and Teacher education, 9 (3), 321-347.

Attewell, J., Savill-Smith, C., & Douch, R. (2009) *The impact of mobile learning: Examining what it means for teaching and learning* (London, Learning and Skills Network).

Balanskat, A., Blamire, R. and Kefala, S. (2006). The Impact Report. The Review of Studies of ICT impact on schools in Europe. 11 December 2006. European Schoolnet. http://ec.europa.eu/education/doc/reports/doc/ictimpact.pdf

Barron, B., Walter, S. E., Martin, C. K., & Schatz, C. (2010) Predictors of creative computing participation and profiles of experience in two Silicon Valley middle schools, *Computers & Education*, 54, 178-89.

Bar-Yam, M., Rhoades, K., Sweeney, L., Kaput, J., Bar-Yam, Y. (2002). Changes in the teaching and learning process in a complex education system. NECSI. http://www.necsi.edu/research/management/education/teachandlearn.html

Bates, A. W. (2000). Managing Technological Change: Strategies for College and University Leaders. San Francisco, CA: Jossey-Bass.

Beastall, L. (2006) Enchanting a disenchanted child: Revolutionising the means of education using information and communication technology and e-learning, *British Journal of Sociology of Education,* 27(1), 97-110.

Becker, H. J. (1994). How exemplary computer-using teachers differ from other teachers: Implications for realising the potential of computers in school. *Journal of Research on Computing in Education, 31*(4), 356-385.

Becta. (2009a) *Harnessing technology: Schools survey 2009* (Coventry, Becta).

Becta (2009b) *Harnessing technology review 2009: The role of technology in education and skills* (Coventry, Becta).

Bekerman, Z., Burbules, N.C., & Keller, D.S. (2009) (Eds) *Learning in places: The informal education reader* (New York, Peter Lang), 273-284.

Benigno, V., Bocconi, S., Ott, M. (2007). Inclusive education: helping teachers to choose ICT resources and to use them effectively. *CNR Istituto Technologie Didattiche,ItalyeLearning Papers*, No 6. http://www.itd.cnr.it/download/inclusive_education.pdf.

Бешиќ-Букашиновиќ,Д. (2021). Утицај примене информационо-комуникацијских технологија у настави на усвајање стручног вокабулара енглеског језика на академском нивоу и мотивацију студената за учење страног језика. Београд: Докторска дисертација. Филолошки факултет

Bonk,J., Graham,C.R.(2006). The Handbook of Blended Learning: Global Perspectives, Local Designs ISBN: 978-0-7879-7758-0 Publisher: John Wiley & Sons, Inc. Pfeiffer

Boulton, A., Chateau, A., Pereiro, M., Azzam- Hannachi, R. (2008). Learning to learn languages with ICT- but how? CALL-EJ Online. Vol. 9, No. 2. http://callej.org/journal/9-2/boulton.html.

Brodin, J., Lindstrand, P. (2003). What about ICT in special education? Special educators evaluate information and communication technology as a learning tool. *European Journal of Special Needs Education*. http://dx.doi.org/10.1080/0885625032000042320.

Bulloch, K. (2009). How to adapt your teaching strategies to student needs. http://www.readingrockets.org/article/370/.

Burke, A., & Hammett, R. F. (2009) (Eds) *Assessing new literacies: Perspectives from the classroom* (New York, Peter Lang).

Butler-Pascoe, M. E. (2011). "The History of CALL: The Intertwining Paths of Technology and Second/Foreign Language Teaching." 2International Journal of Compter-Assisted Language Learning and Teaching 1 (1): 16–3

Cartwright, V., & Hammond, M. (2007). 'Fitting it in': A study exploring ICT use in a UK primary school, *Australasian Journal of Educational Technology,* 23(3), 390-407.

Cassell, J. (2004). Towards a model of technology and literacy development: Story listening Systems. *Journal of Applied Developmental Psychology*, 25(1), 75- 105.

Chapelle, C. A. (2005). Computer-assisted language learning. In E. Hinkel (Ed.), *Handbook of research in second language teaching and learning* (pp. 743-757). New York: Routledge.

Chabra, P. (2012). Use of e-learning tools in teaching English. *International Journal of Computing & Business Research ISSN (Online)*: 2229- 6166. http://www.researchmanuscripts.com/isociety2012/9.pdf .

Chowdry, H., Crawford, C., & Goodman, A. (2009) *Drivers and barriers to educational success - Evidence from the longitudinal study of young people in England* (London, Institute for Fiscal Studies/DCSF).

Cohen, L., & Manion, L. (1994). *Research methods in education*. London: Routledge.

Cohen, M. A., Horowitz, T. S., Wolfe, J. M. (2009). Auditory recognition memory is inferior to visual recognition memory. PNAS. http://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2667065/.

Commission Staff Working Document. (2012). European Commission. http://ec.europa.eu/education/news/rethinking/sw374_en.pdf .

Common European Framework of Reference for Languages (CEFR). http://www.coe.int/t/dg4/linguistic/CADRE_EN.asp

Condie, R., & Munro, B. (2007) *The impact of ICT in schools – a landscape review* (Coventry, Becta).

Conole, G. & Oliver, M. (Eds.) (2007). Contemporary Perspectives in Elearning Research: Themes, methods and impact on practice. London: Routledge.

Council of Europe. (2001). Common European Framework of Reference for languages: learning, teaching, assessment. *Language Policy Unit*. http://www.coe.int/t/dg4/linguistic/source/framework_en.pdf .

Cox, M. J., & Marshall, G. (2007) Effects of ICT: Do we know what we should know?. https://www.researchgate.net/publication/226750538_Effects_of_ICT_Do_we_know_what_we_should_know Education and Information Technologies 12(2): 59-70

Crystal, D. (2010). *The Cambridge Encyclopedia of Language*. Third edition, CUP.

Cuban, L. (2001). Oversold and underused: Computers in the classroom. Cambridge, MA: Harvard University Press.

Cutter,M.(2015).Using Technology with English Language Learners in the Classroom. *Education Masters Paper 313*, 2015.

Чинко, М. (2016). Употреба информациске и комуникациске технологије у настави. Ријека: Филозофски факултет, Отсјек Педагогија

Davies G. (Ed.) (1999/2007) Information and Communications Technology for Language Teachers (ICT4LT), Slough, Thames Valley University. http://www.ict4lt.org

Davies, G. (2002) (updated 2007). The impact of the use of new information technologies and the Internet on the teaching of foreign languages and on the role of teachers of a foreign language. European Commission Report. http://www.camsoftpartners.co.uk/docs/ICC_Grahams_Report_Final.htm

Davies, G., Bangs, P., Frisby, R., & Walton, E. (2005). Setting up effective digital language laboratories and multimedia ICT suites for Modern Foreign Languages. London:CILT.http://www.languages-ct.org.uk/managing/digital_language_labs.pdf

Deaney, R., Ruthven, K., Hennessy, S. (2003). Pupil perspectives on the contribution of information and communication technology to teaching and learning in the secondary school. *Research Papers in Education*, 18 (2).

Dede, C. (2008). Theoretical perspectives influencing the use of information technology in teaching and learning. In J. Voogt, & G. Knezek (Eds.), *International handbook of information technology in primary and secondary education* (pp. 43-63). New York: Springer.

Димовски,И.,Малчески,И.,Малческа,Ц.(2019). Следење, проверување и оценување на постигањата на учениците. Скопје: Армаганка

Doering, A., Hughes, J., & Huffman, D. (2003). Preservice teachers: Are we thinking with technology? Journal of Research on Technology in Education, 35(3), 342.

Donnelly, D., McGarr, O., O'Reilly, J. (2011). A framework for teachers' integration of ICT into their classroom practice. *Computers & Education*, 57.

Dynarski, M., Agodini, R., Heaviside, S., Novak, T., Carey, N., Campuzano, L., et al. (2007) *Effectiveness of reading and mathematics software products: Findings from the first student cohort* (U.S. Department of Education, Institute of Education Sciences).*Education and Information Technologies,* 12(2), 59-70.

E-learning Nordic 2006–Uncovering the impact of ICT on Education in the Nordic Countries http://insight.eun.org/ww/en/pub/insight/policy/policies/elearningnordic.htm

Elsaadani, M.A. (2013). Exploring the Relationship between Teaching Staff Age and Their Attitude towards Information and Communications Technologies (ICT). *International Journal of Instruction. Vol.6, No.1.*

European Commission. (2009) *Creativity in schools in Europe: a survey of teachers.* http://ipts.jrc.ec.europa.eu/publications/pub.cfm?id=2940

Eurydice. (2009) *Key data on education in Europe* (Brussels, European Commission).

Еванс, А.Н.,Руни, Б.Ј. (2013), Методи на психолошко истражување, Кочани: Европа 92.

Felix, U. ( 2001). Beyond Babel: language learning online. Melbourne: Language Learning Australia.

Felix, U. (Ed.) (2003). Language Learning Online: Towards Best Practice. Lisse: Swets & Zeitlinger.

Фондација Метаморфозис (2020), Состојбите и предизвиците за спроведување онлајн настава во основните училишта. Извештај од истражување Фондација Метаморфозис септември 2020 год.

Frisby, R. (2000a). Digitisation of audio files. AULC. http://www.aulc.org/audio/digitisation.pdf

Frisby, R. (2000b). Sound recording for language teachers. AULC. http://www.aulc.org/audio/soundrec.pdf

Fuchs, T. & Woessmann, L. (2004) *Computers and student learning: Bivariate and multivariate evidence on the availability and use of computers at home and at school* (Munich, CESifo GmbH).

Fuchs, T., & Wössmann, L. (2004). Computers and student learning: Bivariate and multivariate evidence on the availability and use of computers at home and at school. *Brussels Economic Review, 47*(3/4), 359-385.

Fullan M. G. (1995). The Limits and the Potential of Professional Development. In T. R. Guskey & M. Huberman, (Eds.) Professional development in education: New paradigms and practices. (pp. 253-267). New York: Teachers College Press.

Fullan, M. G. (1993). Change Forces: Probing the Depths of Educational Reform. London: The Falmer Press.

Gajek, E. (2016) Implications from the Use of ICT by Language Teachers – Participants of International Projects, Universal Journal of Educational Research 3(1):1-7

Гоцевски,Т. (2005). *Образовен менаџмент.* Скопје: Филозофски факултет

Goodman, A., & Gregg, P. (2010) (Eds.) *Poorer children's educational attainment: how important are attitudes and behaviour?* York: Joseph Rowntree Foundation.

Гилфорд, П.Ј. (1968), Основи на психолошка и педагошка статистика. Београд:Савремена администрација.

Grant, L. (2009) *Children's role in home-school relationships and the role of digital technologies: A literature review* (Bristol, Futurelab).

Gulbahar, Y., Guven, I. (2008). A Survey on ICT Usage and the Perceptions of Social Studies Teachers in Turkey. *Educational Technology & Society*, 11 (3). http://www.ifets.info/journals/11_3/4.pdf .

Hamel, G. & Välikangas, L. (2003). The Quest for Resilience, Harvard Business Review, September, 2–63.

Harrison, C., Comber, C., Fisher, T., Haw, K., Lewin, C., Lunzer, E., et al. (2003) *ImpaCT2: The impact of information and communication technologies on pupil learning and attainment* (Coventry, Becta).

Hattie, J. (2009). *Visible learning: A synthesis of over 800 meta-analyses relating to achievement*. London: Routledge.

Heemskerk, I., Volman, M., Admiraal, W., Ten Dam, G. (2012). Inclusiveness of ICT in secondary education: students' appreciation of ICT tools. *International Journal of Inclusive Education*. http://dx.doi.org/10.1080/13603111003674560.

Hennessy, S., Ruthven, K., Brindley, S. (2005). Teacher perspectives on integrating ICT into subject teaching: Commitment, constraints, caution and change. *J. Curriculum Studies, in press*. http://www.educ.cam.ac.uk/research/projects/istl/WP042.pdf

Hinostroza, J. E., Labbé, C., López, L., & Iost, H. (2008). Traditional and emerging IT applications for learning. In J. Voogt, & G. Knezek (Eds.), *International handbook of information technology in primary and secondary education* (pp. 81-97). New York: Springer.

Hobbs, R. (2007) *Reading the media: Media literacy in high school English* (New York, Teachers College Press).

Hockly N., Clandfield L.(2010) Teaching Online, *Technology and E-Learning,* International House Journal of Education and Development, https://ihjournal.com/tag/technology-and-e-learning

Hockley N. (2011b). Integrating Technology: Eight Questions to Ask Yourself, *Journal of Technology for ELT* https://sites.google.com/site/journaloftechnologyforelt/archive/july2011/integrating-technology

Houcine, S. (2011). The effects of ICT on learning/teaching in a foreign language. https://doi.org/10.2190%2FEC.43.3.c

Hsu, S. (2010). The Relationship between Teacher's Technology Integration Ability and Usage, *Journal of Educational Computing Research* http://conference.pixel-online.net/ICT4LL2012/common/download/Paper_pdf/235-IBT107-FP-Isisag-ICT2012.pdf.

Hsu, S. (2011). Who assigns the most ICT activities? Examining the relationship between teacher and student usage. *Computers & Education*, 56. http://www.pixel-online.org/ICT4LL2011/common/download/Paper pdf/IBL69-437-FP-Houcine-ICT4LL2011.pdf.

Hüseyin,Z.(2014). Teachers' and Students' Perceptions of Interactive Whiteboards in the English as a Foreign Language Classroom. *TOJET: The Turkish Online Journal of Educational Technology 13(3), 2014.*

I. Snyder (Ed) *Page to screen: Taking literacy into the electronic era* (New York, Routledge), 102-122.

ICC -The European Language Network. http://www.icc-europe.com *International Conference "ICT for language learning" 4th Edition.*

*International Conference "ICT for language learning" 4th Edition.*

Илиќ,С. (2020). Употреба информатичких технологија у настави – ставови и мишљења наставника и ученика.Нови Сад: Универзитет Нови Сад

Isisag, K. (2012). The positive effects of Integrating ICT in foreign language teaching. *Conference "ICT for language learning" 5th Edition.* https://conference.pixel-online.net/conferences/ICT4LL2012/common/download/Paper_pdf/235-IBT107-FP-Isisag-ICT2012.pdf

Jaber W.E. & Moore, D.M. (1999). A survey of factors which influence teachers' use of computer-based technology. International Journal of Instruc-tional Media 26(3), 253-266.

Jackson, L. A., von Eye, A., Biocca, F., Barbatsis, G., Zhao, Y., & Fitzgerald, H. E. (2006) Children's home internet use: Predictors and psychological, social and academic consequences, in: R. Kraut, M. Brynin & S. Kiesler (Eds) *Computers, phones, and the internet: Domesticating information technology* (Oxford, Oxford University Press), 145-167.

Jenkins, H. (2006) *An occasional paper on digital media and learning. Confronting the challenges of participatory culture: Media education for the 21st century* (Chicago, The John D and Catherine T Macarthur Foundation).

Jeong, M., Heecheol, J. & Jeongryeol K. (2014). Effects of Smart Reading in the Elementary English Classroom. *International Journal of Contents 10(2)*, pp. 59-66, 2014.

Jewitt, C., Hadjithoma-Garstka, C., Clark, W., Banaji, S., & Selwyn, N. (2010) *School use of learning platforms and associated technologies*. (Coventry, Becta).

Johnson-Eilola, J. (1998) Living on the surface: Learning in the age of global communication networks, in: I. Snyder (Ed) *Page to screen: Taking literacy into the electronic era* (New York, Routledge), 185-210.

Jonassen, D.H., Peck, K.L., & Wilson, B.G. (1999) Learning with technology. Upper Saddle River, NJ: Merrill Publishing.

Jones, C. & Fortescue,S. (1987) Using Computers in the Language Classroom, London:Longman

Jurich, S. (2001). ICT and the teaching of foreign languages. TechKnowLogia. http://www.techknowlogia.org/TKL_Articles/PDF/335.pdf .

Kern, R., Warschauer, M.( 2000).“Theory and Practice of Network-Based Language Teaching.” In Network-Based Language Teaching: Concepts and Practice, edited by Mark Warschauer and Richard Kern, 1–19. New York: Cambridge University Press.

Kershaw, A. (1996). People, Planning, and Process: The Acceptance of Technological Innovation in Post-Secondary Organizations. Educational Technology, September-October.

Kim, J. (2003) Challenges to NLS: Response to "What's 'new' in new literacy studies", *Current Issues in Comparative Education,* 5(2), 118-121.

Kiss,I.(2020). Specificnosti menadzmenta u obrazovanju https://epale.ec.europa.eu/sites/default/files/specificnosti_menadzmenta_u_obrazovanju_irena_kiss.pdf

Кнежевиќ, У. (2020) Информациско-комуникациска технологија у служби образовања у основној школи, Пула: Факултет информатике.

Концепт за развивање систем за образование од далечина во основните и во средните училишта во Република Северна Македонија (2020). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија https://mon.gov.mk/stored/document/Koncept%20za%20dalecinsko%20obrazovanie-design-MK-with%20logos.pdf

Концепција за деветгодишно воспитание и образование (2007). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2019/05/Koncepcija-za-devetgodisno-osnovno-vospitanie-i-obrazovanie.pdf

Концепција за основно образование (2021). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија Решение бр. 08-3980/1 https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20MK.pdf

Kohonen, V. (1992). Experiential language learning: second language learning as cooperative learner education. In D. Nunan (Ed.), Collaborative Language Learning and Teaching. Cambridge: Cambridge University Press.

Korte, B.K. & Hüsing, T. (2006). Benchmarking Access and Use of ICT in European Schools 2006: Results from Head Teacher and A Classroom Teacher. http://www.elearningpapers.eu/index.php

Kress, G. (1998) Visual and verbal models of representation on electronically mediated communication: The potentials of new forms of text, in: I. Snyder (Ed) *Page to screen: Taking literacy into electronic era* (London, Routledge), 53-79.

Kukulska-Hulme, A. & Traxler, J. (Eds.) (2005). Mobile Learning. A Handbook for educators and trainers. London: Routldege.

Kumar, S. (2007). Professor Use, Facilitation, and Evaluation of Asynchronous Online Discussions in On-campus Courses. In C. Montgomerie & J. Seale (Eds.), Proceedings of World Conference on Educational Multimedia, Hypermedia and Telecommunications 2007 (pp. 2855-2863). Chesapeake, VA: AACE.

Kumar, S., Tammelin, M. (2008). Integrating ICT into language learning and teaching. *Guide for institutions*. ODLAC, Wien:University of Linz http://2008_._Integrating_ICT_into_Language_Learning_and2008_._Integrating_ICT_into_Language_Learning_and_Teaching_-A_Guide_for_European_Institutions.Linz_Austria_Johannes_Kepler_Universitat .

LeBaron, J., & McDonough, E. (2009) *Research report for GeSCI Meta-review of ICT in education: Phase two*. http://www.gesci.org/assets/files/Research/meta-research-phase2.pdf.

Legra,R.(2016). Informacijsko komunikacijska tehnologija u nastavi engleskog jezika. Sveuciliste u Rijeci, Filozofski fakultet, *Reposotory of Rijeka* https://repository.ffri.uniri.hr/islandora/object/ffri:2131

Leis,A., A. Tohei,A.& Cooke, S. D.(2015).Smartphone Assisted Language Learning and Autonomy. *International Journal of Computer-Assisted Language Learning and Teaching 5(3)*, pp. 75-88, 2015.

Lake, W. (2013). The grammar-translation method of teaching English. Blog about ESL. http://blog.about-esl.com/grammar-translation-method-teaching-english/

Lim, C., Chai, C. (2003). An activity- theoretical approach to research of ICT integration in Singapore schools: orienting activities and learner autonomy. *Computers & Education* 43 (2004) 215-236.

Littlejohn, A. & Pegler, C. (2007). Preparing for Blended e-learning. London: Routledge.

Littlemore, J. (2002). Setting up a course in ICT for language teachers: some essential considerations. CALL-EJ Online 4, 1. http://www.tell.is.ritsumei.ac.jp/callejonline/journal/4-1/littlemore.html

Livingstone, S. (2002) *Young people and new media: Childhood and the changing media environment* (London, Sage).

Livingstone, S. (2009) *Children and the internet* (Cambridge, Polity).

Livingstone, S.(2010) Interactive, engaging but unequal: Critical conclusions from internet studies, in J. Curran & M. Gurevitch (Eds) *Mass media and society* (London, Bloomsbury), 122-142.

Livingstone, S. (2012). Critical reflections on the benefits of ICT in education, Oxford Review of Education. http://dx.doi.org/10.1080/03054985.2011.577938.

Lizardo, O. (2004). The cognitive origins of bourdieu's habitus. *Journal for the Theory of Social Behaviour, 34*, 375-401.

Lombardi, M. M. (2008) *Making the grade: The role of assessment in authentic learning* (Washington, D.C., EDUCAUSE Learning Initiative).

Loveless, A. M. (2002) *Literature review in creativity, new technologies and learning* (Bristol, Futurelab).

Lund, A. (2004). *The teacher as interface: Teachers of EFL in ICT-rich environments : Beliefs, practices, appropriation*. Oslo: UniPub.

Lynch, MacVay L. & Roecker, J. (2007). Project Managing E-learning. A hand-book for successful design, delivery and management. London: Routledge.

Lyon-Jones, S.(2011). Teaching with technology – A basic checklist, https://www.esolcourses.com/company-information/sue-lyon-jones.html

Maddux, C., Cummings, R.E., & Torres, R.E. (1999). Facilitating the integration of information technology in higher-education instruction. Educational Technology 39(3) 43-47.

Маниќ,Д. (2016). Евалуација пројектних задатака у интегрисаном учењу страног језика и садржаја. Београд: Докторска дисертација. Филолошки факултет

Marples, G. (2008). The history of projectors- the battle for brightness. *TheHistoryOf.net*. http://www.thehistoryof.net/history-of-projectors.html.

Mason, M., Law, N., Pelgrum, W. J., & Plomp, T. (2008). *Pedagogy and ICT use: In schools around the world findings from the IEA sites 2006 study*. Dordrecht: Comparative Education Research Centre.

Mathis,R.L.&Jackson, J.H.(2010) Human Resource Management . Wiley Online Library ISBN-10: 1133953107

Means, B., Toyama, Y., Murphy, R., Bakia, M., & Jones, K. (2009) *Evaluation of evidence-based practices in online learning: a meta-analysis and review of online learning studies* (Washington, DC, U.S. Department of Education, Office of Planning, Evaluation, and Policy Development).

Medvedeva,O.,Rozgienė,I.,&Strakova, Z. (2008). Integrating ICT Into Language Teaching and Learning: Guide for Tutors (Grant Agreement number: 225219-CP-1-AT-Minerva-MPP); ODLAC ISBN978-9955-568-73-5

Mompean, A. R. (2010). The development of meaningful interactions on a blog used for the learning of English as a foreign language. ReCALL, 22, pp 376-395. http://stl.recherche.univ-lille3.fr/sitespersonnels/rivens/Recall2010_Rivens.pdf.

Mueller, J., Wood, E., Willoughby, T., Ross, C., & Specht, J. (2008). Identifying discriminating variables between teachers who fully integrate computers and teachers with limited integration. *Science Direct. Computers and Education, 51*(4), 1523-1537.

Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015.(2004). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија http://fvm.ukim.edu.mk/documents/Nacionalna-programa-za-razvoj-na-obrazovanieto-vo-Republika-Makedonija-2005-2015.pdf

Национална  стратегија за развој на Е-содржини 2010 - 2015. Скопје: Министерство за информатичко општество на РСМ, јули, 2010 https://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/strategies/strategija_e-sodrzini_2.pdf

Национална стратегија за развој на информатичко општество и акционен план (2005). Скопје: Влада на Република Македонија, Комисија за информатичка технологија https://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/strategies/Strategija_i_Akcionen_Plan.pdf

Neumeier,P. (2005).  A closer look at blended learning: Parameters for designing a blended learning environment for language teaching and learning. DOI: 10.1017/S0958344005000224

Николовска, А.(2013). Училишниот менаџмент и демократското раководење во основното образование. Филозофски факултет, Скопје: Институт за педагогија.

Николоски, Т.(1988), Основи на статистиката во психологијата, Скопје: НИО „Студентски збор“.

Nixon, H. (2003) New research literacies for contemporary research into literacy and new media? *Reading Research Quarterly,* 38(3), 407-413.

Нортхеј, М.-Цевински, Џ. (2010), Пишување со смисла, прирачник за истражување и пишување за студенти, Тетово: Арберија Дизајн.

Nyboe, L., & Drotner, K. (2008) Identity, aesthetics and digital narration, in: K. Lundby (Ed) *Mediatized stories* (New York, Peter Lang), 161-176.

Њуман, Л.В.(2009), Општествено истражувачки методи, квалитативни и квантитативни пристапи, Скопје: Просветно дело.

Oblinger, D. & Oblinger, J. (2005). Educating the Net Generation. http://www.educause.edu/educatingthenetgen

Office of Educational Technology. (2004) *Toward a new golden age in American education* (Washington, D.C., U.S. Department of Education).

